Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование Кеј Димитар Влахов 4, II-Кат Стара Комерцијална Банка 1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| А | Меѓународен Униврзитет Визион |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филиповски, број 1, Гостивар, Р. Северна Македонија |
| Контакт информации | e-mail: info@vision.edu.mk, тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Ахмет Веџди Џан, ректор,<br>e-mail: acan@vision.edu.mk , тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | доц. д-р Цветанка Велкоска, cvetanka.velkoska@vision.edu.mk<br>тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2019-2024 година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Одлука бр. 0201-437/09 од 29.5.2024 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната уста

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (согласно методологијата користена во Стандардните обрасци мислам дека треба овде да се внесат податоци за единицата, не за Универзитетот во целина, но да продискутираме!!!)

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за инженерство и архитектура, Меѓународен Универзитет Визион |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филоповски бр. 1, Гостивар, Република Северна Македонија |
| Веб страница | https://vision.edu.mk/fakulteler/bilgisayar-muhendisligi<br>https://vision.edu.mk/fakulteler/insaat-muhendisligi<br>https://vision.edu.mk/fakulteler/mimarlik |
| Мисија и визија на установата | Основна мисија претставува квалитетно образование и научна дејност преку меѓународни наставни програми кои ќе допринесуваат кон создавање на образовни млади кадри кои имаат слободна и научна моќ на размислување, современи знаења и вештини, општествена одговорност и кои ги почитуваат човековите права, толерантни и лојални на меѓународните и моралните вредности, лојални на демократските и секуларните државни принципи, квалификувани и компетентни стручњаци спремни да конкурираат на национално и меѓународно ниво и да ја обликуваат иднината.<br>Визијата на установата е да стане конкурентен универзитет со светските универзитети и да биде симбол на пријателство и солидарност на локално и меѓунардоно ниво и да изведува образовни и истражувачки активности по меѓународни стандарди со научно - истражувачка и современа инфраструктура. Оваа визија ја следат сите единици во состав на установата вклучувајќи го и Факултетот за инженерство и архитектура. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна непрофитна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Решение бр. 15-98/6 од 24.10.2014 година за акредитација на проект за основање на Меѓународниот Универзитет „Визион“ Гостивар<br>Решение бр. 14-8614/4 од јуни 2015 година за почеток со работа на Меѓународниот Универзитет „Визион“ во Гостивар, единиците во негов состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии<br>Решение бр. 1409-270/6 од 23.09.2020 година за акредитација на Студиската програма компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии<br>Решение бр. 1409-272/6 од 23.09.2020 година за акредитација на Студиската програма градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии<br>Решение бр. 1409-273/6 од 23.09.2020 година за акредитација на Студиската програма архитектура од прв и втор циклус интегрирани академски студии |

| | |
|---|---|
| Број на вработени лица избрани во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 30 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во академската 2023/24 година на прв циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура се запишани:<br>Студиска програма по компјутерско инженерство 25 студенти.<br>Студиска програма по градежно инженерство 30 студенти.<br>Студиска програма по архитектура од прв и втор циклус интегрирани академски студии 29 студенти. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за инженерство и архитектура како единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион е основан во 2020 та година. Седиштето на Факултетот за инженерство и архитектура уште од самото основање е во Гостивар, каде што се наоѓа и самото седиште на Универзитетот. Потребата за основање на Факултетот за инженерство и архитектура се покажа оправдана за што показател е големиот интерес на студенти кои се запишуваа на Факултетот за инженерство и архитектура уште во првите години на основањето. Факултетот за инженерство и архитектура има три студиски програми, студиската програма компјутерско инженерство на прв циклус на студии (научно подрачје природно-математички науки, техничко-технолошки науки, научно поле информатика, компјутерска техника и информатика, научна област од полето на информатиката и др.) на која можеше да се следи настава на македонски и на турски јазик, студиската програма градежно инженерство на прв циклус на студии (научно подрачје техничко-технолошки науки, научно поле градежништво и водостопанство, научна област од полето на градежни материјали и др.) на која можеше да се следи настава на македонски и на турски јазик, студиската програма архитектура од прв и втор циклус интегрирани академски студии (научно подрачје техничко-технолошки науки, научно поле архитектура, урбанизам и планирање, научна област од архитектонско проектирање и дизајн и др.) на која можеше да се следи настава на македонски и на турски јазик. Факултетот за инженерство и архитектура проактивно се вклучи во промовирање и осовременување на наставните програми во рамки на сите студиски програми.<br>Студиските програми на факултетот имаат за цел да профилираат кадри кои во согласност со концептот на модерното академско образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, се стекнуваат со знаења и вештини за работење во компании национални, регионални и меѓународни во сферата на компјутерско инженерство, градежно инженерство, архитектура и урбанизам. Како една од најважните цели на овие студиски програми, се појавува потребата за оспособување на кандидатите во областа на компјутерското инженерство, градежно инженерство, архитектура и урбанизам, како во поглед на апликативноста, така и во поглед на нивните теоретски потенцијали и креативност. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Факултетот за инженерство и архитектура функционира како интегрирана единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион. Во рамки на додипломските студии на трите студиски програми се вклучени сите наставници и соработници на единицата. Истите наставници и соработници се вклучени и на студиската програма на Факултетот за инженерство и архитектура во втор циклус интегрирани академски студии. Во |

| | |
|---|---|
| | контекст на ова амбиција на Факултетот за инженерство и архитектура е во иднина е да го зајакне наставниот кадар со висококвалификуван кадар од државата и од странство. Институционални капацитети на Факултетот за инженерство и архитектура освен ангажирање и креирање на компетентен и квалитетен наставно-научен кадар се и кадровска подготвеност за организирање настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност“, континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставнонаучната и истражувачката дејност, современи три студиски програми на двата циклуси компатибилни со програмите на еминентни светски универзитети, обезбедување на адекватни просторно-технички и материјални услови за студентите и вработените, висок и континуиран раст на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство, функционален кариерен центар со голем потенцијал, потпишани голем број меморандуми за соработка со бизнис заедницата, јавниот сектор и меѓународни универзитети. Богата библиотека со стручна литература на Универзитетот. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори и вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Стандард 1, Стандард 3, Стандард 5 |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Главни предизвици на Факултетот за инженерство и архитектура се: потенцијални вработувања кадар од странство, акредитирање на нови студиски програми на прв циклус, акредитација на нови студиски програми во втор циклус, вложување во научно-истражувачката дејност и публикување на учебници на професори од Факултетот за инженерство и архитектура, збогатување на библиотеката со нови светски изданија од обласа на компјутерските науки, градежништвото и архитектурата како и поврзување со бизнис секторот во смисла на теренска настава, конференции, поканети предавања од стручни лица за студентите и сл.<br>Основни недостатоци на Факултетот за инженерство и архитектура се недоволниот број на млади соработници како и инфериорноста во поглед на работа на  меѓународни проекти, особено ако се работи за комплексни апликации. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

За градење на своите институционални политики за обезбедување на квалитет Меѓународниот универзитет „Визион“ се води од националниоте документи, како  Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план (Прилог 1.1.А.), сите законски и подзаконски акти во образованието, и актите донесени на Универзитетот, како и програми и стратегии за работа на Универзитетот.

Меѓународниот универзитет „Визион“ ја демонстрира својата целосна посветеност кон обезбедување на квалитет низ примената на формални и неформални механизми во своето работење. Политиката за обезбедување на квалитет претставува формален документ кој произлегува од СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ „ВИЗИОН“ ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 ГОДИНА (Прилог 1.1.Б.), која претставува континуитет на претходните Стратегии за развој на Универзитетот. Во актуелната Стратегија се содржани Визијата и Мисијата на Универзитетот и истата е насочена кон исполнување на барањата и очекувањата на заинтересираните страни, студентите, академскиот кадар, административно-техничкиот персонал, родителите, државните органи и локалната самоуправа, работодавачите, професионални здруженија, стопанските комори, бизнис заедницата и нејзините асоцијации, социјалните, просветните и други институции) и при тоа е јавно достапна и поставена на веб страната на Универзитетот. Во Стратегијата се утврдени клучните вредности на универзитетот, како и приоритетните области каде треба да бидат превземени стратегиските и оперативните активности. Стратегијата на Универзитетот е јавно достапна.

Политиката за обезбедување на квалитет на Универзитетот, Универзитетот ја создава и гради во временски континуитет и таа е јавно достапна. Вистински доказ за ова е Правилникот за обезбедување на квалитет од 2018 година, донесен на ден 25.09.2018  (Прилог 1.1.В.)  во кој за првпат нормативноправно е регулирано ова прашање. Овој Правилник во моментов е вон сила поради реформите на системот на високото образование во Република Северна Македонија кој ги предизвика новиот Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.) донесен од Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/22)  од 6.7.2022 година, кој е и основа врз база на кој е изготвен важечкиот Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен Универзитет „Визион“, усвоен на XLII –та седница  на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година (Прилог 1.1.Д.). Со овој правилник е регулирана Политиката за квалитет, која претставува декларација, но истовремено и обврска на универзитетот за нејзина реализација и актуелизација преку имплементација на активности за планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот во целокупното работење на универзитетот.

Политиката за квалитет се одразува во стратешките планови и цели и се спроведува во различни области на институционалното работење во согласност со поставените национални, европски и меѓународни стандарди за обезбедување на квалитет и упатствата за квалитет, кои треба да бидат комплементарни. Политиката за квалитет е основа за унапредување на функционирањето и развојот на Универзитетот преку јакнење на институционалниот и проактивниот капацитет преку успешно прилагодување кон потребите и барањата на целокупната општествената заедница. Политиката за квалитет придонесува за постојано подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на универзитетските дејности и во поширокото општествено опкружување, правејќи го универзитетот општествено одговорна институција (Прилог 1.1.Ѓ.).

Прилози

Прилог 1.1.А. Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план

Прилог 1.1.Б. Стратегија за развој на Меѓународен универзитет „Визион“ за периодот 2023-2026 година

Прилог 1.1.В. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2018

Прилог 1.1.Г. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација од 2022

Прилог 1.1.Д. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2023

Прилог 1.1.Ѓ. Политика за квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“

Линкови на веб страната на универзитетот:

| | |
|---|---|
| Стратегија на Универзитетот<br>Визија (https://vision.edu.mk/vizyon/tr)<br>Мисија (https://vision.edu.mk/misyon)<br>Политика за квалитет | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br><br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br><br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Меѓународниот универзитет „Визион“ првиот Правилник за самоевалуација (Прилог 1.2.А.) и Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.2.Б.) ги има донесено на ден 14.8.2015 година на седница на Универзитетски сенат.
Врз основа на член 94 став 1 алинеја 31 од Законот за високото образование (Прилог 1.2.В.), член 97 став 1 алинеја 30 од Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Г.), како и согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност од 6.7.2022 година (Прилог 1.1.Г), се донесе одлука за усвојување на Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Д.). Со Упатството за самоевалуација и обезбедување на квалитетот денесено на XLVIII –та седница на Сенатот одржана на ден. 29.5.2024 година остана во употреба и Упатство за студентска анкета на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Ѓ.). На универзитетот е донесен Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Е.).
Во рамките на Меѓународен универзитет „Визион“, на сите факултети, се применуваат различни алатки за оцена, контрола и унапредување на квалитетот на образованието:
а) Студентска анкета за наставен предмет: Универзитетот редовно спроведува студентска анкета која опфаќа оценка на квалитет на наставните предмети, наставниот кадар, работата на административниот кадар и општото ниво на задоволство на студентите во текот на нивното студирање. Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – за наставна програма, што се спроведува после завршување на секој од семестрите за сите наставни предмети, во декември и февруари за зимскиот семстар и во мај и јуни за летен семестар (Прилог 1.2.Ж.).
б) Студентска анкета на крај од образовниот процес која се однесува на квалитетот на студиската програма (ги таргетира дипломираните студенти, магистрантите и докторантите). Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес (Прилог 1.2.З.)
в) Студентска анкета по првиот колоквиум со која се идентификува задоволството на студентот од предавањата, присуствата и однесувањето на наставниот кадар (Прилог 1.2.Ѕ.). Со оваа анкета, наставниот кадар делува превентивно со тоа што може да ги согледа барањата на студентите за подобрување на наставата и предавањата во вториот дел од семестарот.
г) примена на препораките од ISO стандардите, како на пример користење на деминговиот круг (PDCA), и ризик-размислување во работењето на установата, единиците, наставниот кадар, административниот кадар и слично; и други постапки и процедури.
д) Надворешна евалуација од страна на стручно тело на начин и услови определени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.).
Пред почетокот на секоја академска година на Универзитетот се подготвува Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет во кои се дефинирани активностите, носителите на активности, учесниците, формуларите - анкетните прашалници, термините на реализација, анализа и подготовка на резултатите од спроведените активности (Прилог 1.2.И.). Годишниот календар го подготвува центарот за обезбедување на квалитет во соработка со проректорите и деканите, и се проследува на одобрување до ректорот на Универзитетот (Прилог 1.2.Ј.).

**Прилози**
Прилог 1.2.А. Правилник за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.Б. Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.В. Закон за високото образование

Прилог 1.2.Г. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Д. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ѓ. Упатство за студентска анкета на МУВ
Прилог 1.2.Е. Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ж. Анкета за студентско искуство – за наставна програма
Прилог 1.2.З. Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес
Прилог 1.2..Ѕ. Анкета за студенско искуство – по првиот колоквиум
Прилог 1.2.И. Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025
Прилог 1.2.Ј. Одлука за усвојување на Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br><br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Една од основните надлежности и одговорности на Управата на Универзитетот се да соработува со телата, органите и организациските единици на Универзитетот со цел да обезбеди планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на целокупното работење на Универзитетот; да создава предуслови за интеграција на Универзитетот во националните и интернационалните мрежи кои работат на контрола и обезбедување на квалитетот; да предлага и координира иницијативи и развојни програми со цел континуирано обезбедување и унапредување на квалитетот; да поттикнува и координира кружоци за квалитет на сите нивоа на Универзитетот; и да ја шири културата на квалитет на сите нивоа на Универзитетот.
Согласно Законот за високо образование (Прилог 1.2.В.) Факултетот формира Одбор за соработка и доверба со јавност којшто дава препорака (мислење) за студиските програми, и другите прашања од интерес на факултетот. На факултетот прв пат е донесен Правилник за формирање на одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот во 2015 година (Прилог 1.3.А.) Универзитетот упатува јавен повик за членови на Одбор за соработка и доверба на факултетите при МУВ (Прилог 1.3.Б.) Конститутивната седница на Факултетот за инженерство и архитектура (Прилог 1.3.В.). Во Одборот за соработка и доверба со јавност членуваат покрај претставниците на универзитетот и факултетот и претставници од стопанството и нестопанството од делокругот на студиските програми на факултетот. Во Прилог 1.3.Г. се дадени релевантни извештаи од состаноците на Одборот на Факултетот за инженерство и архитектура.
Како резултат на соработката и вклученоста на работодавците во одборот за соработка и доверба со јавност во последно време има иницијатива за вработување на некои од дипломираните студенти бидејќи истите кај нив биде присутни како практиканти или реализирале определен период на стажирање. Од друга страна, студентите во текот на праксата ќе можат да го применат теоретското знаење и да се стекнат со нови практични вештини на работа. Интенција на Факултетот е ваквата соработка да се интензивира и студентите уште во текот на нивното студирање да склучат договори кај познат работодавец кој би го стипендирал нивното студирање со услов за трајно вработување по завршувањето на Факултетот. Во Прилог 1.3.Д е даден листа на работодавци кои како членови на одборот за доверба склучиле договор со Универзитетот за обезбедување практика на студентите на Факултетот за инженерство и архитектура и посбена листа на работодавци кои овозможиле посета на студентите од Факултетот за инженерство и архитектура во нивните компании и друштва.
Вклученоста на студентите во развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието е на повеќе начини, преку претставникот на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на универзитетот (Прилог 1.3.Ѓ.) , преку подготовка на Извештај од Студентските анкети (Прилог 1.3.Е), преку учество на студентите во Комисијата за самевалуација на Универзитетот (Прилог 1.3.Ж) и единицата на универзитетот (Прилог 1.3.З).
Универзитетот редовно склучува договори со владини тела кои се од интерес на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Во 2024 година е склучен Договор за соработка со Бирото за развој на образованието на Македонија. Во 2022 година Универзитетот е акредитиран од ECVSN (The Eurasia Certificate Verification System Network). Меѓународниот универзитет Визион е партнер на Balkan Universities Association – BUA и Alliance of Central-Eastern European Universities – ACEU.

**Прилози**
Прилог 1.3.А. Правилник за формирање на одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот во 2015 година
Прилог 1.3.Б. Јавен повик за членови на Одбор за соработка и доверба на факултетите при МУВ

| | |
|---|---|
| Прилог 1.3.В. Конститутивната седница на Одборот за доверба и јавност на Факултетот за инженерство и архитектура<br>Прилог 1.3.Г. Релевантни извештаи од состаноците на Одборот на Факултетот за инженерство и архитектура Прилог 1.3.Д. Листа на работодавци кои соработуваат со Факултетот за инженерство и архитектура<br>Прилог 1.3.Ѓ. Записници од Сенат<br>Прилог 1.3.Е. Извештај од Студентските анкети<br>Прилог 1.3.Ж. Одлука за избор на член во Комисија за самоевалуација на Универзитетот<br>Прилог 1.3.З. Комисија за самоевалуација на Факултетот за инженерство и архитектура<br><br>Линкови на веб страната на универзитетот:<br>Потпишување на меморандум за соработка на МУВ и Бирото за развој на образованието на Македонија<br>The Eurasia Certificate Verification System Network<br>Balkan Universities Association – BUA (http://www.baunas.org/)<br>Central-Eastern European Universities - ACEU (https://aceu-edu.org/) | |
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br><br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Во рамките на Меѓународен универзитет Визион функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет - Центар за обезбедување на квалитет. Центарот за обезбедување на квалитет е внатрешна организациона единица на Универзитетот која е формирана со одлука на Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорот. Со одлука на Универзитетски сенат донесена на XLII –та седница на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година усвоен е Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот (Прилог 1.4.А.). Со овој Правилник се уредува формирањето, целите и задачите, организациската поставеност, надлежностите и одговорностите, формалните политики и процедури, просторот, опремата и финансирањето на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“.<br>Основни цели и задачи на Центарот за обезбедување на квалитет се обезбедување придонес во: развој и унапредување на квалитетот во наставата и учењето; развој и унапредување на квалитетот на наставните програми; унапредување и осовременување на студиските програми; развој на паметни средини и унапредување на дигиталните вештини; подлоги, следење и контрола на постапките за самоевалуација и надворешна евалуација; обезбедување на транспарентност и разбирање на постапките за планирање, контролирање, обезбедување и унапредување на квалитетот; инклузивност на барањата за обезбедување на квалитетот од стандардите за системите за менаџмент со квалитет, и други барања поврзани со квалитетот; развој на квалитетот на научно-истражувачката работа и промоција на отворената наука; мобилност на размената на знаењата помеѓу универзитетот и општествената заедница на домашен и меѓународен план; унапредување на односите во меѓународната соработка; и обезбедување добросостојба на сите засегнати страни на Универзитетот.<br>Во периодот пред формирање на Центарот за обезбедување на квалитет, надлежноста во однос на обезбедување на квалитет ја имаше Комисијата за настава и обезбедување на квалитет, формирана на ден 05.05.2022 година со одлука бр, 0201-489/19, како постојна Комисија на Универзитетот (Прилог 1.4.Б.).<br>Од денот на создавање на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот истиот работи во континуитет. Доказ за ова е Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет за академската 2024/25 година, за вториот семестар (Прилог 1.4.В), во Прилог 1.4.Г. е дадена Одлука за Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025 и записник од одржан состанок во Прилог 1.4.Д. | |

| | |
|---|---|
| **Прилози**<br>Прилог 1.4.А. Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“<br>Прилог 1.4.Б. Одлука за формирање на Комисија за настава и обезбедување на квалитет на Универзитетот<br>Прилог 1.4.В. Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025<br>Прилог 1.4.Г. Одлука за Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025<br>Прилог 1.4.Д. Записник од одржан состанок на Центарот за обезбедување на квалитет | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br><br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br><br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Во период од последните пет години (заклучно со академската 2023/2024 година) се спроведени три Самоевалуации на Универзитетот на интервали од најмногу три години. Извештаите за самоевалуациите се јавно достапни на веб страната на Универзитетот.<br>а) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период за 2015-2018 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2015-2018 година (Прилог 1.5.А.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 23.03.2018 година на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Б.).<br>б) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период од 2018-2020 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2018-2021 година (Прилог бр. 1.5.В.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 27.04.2021 исто така на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Г.).<br>в) Предметниов (тековен) Извештај за самоевалуација се однесува за академската 2023/2024 и тој ќе биде основа за надворешна евалуација на Универзитетот и Факултетот за инженерство и архитектура. Во Прилог 1.5.Д. е дадена одлуката за Комисија за самоевалуација на универзитетот за евалуација во академската 2023/2024 и Прилог 1.3.3. Одлука за Комисија за самоевалуација на Факултетот за инженерство и архитектура. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.5.А. Извештај за самоевалуација 2015-2018<br>Прилог 1.5.Б. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2015-2018<br>Прилог 1.5.В. Извештај за самоевалуација 2018- 2021<br>Прилог 1.5.Г. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2018-2021<br>Прилог 1.5.Д. Одлука за Комисија за самоевалуација на Универзитетот<br>Прилог 1.3.3. Комисија за самоевалуација на Факултетот за инженерство и архитектура | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| На Факултетот за инженерство и архитектура до сега нема спроведено надворешна самоеавлуација. | |
| **Прилози** | |

Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| **2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).** | **Акт во кој е регулирано прашањето;** |

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв и втор циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура во рамки на Меѓународниот универзитет „Визион“ е регулирана во внатрешните акти на Универзитетот. Внатрешните акти на Универзитетот во кои е регулирана оваа постапка се во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија и подзаконските акти за високото образование.

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми е регулирана во Статутот на Универзитетот и Правилникот за донесување на студиски програми.

Согласно член 182 од Статутот на Универзитетот, студиските програми се изработуваат според нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени во единствениот европски простор за високото образование.

Согласно член 3 од Правилникот за донесување на студиски програми Предлогот за основање на нова студиска програма на Факултетот за инженерство и архитектура се состои од: проект (елаборат за студиската програма) и предлог одлука за основање на студиската програма на Наставно-научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура. Проектот за основање на студиската програма содржи: вовед, општ дел, студиската програма и образложение за можноста за реализирање. Во воведот се наведуваат причините за предлагање на студиската програма, можните партнери (стопанство, јавен или приватен сектор и др.) надвор од високообразовниот систем (доколку се предлагаа студиска програма од прв циклус правни студии), елементи со кои се овозможува мобилност на студенти како и други елементи и потребни податоци. Во општиот дел студиската програма се изработува на начин што мора да содржи податоци за називот на предлагачот, називот на студиската програма, траењето на студиите, условите за запишување на студии, академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите и други податоци кои предлагачот ги смета за релевантни. Централниот дел е самата студиска програма. Овој дел содржи: научно подрачје и поле, обем и организација на студиската програма (семестри, вкупен број на кредити), задолжителни и изборни предмети (попис на предметите, нацрт на содржините на предметите и оптоварувањето на студентите, кредитни поени за предметот, облици на настава и начини на проверка на знаењата, литература (задолжителна и дополнителна), како и начини на следење на квалитетот и успешноста на реализација на предметот, генерички и специфични компетенции (знаења и вештини) за секој предмет, задолжителни и изборни активности, основна литература и високообразовна класификација. Образложението за реализација содржи податоци за местото на реализација, опремата и просторот, детални податоци за кадрите (наставници и соработници), финансиска конструкција на студиите и оптимален број на запишани студенти.

Согласно член 183 од Статутот на Универзитетот и член 2 од Правилникот за донесување на студиските програми, студиските програми ги предлага Наставно-научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура во соработка со Одборот за соработка и доверба со јавноста кој дава свое мислење по предлогот. По прибавено позитивно мислење од Ректорската управа, Предлогот на Наставно-научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура се доставува до Сенатот на Универзитетот со цел негово усвојување. Сенатот на Универзитетот по предлогот за донесување на новата студиска програма расправа на јавна седница.

Доколку Сенатот го усвои истиот се проследува до Одборот за акредитација на Република Северна Македонија кое е колективно тело надлежно да донесе решение за акредитација на конкретната студиска програма.

По добиена акредитација, Директорот на Агенцијата за квалитет (за прв и втор циклус) или Владата (за трет циклус) донесува решение за почеток со работа. Постапката за акредитација се спроведува редовно на пет години.

**Прилози**

Прилог 2.1.А. Статут на Универзитетот, ревидирано издание септември 2021 година

Прилог 2.1.Б. Правилник за донесување на студиски програми

Прилог 2.1.В. Одлуките на Сенатот со кои се усвоени студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура

Прилог 2.1.Г. Решенијата за акредитација на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура

Прилог 2.1.Д. Решенијата за почеток со работа на акредитираните студиски програми на Факултетот за инженерство и архитектура

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br><br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br><br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br><br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики; |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установ

На Факултетот за инженерство и архитектура во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ во моментов се акредитирани три студиски програми и тоа: две на прв циклус на студии, и една на интегрирани прв и втор циклус на студии.
Студиски програми акредитирани на прв циклус на студии се: студиската програма Компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, и студиска програма Градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии; Студиска програма акредитирана на интегрирани прв и втор циклус на студии е: Студиската програма Архитектура, петгодишни академски студии од втор циклус на студии.
Содржините на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се добро осмислени и опишани и се во согласност со нормативите, стандардите и методологијата прифатени во единствениот европски простор за високото образование. Структурите на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се изработени во согласност со студиските програми на Универзитетот во Барселона, Универзитетот Каталониа , Универзитетот во Истанбул, Универзитетот во Минхен, Универзитетот во Белград, универзитети кои доста добро се позиционирани на Шангајската листа. Студиските програми се во согласност со болоњскиот процес во Европската Унија и со европските искуства, со целосно прифаќање и имплементирање на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Структурно студиските програми се изработени на начин што во нив прецизно е утврден соодносот меѓу задолжителните и изборните (факултетски и универзитетски) предмети. Дека ова е така може да се виде во стр. 22-25 од Елаборатот на Студиската програма компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус, од стр. 21-26 од Елаборатот на Студиска програма градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии и стр. 22-27 од Елаборатот на Студиската програма архитектура, петгодишни интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии;
Сите студиски програми на Факултетот за инженерство и архитектура имаат за цел да создадат професионални кадри кои ќе знаат да ја поврзат теоријата и практиката, кои ќе имаат знаења и вештини да работат во сферата на компјутерско инженерство, градежно инженерство, архитектура и урбанизам, претпријатија и компаниите и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации и друго. На овој начин целите на предметите се усогласени со исходот на образовниот процес – создавање на млади кадри со развиени вештини за самостојно критичко и аналитичко размислување во професионалниот живот. Исходот на образовниот процес кој го испорачуваат студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура е усогласен со дескрипторите на квалификациите содржани во Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации и Законот за националната рамка на квалификации.
Утврдени исходи на образовниот процес за сите студиски програми на Факултетот за инженерство и архитектура се: способност на студентот самостојно да решава правни проблеми и случаи, етичко однесување на студентот, стекнување на професионални вештини и професионализам во работењето, колегијалност во работењето, стекнување на вештини во комуникацијата, способност за самостојно истражување, способност за применување на компјутерските вештини, способност за дизајнирање на проекти, способност за анализа и резонирање, способност за анализа и примена на релевантни градежни принципи и слично.
Студентите кои завршиле Факултет за инженерство и архитектура на Меѓународен Универзитет „Визион“ се стекнуваат со знаења и вештини кој влијаат врз нивниот личен и професионален живот. Податоци за конкретни примери, резултати и најдобри практики за студенти кои завршиле Факултетот за инженерство и архитектура, а денес се успешни правници, води Центарот за кариера на Универзитетот.

**Прилози**
Прилог 2.2.А. Елаборатот на Студиската програма Компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;
Прилог 2.2.Б. Елаборатот на Студиска програма Градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик;
Прилог 2.2.В. Елаборатот на Студиската програма Архитектура, петгодишни академски студии од интегрирани прв и втор циклус на студии;
Прилог 2.2.Г. Копија од неколку интервјуа со успешни алумни студенти на Факултетот за инженерство и архитектура, преземени од Билтените за Алумни клубот кои го уредува Раководителот на Центарот за кариера.

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Сите студиски програми на Факултетот за инженерство и архитектура во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и економиијата на Република Северна Македонија (во прв ред Извештаите на државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, Извештаите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, конкурсите за

вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и сл), современите текови во глобалната економија (во прв ред Извештаите на светскиот завод за статистика за најпопуларни и најплатени професии), политиката на државата за високото образование, како и промените кои настануваат во правото низ процесот на дигитализацијата.
Студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура опфаќаат практичните аспекти со цел студентите кои завршуваат правни студии лесно и брзо да може да конкурираат на пазарот на трудот. Исто така инженерската професија како една од најпопуларните професии во светот нуди широки можности за вработување на завршените кадри како во државниот така и во приватниот сектор.
Врз основа на член 122 од Законот за високото образование во рамки на Факултетот за инженерство и архитектура е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.
Во процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.
Одборот за соработка и доверба со јавноста во рамки на Факултетот за инженерство и архитектура дава мислење за подобноста на студиските програми согласно со развојните потреби на оптшеството и економијата.

**Прилози**
Прилог 2.3. А. Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Факултетот за инженерство и архитектура;
Прилог 2.3.Б. Записници од одржани релевантни состаноци на Одборот за соработка и доверба со јавноста;
Прилог 2.3.В. Мислењата на Одборот за соработка и доверба со јавноста за подобноста на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура.

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br><br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се изработуваат и ревидираат и во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации).
Согласно член 16 од Правилникот за менаџмент со квалитет студентите се дел од процесот на самоевалуација, преку членство во универзитетската Комисија за самоевалуација и комиситте на единиците. Дел од постапката за самоевалуација е студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми. Студентите преку студентска анкета имаат можност да ги кажат своите идеи во однос на подобрување на студиските програми.
Студентите преку свој преставник, согласно член 2 став 1 точка 5 од Правилникот за работа на Сенатот на Универзитетот учествуваат и во работата на Сенатот на Универзитетот што е особено значајно бидејќи Сенатот е орган кој ги усвојува студиските програми.
Исто така студентите преку изработка на дипломски и магистерските трудови, студиски престои во странство и учество на конференции во државата и странство дополнително помагаат за осовременување на студиските програми. Самото ова води кон создавање на ефикасна средина за учење и подршка на студентите.
Сите студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат и во соработка и со другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и слично) со цел да се избегне застарување на студиските програми и да се одговори на современите потреби на пазарот на трудот.
Еден од механизмите преку кој се прави ова е самиот факт што во Одборот за соработка и доверба со јавноста членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.

**Прилози**
Прилог. 2.4.А. Правилник за менаџмент со квалитет
Прилог. 2.4.Б. Извадок од Извештаите за самоевалуација за последните 5 години, каде е содржан податок за изјаснувањето на студентите за студиските програми;
Прилог. 2.4.В. Правилник за работа на Сенатот на Универзитетот, донесен на Седницата на Сенатот на 14.08.2015 година;
Прилог. 2.4.Г. Одлуките за избор на претставник на студентите на седниците на Сенатот (за последните 5 години);

Прилог. 2.4.Д. Наслови на одбранети магистерски трудови на Факултетот за инженерство и архитектура во последните 5 години;
Прилог. 2.4.Ѓ. Упатници со кои Факултетот за инженерство и архитектура испратил свои студенти на студиски престој во странство;
Прилог. 2.4.Е. Листа на имиња на студенти и теми со кои учествувале на конференции во странство;

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература)<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br><br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства |

Креирањето на сите студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура е во согласност со најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се изработени во согласност со позитивните искуства на соодветните студиски програми на познати европски и светски универзитети. Овој процес е видлив и низ континуираното усовршување и реформирање на студиските програми. Трансферот на знаења и користењето на искуствата од одговарачките студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовната основа и на процесот на реакредитација на студиските програми.
Во последните 5 години во студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура како надворешни/странски наставници или експерти, на покана на Универзитетот, беа вклучени повеќе предавачи-гости. Студиските програми компјутерско инженерство, градежно инженерство и архитектура се изработени во согласност со студиските програми по инженерство и архитектура на Универзитети кои високо котираат на Шангајската листа. Предметните програми (силабусите) на Студиската програма компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 39-159 од Елаборатот на Студиската програма компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии. Предметните програми (силабусите) на Студиската програма градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 39-151 од Елаборатот на Студиската програма градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии. Предметните програми (силабусите) на Студиската програма архитектура, интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 40-199 од Елаборатот на Студиската програма архитектура, интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии.

**Прилози**
Прилог. 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници и експерти кои се вклучени во студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура во последните пет години;

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br><br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми<br><br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на компјутерското инженерство, градежното инженерство, архитектурата и урбанизмот. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата е организирана во форма и соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.
Системот на студирање на првиот и вториот циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

| | |
|---|---|
| Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за прв и втор циклус на студии и овозможува студентот да остварува надворешни активности за време на студирањето. Оптовареноста на студентите од прв и втор циклус на студии е јасно распоределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари,тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење, користење на современа литература, истражувања и извештаи од релевантни институции, практични примери, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми. Во врска со ова подетални информации се содржани на стр. 39-159 од Елаборатот на Студиската програма компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 39-151 од Елаборатот на Студиската програма градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 40-199 од Елаборатот на Студиската програма архитектура, интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии.<br>Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, што е еднакво на 1800 часа годишно оптоварување.<br>Согласно член 2 од Правилникот за организирање на клиничка настава за студенти Наставно-научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура одлучува за кои предмети може да се изведува клиничка настава. Членот 4 од истиот Правилник предвидува вклучување на стручнак од практиката во клиничката настава. За стручнак од практика се смета лице кои има завршено високо образование, има најмалку 10 години работно искуство во соодветната област и да е истакнат стручњак и да има постигнувања во практичната примена на научните знаења. На овој начин студентите се стекнуваат со продлабочени практични знаења. Факултетот за инженерство и архитектура, како единица на Меѓународен универзитет „Визион", има соработка со многу приватни компании, како и институции од јавниот сектор кои се јавуваат во улога на креатори на различни политики што им обезбедува на студентите соодветен практичен аспект при решавање на конкретни прашање и нивна анализа. Во текот на студиите, посебно се охрабрува соработката на студентите со конкретни институции при изработка на дипломските и магистерските студии. | |
| **Прилози**<br>Прилог. 2.6.А Правилник за начинот за организирање на практична настава за студентите;<br>Прилог. 2.6.Б. Правилник за основите на ЕКТС;<br>Прилог. 2.6.В. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една во друга единица;<br>Прилог 2.6.Г. Правилник за клиничка настава за студентите;<br>Прилог 2.6. Д. Извештај за реализирана практична настава заедно со прилог дневници за реализирана практична настава на студентите како и податоци за надворешни активности обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии во последните 5 години за сите студиски програми на Факултетот за инженерство и архитектура. | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | |

Информациите за студиските програми на прв и втор циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ во целост се објавени и не постои диспропорционалност помеѓу информациите содржани во Елаборатот на студиските програми и информациите објавени на интернет страната на Факултетот за инженерство и архитектура. За секоја студиска програма се објавени податоци за: задолжителните и изборните предмети, податок за соодветните ЕКТС кредити, содржината на секој предмет и предметните силабуси кои се неопходни за информирање на студентите.
Јазиците на кои се реализираат студиските програми на прв и втор циклус на студити се македонски, турски и англиски јазик, согласно Статутот на универзитетот. Поради ова информациите за сите студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура се објавуваат на на веб страната на Факултетот за инженерство и архитектура на трите јазици.

**Прилози:**
Прилог. 2.7.А. Линк до интернет страната на Факултетот за инженерство и архитектура каде се наоѓаат информации за студиските програми на прв и втор циклус на студии
Прилог. 2.7.Б. Информации за прв циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура
Прилог. 2.7.В. Информации за втор циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми на прв и втор циклус на студии на Факултетот за инженерство и архитектура се следат континуирано и периодично се ревидираат. Ова се прави во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација.
Програмите на Факултетот за инженерство и архитектура на прв и втор циклус континуирано се подобруваат на начин што се анализираат потребите на пазарот на трудот и модерните текови во инженерската наука и пракса. Дека ова е така доказ се новите предмети како податочно рударство, машинско учење, операциски истражувања, одживост во градежништвото и слично. На овој начин се зема во предвид интересот на студентите и нивните префенции во изучувањето на конкретни инженерски системи. Понатаму студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура инсистираат на инкорпорација на новитетите во инженерската наука особено со развојот на техничко-технолошките системи, информатилчките системи и новините архитектонските системи и нивниот ефект врз целокупнити работење на компаниите и институциите. Во таа насока се предвидени предметите податочно рударење, криптографија, урбанизам и архитектоски конструкции како посебна дисциплина на изучување во наставните програми.
Постапката за акредитација односно реакредитација се спроведува редовно на пет години, а започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма.
За сите промени на студиските програми учесниците и засегнатите страни навремено се известуваат на веб страната каде се наоѓаат информациите за студирање.
Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми, навремено се објавуваат на веб страната на Факултетот за инженерство и архитектура и истите се јавно достапни. Материјалите по секој од предметите вклучени во наставната програма се избрани со цел да обезбедат знаења за суштинските теоретски концепти и практични решенија, а се практикува и редовно дополнување на литературата со тековни материјали и публикации, со цел студентите да се стекнат со критичко размислување и да дискутираат за актуелни теми во општеството.
Наставата на Факултетот за инженерство и архитектура редовно се спроведува согласно Правилата за студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот

содржани во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот.
Деканот на Факултетот за инженерство и архитектура секоја година изготува Извештај за спроведената настава.
Наставата се спроведува врз основа на Одлука за распределба на предмети меѓу предметните професори која се изготвува пред почетокот на секој семестар односно два пати во текот на годината.
Наставата се изведува согласно Распоред на часови кој се објавува онлајн на веб страната на факултетот пред почетокот на секој семестар.

**Прилози**

Прилог 2.8. А. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии);
Прилог 2.8.Б Извештаи за работа на декан на Факултетот за инженерство и архитектура
Прилог 2.8. В. Одлуки за распределба на предмети по семестар, за последните 5 години;
Прилог 2.8. Г. Распоред на часови, копии за последните 5 години.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Анализата и систематското следење на статистичките податоци поврзани со бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година навремено се извршуваат од страна на студентската служба и истите се соджани во годишните извештаи на Ректорот. За дел од информациите Факултетот за инженерство и архитектура законски е обврзан да доставува статистички податоци до Државниот завод за статистика.
Податоците за бројот на предмети од студиската програма се содржани во Елаборатите за односните студиските програми и истите се објавени на веб страницата на факултетот.
Просечни оценки на секој професор за својот предмет системски се следат и генерираат преку вибис системот кој Факултетот за инженерство и архитектура го користи за електронско водење на студентските досиеа.
Од спроведената анализа на Годишните извештаи на ректорот за работата на Универзитетот во последните пет години можат да се генерираат следниве информации.

**Прилози**

Прилог. 2.9.А. Годишни извештаи на ректорот за работа на Универзитетот.
Прилог. 2.9. Б. Табели за бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година и бројот на предмети од студиската програма

Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br><br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во<br><br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Структурирањето на начинот на реализација на наставните програми и оценувањето на студентите на Факултетот за инженерство и архитектура е утврдено со Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите и со Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите. Приказот на системот за изведување на настава на Факултетот за инженерство и архитектура е регулиран во чл.3 ст.1 од Правилникот според кој на почетокот на семестарот предметниот наставник е должен да ги запознае студентите со содржината на предметната програма, распоредот на предавањата и вежбите во текот на неделите наменети за наставни активности, предвидените форми на наставни активности, начините на вреднување на сите наставни активности, видот, начинот и содржината на испитот (колоквиумот), вкупниот број поени (минималниот праг и максималниот број) и нивна распределба и начинот на формирање на оценката. Студентите се мотивираат да имаат проактивно учество во процесот на учење преку воведување на незадолжителни и/или дополнителни предиспитни активности. Согласно чл. 3 ст. 3 од истиот Правилник предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на незадолжителните и/или дополнителните предиспитни активности за секој студент во студентскиот ИТ систем, меѓутоа оваа евиденција може да се води и во друга форма (електронска и/или писмена). Мотивирањето на студентот во процесот на учење е согледано со валоризирањето на неговата активност, која се вреднува при формирањето на оценката. Според чл. 4 од Правилникот предвидено е студентот преку реализацијата на задолжителните и/или дополнителните предиспитни активности во текот на неделите наменети за наставни активности и/или полагањето на испитот да може вкупно да освои најмногу 100 поени. 30 поени до вкупниот број на поени по определен предмет редовниот студентот, може да ги добие врз основа на други активности и резултати. Конкретни примери за тоа се: присуство и активност на предавањата; присуство и активност на вежби; изработка на семинарски труд; самостојна (домашна) работа; изработени или реализирани проекти/програми; освоени награди или пофалници; учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма. Особено мотивирањето на студентите се согледува преку обврската за внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето од чл. 7 од Правилникот за системот за менаџмент со квалитет која предвидува создавање и надградување на механизам за мотивација на студентите во процесот на учењето, примена на различни модели на настава со отворена можност кон флексибилни пристапи на учење, адаптација на начините на изведување на настава со посебен фокус кон интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, учење базирано на проекти, транспарентност на методите на вреднување и оценување на студентите, доследно и праведно оценување на студентите прилагодено кон целите на програмата. Мотивирањето на студентите за активно учество во наставата дополнително е поттикнато и со Правилникот за подршка на развојот на надарените и талентираните студенти. Студентите кои според дефинирани критериуми во овој Правилник се категоризираат како надарени и талентирани студенти можат да ги користат бенефициите обезбедени од Универзитетот кои се регулирани со чл 11 од Правилникот. Конкретни примери за овие бенефиции се: предвремена реализација на академски обврски, акцелирање на семестрални и студиски обврски, обезбедување комуникација и контакти со соодветни институции, организации и истакнати стручни лица, доделување на награди и признанија, обезбедување финансиска подршка, обезбедување на предност при аплицирање за меѓународна студентска мобилност во рамките на Еразмус+ и во рамки на билатерални договори со странски универзитети/факултети, обезбедување соодветни препораки при вработување и слично. Од друга страна чл. 3 од Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите детално ги опишува критериумите за оценување на присуството и активност, семинарска работа/проект и другите активности.

**Прилози**

Прилог. 3.1.А. Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите

Прилог. 3.1.Б. Правилникот за системот за менаџмент со квалитет

Прилог. 3.1.В. Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите

Прилог. 3.1.Г Елаборат на Студиската програма Компјутерско инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;

| |
|---|
| Прилог. 3.1.Д. Елаборат на Студиската програма Градежно инженерство, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;<br>Прилог. 3.1.Ѓ. Елаборат на Студиската програма Архитектура, петгодишни академски студии од интегрирани прв и втор циклус на студии; |

| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
|---|---|

На Факултетот за инженерство и архитектура може да се запишат и да студираат студенти од сите националности, лица кои завршиле средно образование во Република Северна Македонија и во странство, без било каква дискриминација. Студентите кои завршиле во странство треба да достават Решение за признавање на соодветната образовна квалификација издадено од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии). Студентите може да се запишат и да студираат како редовни или вонредни студенти согласно нивните можности и потреби.
Редовните студенти се запишуваат и студираат согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии), додека вонредните студенти се запишуваат и студираат согласно Правилникот за вонредно студирање.
Правилникот за вонредно студирање е целосно насочен кон потребите на студентите кој не можат да студираат како редовни студенти. Согласно член 12 од овој правилник се дава можност да студираат и лица кои се во работен однос во земјата и странство, лица со физичка попреченост, лица кои поради здравствени причини не се во можност да ја следат наставата, родител на дете до 5 години, лице кое се отселило во странство под одредени услови, лице кое исполнува други оправдани услови утврдени со одлука на наставно научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура.
Правилникот за еквиваленција ги признава ектс кредитите и годините кои студентите ги поминале на студии на други факултети доколку се исполнети условите со што се дава можност за поголема мобилност на студентите согласно нивните потреби.
Наставните активности за редовните студенти се реализираат со традиционална настава, но и со практична настава, клиничка настава и секој друг облик на настава кој би бил погоден за студентите.
Наставните активности на вонредните студенти се реализираат со традиционална настава, студирање на далечина и менторска настава согласно член 19 од Правилникот за вонредно студирање.
Согласно елаборатите на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура најголем дел од предметните програми користат модел на интерактивна настава што овозможува студентите да бидат активно вклучени во наставата, што позитивно влијае на формирањето на оценката. Активноста од друга страна е предусловена и од присутноста на студентите на предавањата и вежбите и дава добра основа за интеракција.
Иновативни методи во наставата се учество на гости, практичари-предавачи од земјата и странство, виртуелни предавања на професори од реномирани светски универзитети, посета на институции, правна клиника и др.
Професорите на Факултетот за инженерство и архитектура покрај редовните форми на настава предавања и вежби редовно држат и консултации со студентите. Во вршењето на предавањата и во комуникацијата на професорите со студентите се применуваат педагошки мерки, со цел да го акомодираат наставниот материјал и целите на наставниот предмет во согласност со квалитетите и потребите на студентот. Сите пристапи на учење се насочени кон потребите на студентите.
Универзитет има донесено и одлука за адаптација на просторот со цел давање на можност и на лица со попреченост редовно да може да ја следат настава, без каков и да било тип на ограничувања.

**Прилози**
Прилог. 3.2.А Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии ( постдипломски студии)
Прилог. 3.2.Б Правилник за вонредно студирање
Прилог. 3.2.В Правилник за еквиваленција
Прилог. 3.2.Г. Правилник за неповредливост на универзитетски простор и уредување на просторните услови

| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма |
|---|---|

| | |
|---|---|
| темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) на Меѓународен универзитет Визион во Гостивар се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (предавања, вежби, консултации, менторство, теренска настава и клиничка настава.) Оваа настава може да се изведува како традиционална настава согласно Правилникот.

Наставните активности за вонредните студенти можат да се изведуваат во облик на традиционална настава, настава со студирање од далечина и настава со менторирање согласно чл. 29 од Правилникот за вонредно студирање.

Наставата може да се одвива и во виртуелно окружување за учење (е-учење) Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата на факултетот - сите овие можности се целосно искористени од Меѓународен универзитет Визион и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики.

Дополнително и во Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот, јасно се наведени начините, механизмите и предметот на оценување односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.

Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се презентирани во Информаторот за студирање кој секоја година го објавува Меѓународниот универзитет "Визион", а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во наставата. Се разбира секој од овие механизми одговара на природата на студиската програма - практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви итн.

Секоја студиска програма развива посебен пристап кон наставата, најсоодветен на содржините и програмата која треба да се пренесе на студентите, вклучувајќи и посебни и иновативни пристапи кон наставата.

Најголем дел од програмите користат и иновативни пристапи во наставата кои се стимулираат и поттикнуваат од менаџментот на Факултетот - гости предавачи од практиката и другите научно-истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања и предавања, студии на случај во наставата, користење на модерна технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите во кој интерактивно се вклучуваат и студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, симулирани судења итн.

**Прилози**

Прилог. 3.3.А. Водич за студирање

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување.

Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, како и детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користат за секоја студиска програма. Професорите и наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите

наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.
Важно да се напомене дека во оваа насока за секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати - на веб страната, во Елаборатите на студиските програми, како и во Информаторот за студирање. Студентите се оценуваат со континуирано полагање (колоквиуми) или завршен испит како и со остварување на други дополнителни активности. За да го положат испитот треба да освојат минимум 51 поени од вкупно 100 поени. Системот Вибис овозможува транспарентно следење на резултатите на студентите и од страна на студентите и од страна на професорите во електронска форма.
Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, чл. 55 од Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Меѓународниот универзитет „Визион" во Гостивар, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување.
Согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите, детално е разработена структурата на оценувањето. Упатството издава насоки за спроведување на испитите и оценувањето на писмените испити во зависност од тоа дали се работи за колоквиуми, финален испит или поправен испит. Во Упатството се даваат и насоки според кој треба да се валоризираат семинарските трудови и другите активности на студентите.

**Прилози**

Прилог 3.4.А. Статут на Меѓународниот универзитет Визион
Прилог 3.4.Б. Упатство за работа на универзитетскиот менаџмент систем - Вибис

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

На Факултетот за инженерство и архитектура критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се јасно утврдени во правните акти на Универзитетот и во Елаборатите на студиските програми. Критериумите и методите на вреднување и оценување им се однапред познати на студентите и истите се јавно достапни.
Методи на вреднување на студентите се: следењето, проверувањето и оценувањето.
Предметниот наставник го следи студентот континуирано во текот на совладувањето на содржината на предметната програма. Влезните параметри преку критериуми кој предметниот наставник го следи студентот при совладувањето на содржината на студиската програма се регулирани во член 4 и член 5 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот донесен на седницата на Сенатот одржана на ден 19.12.2023 година, а истите се составен дел и на Елаборатите на студиските програми. Предметниот наставник го следи студентот преку: задолжителните форми на наставни активности (предавања, теренска настава, вежби, семинарски работи, тимска работа), другите форми на активности (проектни задачи, самостојни задачи, домашно учење) и преку начинот на оценување на знаењето на студентот предвиден во елаборатите на акредитираните студиски програми, за секоја предметна програма посебно. Следењето на студентите е возможно и во електронска форма преку Вибис системот каде соодветно се внесуваат резултатите на студентите по сите горенаведени критериуми.
Проверувањето како метод на вреднување на студентите се врши врз база на сите методи за следење на студентот. Оценувањето како метод на вреднување е остварениот успех од дадените импути (критериуми) помножен со процентуалното учество во оценката. Оценувањето на студентот е излезен параметар.
На Факултетот за инженерство и архитектура е воведен нумерички систем на оценување и нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите.
Нумеричкиот систем за оценување на редовните студенти е регулиран во член 56 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии). Истиот е во согласност и со член 18 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Конечната оценка на редовниот студент се формира преку континуирано оценување (колоквиуми) или завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка 8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.
Нумеричкиот систем за оценување на вонредните студенти е регулиран во член 48 на Правилникот за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион. Конечната оценка на вонредниот студент се формира преку завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка 8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.
Нумеричкиот систем за вреднување на работата на студентите е воведен во членовите 25-28 од Правилникот за

единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитет Визион согласно кој студиските програми се вреднуваат со ЕКТС кредити. Според овој Правилник студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма. Еден кредит (поен) одговара на 25 часа работа, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува 1500 часа (60 ЕКТС годишно x 25 часа).

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се содржани во претходно споменатите правни акти на Универзитетот и истите се објавени на веб страната на Универзитетот во делот Важни документи од каде се и јавно достапни на студентите.

**Прилози**

Прилог 3.5.А Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето е мерка за постигнатите резултати од учењето на студентот. Оценувањето се спроведува согласно целта на предметот. Оценката одговара на вистинското знаење на студентот и таа е резултат на очекуваниот исход од учењето и одговара на соодветниот број на поени кои може да ги освои студентот. Согласно членовите 11-16 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето постои разлика во бројот на поените кои преку оценување може да ги освои редовен студент кој полага преку колоквиуми, редовен студент кој полага завршен испит и вонреден студент. Имено, преку оценување редовниот студент треба да освои над 35 поени односно може да освои максимум 70 поени преку полагање на колоквиумите, како и најмалку 15 поени со реализација на други активности (присуство и активност на предавањата, присуство и активност на вежби, изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа, изработени или реализирани проекти/програми, освоени награди или пофалници, учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма). Редовните студенти кои не го положиле, односно не го полагаат испитот преку колоквиуми, т.е. го полагаат испитот само преку завршен испит, се оценуваат со поени од 0 до 70. Услов за положен испит се освоени над 35 поени од испитот и освоени најмалку 15 поени од другите наставни активности активности наведени во член 4, што значи вкупно над 50 поени. Преку оценување вонредниот студент треба да освои над 50 поени односно може да освои максимум 70 поени преку реализација на испитот, како и најмалку 10 поени со реализација на некоја од следните активности: изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа и изработени или реализирани проекти/програми.

Оценувањето е доследно и праведно за сите студенти во согласност со постојна транспарентна процедура на Универзитетот регулирана во членовите 41-57 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) пришто студентите се во можност да го демонстрираат степенот на постигнатите резултати од учењето и да добиваат повратни информации. Студентите однапред се информирани за: календарот и распоредот на испити, начинот на кој може да пријават испит, испитните рокови, изведувањето на испитот и начинот на изведување на испитот, јавноста на испитот, објавувањето на резултатите од испитот, правото на приговор на оценката и можноста за комисиско полагање. Оценките на студентите се објавуваат јавно на електронскиот систем на Универзитетот (секој студент има увид само на својата оценка). Согласно член 47 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) за континуираното како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите јавно се објавуваат преку електронскиот систем на Универзитетот најдоцна во рок од 7 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот. Студентот согласно член 49 на истиот Правилник може да поднесе приговор до предметниот наставник најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на резултатите доколку не е задоволен од резултатот на испитот или дел од испитот или од оценката или доколку смета дека испитот не е спроведен во согласност со актите на Универзитетот. Постапувајќи по приговорот на студентот предметниот наставник може да ја потврди оценката која што претходно ја утврдил или да ја преиначи. По 3 (три) неуспешни полагања на завршниот испит по определен предмет, согласно член 21 од Правилникот за можните начини

за проверка на знаењето на студентот студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до Деканот за комисиско полагање на испитот. Деканот постапувајќи по барањето на студентот може да донесе одлука за формирање на трилчлена комисија од иста или сродна наставно-научна област пред која студентот во таа испитна сесија ќе го полага испитот. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.

На вториот циклус на студии испитувањето може да се спроведува од повеќе испитувачи. На овој циклус на студии наставата ја реализира предметна комисија составена од двајца наставници, којашто учествува и во спроведување на испитите и реализацијата на другите активности од предметната програма. Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна програма предметниот наставник детално ги запознава студентите со Годишната програма за работа за содветниот предмет каде што составен дел покрај задолжителна и дополнителна литература, начинот на изведување на наставата преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет.

Оценките на студентите за сите циклуси на студии се објавуваат во електронскиот систем на Универзитетот. Оценките се видливи за студентот и предметниот професор. На страната abc.vizyon.edu.mk преку внесување на својот пасворд и лозинка предметниот професор има увид до просечнните оцени постигнати од студентите на својот предмет. Увид до просечните оценки за сите предмети во годината преку електронскиот систем има и раководителот на службата за информатичка технологија на Универзитетот. На овој начин може да ги следи просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми во секоја академска година.

Совети за учењето студентите може да добијат во терминот за консултации со предметните наставници. Времето за консултации на секој предметен професор на Правниот факултет е објавено на веб страната.

Формирањето на оценката е резултат на континуирано следење на студентот во текот на семестарот секоја негова наставна или воннаставна активност е соодветно валоризирана и рефлектирана во оценката. Како редовни наставни активности се вбројуваат подготовка на семинарски трудови, презентација на спроведени истражувања, вклучување во дебати, активност на предавања и вежби. Како воннаставни активности се вбројуваат учеството на посети (научни или културни) организирани од Универзитетот, учество во хуманитарни кампањи и демонстрирање на општествена одговорност, учество и следење на панели, конгреси и семпозиуми.

**Прилози**

Прилог 3.6.А Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми

Прилог 3.6.Б Термини за консултации со предметните наставници на Факултет за инженерство и архитектура

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Во Факултетот за инженерство и архитектура постои формална процедура на жалба и формална процедура на прием на пријави на корупција од студенти.

Согласно член 249 од Статутот на Универзитетот и согласно Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите усвоен на ден 14.8.2015 година правото на жалба на студентот му е загарантирано во дисциплинската постапка против одлуката на дисциплинската комисија. Против одлуката на дисциплинската комисија студентот има право да поднесе жалба до Наставно-научниот совет на Факултетот за инженерство и архитектура. Исто така Факултетот за инженерство и архитектура факултет има отворена политика за прием на жалби кои може да се достават во соодветни сандачиња кои јавно се поставени на видливи места на факултетот. Во насока на заштита на правата на студентите согласно член 252 од Статутот се избира и Студентскиот правобранител.

Со цел поефикасно спречување и заштита од корупција на XL –та седница на Сенатот на Универзитетот одржана на ден 17.11.2022 година беше усвоен Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен Универзитет Визион и беше донесена одлука со која проф. д-р Зоран Филиповски (редовен професор на Правниот факултет) беше назначен за овластено лице за преием на пријави на корупција во Универзитетот. Со самото ова во Универзитетот се создаде формална процедура за пријавување на корупција.

Со Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција се уредува поимот на корупција, лицата против кои може да се поднесе пријава на корупција, работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција, можните подносители на пријавите на корупција, начинот на поднесување и содржината на пријавата на корупција, постапката и одлучувањето по пријавата на корупција и евиденциите кои ги води овластеното лице.

Согласно член 12 од Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријава на корупција, пријава на корупција може да поднесе секое физичко и правно лице. Одовде не постои никаква правна пречка студент од прв, втор или трет циклус на студии да поднесе пријава на корупција.

Дополнително ова право на студентот е загарантирано и затоа што согласно член 14 став 3 пријавата на корупција студентот може да ја поднесе и анонимно. Исто така на веб страната на Универзитетот е објавена и маил адресата „korupcija@vision.edu.mk“ на која студентите може да поднесат пријави и по електронски пат.
Овластеното лице за преим на пријави на корупција согласно член 32 од Правилникот најмалку двапати во годината изготвува Извештај за својата работа во која се содржи и податок за приемите пријави на корупција. Досега овластеното лице за прием на пријави на корупција има изготвено три извештаи. Од содржината на извештаите може да се заклучи дека досега ниту еден студент не поднел пријава на корупција. И покрај фактот што ниту еден студент не поднел пријава на корупција во Универзитетот системот за пријавување на корупција е функционален и ефикасен доколку во иднина биде поднесена ваква пријава.

**Прилози**

Прилог 3.7.А Правилник за дисциплинска одговорност на студентите

Прилог 3.7.Б Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог 3.7.В Одлука за избор на овластеното лице за прием на пријави на корупција

Прилог 3.7.Д Извештај за работа на овластеното лице за прием на пријави на корупција

Стандард 4

**СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ**

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br><br>Линк до веб страна на објавата. |

Запишувањето на студии на акредитираните циклуси се врши по пат на јавен конкурс, согласно Законот за високото образование (Прилог.4.1.А.) и Статутот на Меѓународниот Универзитет ,,Визион" (Прилог.4.1.Б.)
Факултетот за инженерство и архитектура при Меѓународниот Универзитет ,,Визион" при реализација на образовната дејност утврдува ослови, критериуми, правила и постапка за запишување и стдудирање на прв и втор циклус студии согласно Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на МУВ (Прилог.4.1.В)
Условите за запишување на новите студенти на прв циклус на студии, на студиските програми по компјутерско инженерство, градежно инженрство и архитектура прв и втор циклус студии се дефинирани во конкурсот за запишување, кој се распишува секоја академска година, каде се пропишани условите и критериумите за прием на нови студенти.
Конкурсот покрај условите и критериумите за запишување содржи: број на студенти, постапка за спроведување, рокови за пријавување, полагање и запишување.
На втор циклус на студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од прв циклус.
Со Правилниците за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии донесени од страна на Сенатот на МУВ (25.09.2018) освен условите за запишување на студии се регулираат и постапките за запишување (конкурс за запишување, пријава за конкурирање, селекција на кандидати и.др.) Во Правилниците подетално се дефинирани критериуми за изведување настава, заверка на семестар, академски календар и распоред на испитите, пријава на испит и испитни рокови, објавување на резултати, дипломска работа (магистерска теза и докторска дисертациј), услови за завршување на студии како и престанок и обнова на статусот студент.
По завршување на студиите од прв и втор циклус студии, студентите на Факултетот за инженерство и архитектура добиваат документација (Уверение, диплома и додаток на диплома) која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии согласно Правилникот за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот. (Прилог.4.1.Г)
Со Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог.4.1.Д) се уредува организацијата на студиите за вонредни студенти, правото, начинот и условите за запишување и избор на вонредните студенти, како и облиците за изведување на настава на вонредните студенти на Меѓународен универзитет „Визион" Процесот за вонредно студирање го раководи, раководителот на Студентската служба на Универзитетот.

**Прилози**
Прилог.4.1.А. Закон за високо образование
Прилог.4.1.Б. Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион"
Прилог.4.1.В. Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии )
Прилог.4.1.Г. Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот
Прилог.4.1.Д. Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Примена на системот за континуирано следење и оценување на успехот на студентите е регулирано со членовите од 25 до 33 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот "Визион„(Прилог.4.2.А)
Во рамки на Факултетот за инженерство и архитектура се води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на дипломирање, магистрирање и докторирање.
Со Правилникот за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог.4.2.Б) поблиску се уредуваат условите и начините за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет „Визион" и единиците во негов состав, организацијата, процедурите, начините на утврдување на оценки, заштитата на правата на студентите, како и други прашања во врска со проверката на знаењето на студентите.
Предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на наставните активности за секој студент во студентскиот ИТ систем. Полагањето на предметите се реализира преку континуирано оценување (полагање колоквиуми) или завршно оценување (полагање испит).
Постигнувањето на студентот, изразено во освоени поени за реализацијата на предиспитните активности и полагањето на колоквиумите и/или испитите, како и процентуалната распределба на освоените поени во конечната оценка и конечната оценка за положените испити, се запишува во електронското досие на студентот во студентскиот ИТ систем.
Со Правилникот за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог.4.2. В) се регулира електронскиот систем за оценување и следење на студентите претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти.
Наставниот кадар води писмена (лист за присуство) и електронска евиденција (Прилог. 4.2.Г) за присуствата на студентите на предавања и вежби согласно распоредот на часовите за наставниот кадар. На платформата Теамс, факултетот има поставено апликација - Извештај за присуство на студентите за сите студиски програми, по наставни предмети, кои се пополнуваат после секој одржан час на предметниот наставник. На тој начин имаме транспарентна следливост на присуствата на студентите во реално време. Наставниот кадар го следи напредокот на студентот, тековно и преку изработката на семинарски, проектни и други задачи, како и преку ангажираноста на студентите во термините за консултација кои се јавно објавени и транспарентни за студентите.
Факултетот за инженерство и архитектура го користи универзитетскиот електронски систем VIBIS (универзитетски менеџмент систем) кој овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање. Користење на системот Vibis (on-line), преку кој наставниот кадар има можност да го следи напредокот на студентиот со резултатите од првиот колоквиум, вториот колквиум, испитите, семинарските и другите активности (Прилог. 4.2. Д). Системот е апликативени за статистички податоци, како среда оценка и слично.
Факултетот делува проактивно на тој начин што врши анкета (Прилог 4.2.Ѓ) на студентите после завршување на првиот колоквиум со цел да го евалуира квалитетот на реализација на наставната програма на наставниот кадар. Информациите од анкетата на студентите се користат во плановите за подобрување на наставниот процес за секој наставен предмет на Факултетот.

**Прилози**

Прилог. 4.2.А. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен универзитетот визион во Гостивар
Прилог. 4.2.Б. Правилник за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет "Визион„
Прилог. 4.2.В. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион
Прилог. 4.2. Г. Месечен извештај за присуство на студентите на предавања и вежби
Прилог. 4.2. Д. Прирачник за работа со Универзитетскиот Менаџмент Систем – ВИБИС
Прилог. 4.2. Ѓ. Анкета за студентско искуство

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Со членовите 20 и 21 од Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на Меѓународен Универзитетот "Визион" (Прилог. 4.1.В) опфатено услови за студент гостин и студент на мобилност. Додека премин од едни на други студии или премин од високообразовни студии е регулирано со членовите од 72 до 78 од истиот правилник. Согласно член 80 од горенаведениот правилник студентот може да студира на две студиски програми од прв циклус студии истовремено (паралелно студирање), на една или повеќе високообразовни установи, доколку е предвидено со студиската програма и доколку не влијае на исполнувањето на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.
Информациите за премин од едни на други студии и премин на друга единица пошироко е регулирано со членовите 16, 37, 38 и 39 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот "Визион" (Прилог. 4.2.В).
Информации за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие кое го води службата за студентски прашање. Досие посебно се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности.
Постапката за еквиваленциција на предмети при трансфер на студенти од други институции при Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар се регулира со Правилник за еквиваленциција на предмети на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 4.3.А). Во согласност на наведените прописи трансферот за мобилност е базиран на Болоњскиот процес и ЕКТС .Согласно член 3 од овој правилник, процесот за мобилност се координира од страна на шефот за студентски прашања во соработка со соодветниот деканат.
Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите кој се води во кординација со координаторот за ЕРАЗМУС. Општи услови за пријава на Еразмус програмата, потребни документи за пријава за Еразмус+ Мобилности и услови за аплицирање за мобилност за студирање, грантови и квоти е опфатено на Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање (Прилог. 4.3.Б)
Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 4.3.В) опфаќа остварување соработка со: универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност, размена на научни и стручни публикации, научни информации, учество на научни средби, симпозиуми, конференции, организирање на заеднички и меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование, организирање зимски/летни универзитети, мобилност на студенти и на наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации и слично како и изведување на други високообразовни и научни активности.
Со Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 4.3.Г) се утврдуваат рамките, принципите, условите, организацијата и методите на спроведување на активностите за неформално образование, како и опсегот на правата, обврските и одговорностите на учесниците, организаторите и институциите кои ги спроведуваат активностите, обезбедувајќи квалитет и транспарентност во процесот на едукација.

**Прилози**
Прилог. 4.1.В. Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии).
Прилог. 4.2.В. Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот „Визион".
Прилог. 4.3.А. Правилник за еквиваленциција на предмети на Меѓународен Универзитет „Визион„.
Прилог. 4.3.Б. Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање
Прилог. 4.3.В. Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион
Прилог. 4.3.Г. Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Согласно член 155 од Законот за високо образование (Прилог 4.1.А) е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома.
Со Статутот на Меѓународен Универзитет Визион, студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него Универзитетот му издава диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е

додаток на дипломата (Diploma Supplement). Дипломата и додатокот на диплома на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот односно директорот на единицата на Универзитетот и се оверува со сув печат на Универзитетот.

Со Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот (Прилог.4.1.Г) подетално е уредено неопходните информации за завршените студии.
Студентите на Меѓународниот Универзитет Визион - Гостивар по завршувањето на студиите добиваат документација (уверение, диплома,додаток на диплом) за прв, втор и трет циклус во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.
Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите на студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура (Прилог.4.4.А, Прилог.4.4.Б.).

**Прилози**

Прилог 4.1.А. Законот за високо образование
Прилог 4.1.Г. Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот.
Прилог.4.4.А. Елаборат на студиска програма Факултетот за инженерство и архитектура, прв циклус на студии
Прилог.4.4.Б. Елаборат на студиската програма Факултетот за инженерство и архитектура, прв и втор циклус на интегрирани студии

Стандард 5

## СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Факултетот за инженерство и архитектура (ФИиА) води Листа на биографии во Europass формат на ангажираниот наставен кадар за сите студиски програми на сите циклуси на студирање. Биографиите содржат информации за последните пет години, профилот на наставникот, завршени циклуси на студии, стекнати звања, научно-истражувачка работа и резултати (Прилог 5.1.А.) Овие документи се достапни за проверка, подлежат на редовно шестмесечно и годишно ажурирање и даваат детален преглед на компетентноста и квалификациите на наставниот кадар. Во делот на резултатите особено се забележува прогрес во развојот на научно-истражувачката работа, за што сведочи трендот на зголемен број на научно-истражувачки трудови презентирани во Биографиите, учеството на конференции, симпозиуми, конгреси, како и разни видови на проекти (вклучително и Еразмус). Биографиите на наставниот кадар се објавени и јавно достапни на веб страната на факултетот.

Потврдувањето на квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на наставната програма, соодветноста на профилот и концептот на академските студии се потврдува со Одлуки во звања на наставниот кадар (Прилог 5.1.Б), кои се донесуваат во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.1.В.), што потврдува дека изборот е спроведен согласно законските и академските стандарди. Квалификациите на наставниот кадар се потврдуваат и со акредитациите на соодветните факултети, како и со распределбата на наставните предмети во склоп на студиската програма.

Прегледот на наставни предмети кои наставниот кадар ги предава во академските учебни години на сите циклуси на студии се презентирани во Годишните извештаи од Деканот на факултетот за изминатите пет години. Во Прилог 5.1. Г. е претставен збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии на факултетот. Овој преглед е подреден по азбучен ред на презимето на вработеното или ангажираното лице и вклучува податоци за предметите кои се предавале. На овој начин се обезбедува транспарентност и увид во работните задачи и обврски како и квалификациите и профилот на наставниот кадар.

Може да се направи еден пресек по однос на динамиката во делот на наставниот кадар, односно број на наставници, редовни вонредни и доценти на ФИиА (Прилог 5.1.Д.)

Со обезбедувањето на горенаведените документи, високобразовната установа демонстрира дека го исполнува критериумот за компетентност на наставниот кадар, што е критичен фактор и од суштинско значење за квалитетот на студиските програми.

**Прилози**

Прилог 5.1.А. Листа на биографии на наставен кадар на ФИиА

Прилог 5.1.Б. Листа на Одлуки за избор во звања на ФИиА

Прилог 5.1.В. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.1.Г. Збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии на ФИиА

Прилог 5.1.Д. Пресек на број на наставен кадар за последните пет години

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Универзитетот односно факултетот го следи објавувањето на научно-истражувачките трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации групирани по категории предвидени во член 2, точка 24 (А-Ѓ) од Законот за високо образование (Прилог 1.2.В.). Во Прилог 5.2.А. е даден преглед на објавени трудови на наставниот кадар групирани како:

- Научни списанија со рецензирани трудови индексирани во бази како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или други утврдени од Националниот совет за високо образование.
- Научни списанија со рецензирани трудови и меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји.
- Научни списанија со рецензирани трудови објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Книги или делови од книги рецензирани и објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири со програмски или научен комитет составен од членови од најмалку три земји.
- Преводи на капитални дела во области утврдени од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Овој документ ги групира трудовите и е подреден по азбучен ред на презимето на наставниот кадар. Објавените трудови на наставниот кадар прикажани во прилогот потврдуваат дека наставниот кадар генерира релевантни трудови кои придонесуваат за развојот на компетентноста на наставникот и придонесуваат за развој на науката со тоа што трудовите се рецензирани, се однесуваат на научно-истражувачката област на наставниот кадар и се публикувани во референтни научни публикации.
Секој труд е придружен со линк до оригиналната публикација, што овозможува лесна верификација и проверка на трудовите (Прилог 5.2.Б.) Од следење на линковите до научно-истражувачките трудови на наставниот кадар може да се стекнат корисни сознанија за тоа во кои научни списанија се публикуваат научно-истражувачките трудови, каде тие списанија се индексирани, кој е импакт факторот и други карактеристики. Низ времето бројот на публикации и во квалитативна и во квантитативна насока бележи позитивен тренд, со што се засилува научно истражувачкиот капацитет на целата институција.
Со обезбедувањето на овие прегледи, факултетот демонстрира дека објавените трудови на наставниот кадар се релевантни и значајно придонесуваат кон развојот на квалитетни студии и научната област. Ова ја потврдува високата академска и истражувачка компетентност на наставниот кадар и нивниот придонес во научната заедница.

**Прилози**

Прилог 1.2.В. Закон за високото образование 2018
Прилог 5.2.А. Преглед на објавени трудови на наставниот кадар на ФИиА согласно законот, за последните пет години
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации на ФИиА со линк до публикацијата

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Факултетот се грижи за балансирано оптоварување на наставниот кадар во делот на наставата. Наставниот кадар е ангажиран согласно законските одредби, а бројот на часови на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. Сето ова е во согласност со член 161 ст.9 и ст.10 од Законот за високото образование. Примена

на балансирана оптовареност на наставниот кадар се однесува и во делот на менторствата, што е регулирано исто така во пропишаните насоки од ЗВО, чл. 135 за менторства на втор циклус на студии и чл.134 за менторства на трет циклус на студии (Прилог 1.2.В.).
Во Прилог 5.3.А. е даден збирен преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии по студиска програма. Од тука може да се стекнат сознанија за индивидуалните реализирани активности на факултетот. Вкупниот фонд часови по одделни предметни програми соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со завршување на одделната студиска програма. Исто така, предвидениот фонд часови за студентска практика целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил. Овој преглед е подреден по азбучен ред на презимето на вработеното или ангажираното лице и ги вклучува сите циклуси на студии.
Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии се донесуваат на Наставно-научниот совет на факултетот. Овие одлуки се документирани и архивирани, потврдувајќи дека распоредот на работи и работни задачи е спроведен согласно законските и академските стандарди (Прилог 5.3.Б -Прилог 5.3.И.), и истите се интегрален дел на Извештаите за работа на Деканот (Прилог 5.3.Ј. - Прилог 5.3.М.).
Во Прилог 5.3.Н. е даден Извештај за спроведена настава за сите циклуси на студии по студиски програми на ФИиА.
Согласно Законот за високото образование, факултетот има обезбедено најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време (Прилог 5.3.Њ.) Овој доказ го потврдува кадровскиот капацитет на факултетот.
Врз основа на член 94 став 1 алинеја 28 од Законот за високото образование, како и на член 97 став 1 алинеја 27 од Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар, Универзитетскиот сенат на XLVII-та седница одржана на ден 23.4.2024 година, го усвои Правилникот за утврдување на работните обврски на вработените и за утврдување на принципите за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.3.О.).

**Прилози**

Прилог 1.2.В. Закон за високото образование 2018
Прилог 5.3.А. Збирен преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии по студиска програма на ФИиА
Прилог 5.3.Б. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2023/2024 на ФИиА за зимски семестар
Прилог 5.3.В. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2023/2024 на ФИиА за летен семестар
Прилог 5.3.Г. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2022/2023 на ФИиА за зимски семестар
Прилог 5.3.Д. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2022/2023 на ФИиА за летен семстар
Прилог 5.3.Ѓ. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2021/2022 на ФИиА за зимски семестар
Прилог 5.3.Е. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2021/2022 на ФИиА за летен семестар
Прилог 5.3.Ж. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2020/2021 на ФИиА за зимски семестар
Прилог 5.3.З. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2020/2021 на ФИиА за летен семестар
Прилог 5.3.S. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2019/2020 на ФИиА за зимски семестар
Прилог 5.3.И. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2019/2020 на ФИиА за летен семестар
Прилог 5.3.Ј. Извештај за работа на декан на ФИиА за 2023/2024
Прилог 5.3.К. Извештај за работа на декан на ФИиА за 2022/2023
Прилог 5.3.Л. Извештај за работа на декан на ФИиА за 2021/2022
Прилог 5.3.Љ. Извештај за работа на декан на ФИиА за 2020/2021
Прилог 5.3.М. Извештај за работа на декан на ФИиА за 202192020
Прилог 5.3.Н. Извештај за спроведена настава за сите циклуси на студии по студиски програми на ФИиА.
Прилог 5.3.Њ. Доказ за 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на ФИиА
Прилог 5.3.О. Правилник за утврдување на работните обврски на вработените и за утврдување на принципите за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност на Меѓународен универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

| | |
|---|---|
| утврдените критериуми. | |

Високообразовната установа има воспоставено јасни и транспарентни процеси на вработување согласно законските процедури кои се базираат на академските квалификации и заслуги на кандидатите. Процесот нуди еднакви можности за сите кандидати, обезбедувајќи праведен и непристрасен избор.

На Универзитетот е донесен Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.4.А.) во кој се регулирани правата и обврските на вработените согласно систематизацијата на работните места во Универзитетот. Систематизацијата на работни места има за цел да обезбеди ефикасност, функционалност и транспарентност во работата на Универзитетот.

Универзитетот врз основа на новиот Закон за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр.82/18), применува Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.1.В.) за да обезбеди законска постапка и критериуми врз основа на кои се врши изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Овој правилник гарантира дека процесот е јасен и транспарентен. Во Прилог 5.4.Б. е даден преглед на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години. Овој преглед ја потврдува транспарентноста и праведноста на процесот на избор.

За да се обезбеди јавност и транспарентност на процесот на избор во звање и вработување, факултетот ги објавува Рецензиите за избор на наставниот кадар во Билтенот на Универзитетот. Во делот на прилози се испистани линковите до Билтените во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. Ова овозможува јавен увид во рецензиите и процесот на избор (Прилог 5.4.В.).

**Прилози**

Прилог 5.1.В. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.4.А. Правилник за систематизација на работни места на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.4.Б Преглед на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања за последните пет години на ФИиА

Прилог 5.4.В Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор во наставен кадар за последните пет години на ФИиА

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Високообразовната установа има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар, осигурувајќи дека кадарот располага со сите неопходни ресурси за ефективно изведување на наставната, научната и апликативната работа. Во таа насока Установата има донесено Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.5.А.) со кој се уредуваат просторните услови за работа и просторните услови за следење на настава на Меѓународен универзитет „Визион“. Универзитетот обезбедува простории кои со својот капацитет, големина и опрема (утврдена со студиските програми), одговараат на специфичностите на студиските програми што се спроведуваат во установата, како и на потребите на студентите. Тоа вклучува: афитеатри и предавални, лаборатории, библиотека и читална, кабинети за вработениот наставниот кадар, канцеларии и простории за ненаставен кадар; простории за работа на органите и телата на Универзитетот, простории за работа на студентско собрание, и други заеднички и повеќенаменски простории како што се: сали за состаноци, хигиенски и санитарни јазли, простории за прием на посетители, ходници, магацини, остава, архиви, лифтови, скали и друго.Овој акт ги опфаќа сите аспекти на работните услови, вклучувајќи ги потребите за информатичка опрема, просторни услови и пристап до релевантни ресурси. Универзитетот ги задоволува нормативите за потребен нето простор по редовен студент и тоа: 5,5 m2 за студиските програми од подрачјето на природно-математичките науки и хуманистичките науки.

Пописот на функционалната информатичка, лабараториска и друг вид на опрема на ниво на Универзитет и на ниво на единици го вршат надлежните служби на Универзитетот. За извршениот попис на функционалната информатичка, лабараториска и друг вид на опрема на Универзитетот службите на Универзитетот на годишно ниво изготвуваат одлука (Прилог 5.5.Б.). Овој попис ги опфаќа сите видови опрема кои се во употреба и се од суштинско значење за изведување на наставата и истражувањата.

Поради рапидниот и многу брз развој на информатичката технологија, и унапредените техничко-технолошки решенија, Универзитетот секоја година во континуитет вложува во нови унапредени технологии за наставата и за истражувањата. Во Прилог 5.5.В. е даден попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема која е обезбедена во последните пет години. Овој попис вклучува информации за вредноста на опремата и изворот на финансирање, демонстрирајќи дека установата континуирано вложува во подобрување и модернизација на опремата со која наставниот кадар работи во изведувањето на своите работи и работни задачи работните услови.

Наставниот кадар при спроведување на својата научно-истражувачка работа има пристап до глобалните бази на податоци, како што се Scopus, Web of Science, Research gate и други кои се од суштинско значење за развојот и напредокот на научно-истражувачката и наставната работа на наставниот кадар. Во Прилог 5.5.Г. е даден преглед на релевантни електронски бази од областа или студиската програма до кои установата има пристап.

Во библиотеката на Универзитетот се обезбедени доволно наслови согласно нормативите на министерството од предложената задолжителна (10%) и дополнителна (5%) литература. Универзитетот има донесено Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.5. Д). Со овој Правилник се утврдуваат основањето, раководењето, структурата, библиотечната дејност, библиотечниот фонд, просторот, опремата и финансирањето на работата на универзитетската библиотека на универзитетот. Универзитетската библиотека е составена од три оддели: оддел за прием и техничка обработка на книжен материјал; оддел за комплетирање на книжен фонд; оддел за позајмување на библиотечен материјал. Според обемот на книжниот фонд, Библиотеката располага со преку 5000 наслови на монографски публикации, наслови на периодични публикации и друго. Во овој број спаѓаат и посебните збирки на магистерски трудови, како и речници и прирачници, материјали од научни собири и конференции, стандарди и сл.

Просторните услови за реализација на студиските/наставните програми се во согласност со акредитацијата на студиските програми, и ги опфаќаат предавалните, лабораториите, библиотеките и другите простории кои се користат за наставата и истражувањата. На Факултетот има на располагање предавални, лабораториии, и други помошни простории, кои во цепост одговараат за да се обезбеди квалитетна настава и истражувања. Во Прилог 5.5.Ѓ. дадени се сликовити прикази на просторните услови на факултетот.

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен универзитет Визион

Прилог 5.5.Б. Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема на Факултетот за инженерство и архитектура

Прилог 5.5.В. Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема која е обезбедена во последните пет години на ФИиА

Прилог 5.5.Г. Преглед на релевантни електронски бази до кои установата има пристап

Прилог 5.5.Д. Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.5.Ѓ. Сликовити прикази на просторните услови на ФИиА

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Високообразовната установа нуди значителни можности за професионален развој на наставниот кадар, мотивирајќи ги постојано и организирајќи обуки и тренинзи за развој на проактивни и иновативни методи за настава, како и за унапредување на педагошките и техничките вештини. Установата има акт кој го регулира професионалниот развој на наставниот кадар, вклучувајќи ги условите и процедурите за обуки и тренинзи, одсносно има донесено Правилник за стручно усовршување на вработените на МУВ (Прилог 5.6.А.). Во Прилог 5.6.Б. е дадена листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар во последните пет години кои биле финансирани од установата, за развој на проактивни и иновативни методи за настава. Ова вклучува листа на учесници и програма на обуките. Додека во Прилог 5.6.В. е дадена листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар во последните пет години, но финансирани од други установи, институции или организации. Исто така и оваа листа вклучува листа на учесници и програма на обуките. Обуките и тренинзите произлегуваат од политиките на Универзитетот, Стратегијата за развој на Универзитетот, и плановите за работа на факултетот. Исто така може да произлезат и од барањата на наставниот кадар, и се претходно одборени од деканот на факултетот, бидејќи тие треба да бидат во насока да допринесат за унапредување на професионалниот развој на наставниот кадар, односно да имаат додадена вредност. После секоја обука на наставниот кадар, на наставно-научен совет на факултетот се разгледуваат научените лекции и се евалуира квалитетот на обуката (Прилог 5.6.Г.).

Конкретни примери и резултати од најдобри практики за мотивирање на наставниот кадар во последните пет години се презентирани во Прилог 5.6.Д. Овие примери ги демонстрираат успешните стратегии за мотивација на кадарот во развојот на иновативни методи за настава, педагошки вештини и технички вештини.

Факултетот редовно ги следи и ги унапаредува техничките вештини на наставниот кадар, особено поради фактот што за студиските програми: компјутерско инженерство, градежно инженерство и архитектура наставниоот кадар работи со наменска информатичка технологија (информатички пакети и програми за работа). Техничките вештини се специјализирано знаење и експертиза која се бара за да може да се изведуваат специфични задачи и да се користат специфични алатки и програми во реални ситуации.Техничките вештини кои треба да ги стекне наставниот кадар може да бидат: општи технички вештини (технички вештини за целокупниот наставен кадар); и посебни технички вештини (технички вештини специфични за одредени студиски програми. Во Прилог 5.6.Ѓ. се презентирани техничките вештини на наставниот кадар по студиски програми. Техничките вештини на наставниот кадар се регулирани со член 12 во Правилникот за стручно усовршување на вработените на МУВ (Прилог 5.6.А.).

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Правилник за стручно усовршување на вработените на МУВ

Прилог 5.6.Б. Листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар на ФИиА кои биле финансирани од установата

Прилог 5.6.В. Листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар на ФиА, финансирани од други установи

Прилог 5.6.Г. Записник од Наставно-научен совет на ФИиА

Прилог 5.6.Д. Конкретни примери и резултати од најдобри практики за мотивирање на наставниот кадар во последните пет години на ФИиА
Прилог 5.6.Ѓ. Техничките вештини на наставниот кадар по студиски програми на ФИиА

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Универзитетот има долгогодишна практика на ангажирање на афирмирани наставници, научници, уметници и стручњаци од практиката како дел од реализацијата на својата студиска програма. Во согласност со Правилникот за условите и начинот на ангажирање на визитинг професор на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар (Прилог 5.7.А.) и Правилникот за ангажирање на афирмирани научници и стручњаци од практиката во наставата на МУВ (Прилог 5.7.Б.) во последните пет години, оваа практика доби на интензитет и е подобрена со цел да се обезбеди релевантност и додадена вредност за студентите и наставниот процес.
Универзитетот има потпишано договори за соработка со други Универзитети, владини и невладини тела како и други организации, со кои на редовна основа соработува за ангажман на стручни и академски лица кои ќе дадат особен придонес во подигнување на квалитетот на студиската програма.
Визитинг наставниците и стручњаците се избираат според нивниот профил и релевантноста за студиските програми на факултетот. Ова обезбедува разнообразност во учењето и наставата, како и важни контакти и врски со релевантни стручњаци од националната и меѓународната научна заедница, уметноста и индустријата.
Предавањата на наставниците и стручњаците од практиката се евалуирани и одобрени од деканот на факултетот со што се потврдува дека се релевантни за студиската програма и може да се изведуваат на трите јазика на предавање на универзитетот-македонски, турски и англиски.
Во Прилог 5.7.В. е дадена листа на визитинг афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на студиските програми на ФИиА. Биографиите на сите ангажирани визитинг наставници и стручњаци изработени во Europass формат со вклучени податоци за образованието, работното искуство, специјализациите и важните постигнувања на секој од ангажираните лица се дадени во Прилог 5.7.Г.
Од присуството на визитинг посетите се води Листа на евиденција на присутност на наставниците и студентите. На крајот од образовниот процес, во процесот на самоевалуација, студентите со анкета го евалуираат факултетот дали доволно се грижи за ангажирање на визитинг професори и стручњаци од практиката за предавање на факултетот (Прилог 1.2.3.).
Оваа практика не само што ги обогатува студиските програми, туку ја зголемува конкурентноста и меѓународната видливост на факултетот, додека истовремено ги подобрува и развива квалитетните студентски и наставнички капацитети.

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Правилник за условите и начинот на ангажирање на визитинг професор на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар
Прилог 5.7.Б. Правилникот за ангажирање на афирмирани научници и стручњаци од практиката во наставата на МУВ
Прилог 5.7.В. Листа на визитинг афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство, во рамките на студиската програма за последните пет години на ФИиА
Прилог 5.7.Г. Биографии на сите ангажирани визитинг наставници и стручњаци на ФИиА
Прилог 1.2.3. Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Универзитетот односно факултетот поттикнува научна работа со цел да ја зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот функционира добро и е ефикасен. Проектите и активностите како што се научни проекти, конференции и програми за стипендии се добри практики што го засилуваат врската меѓу наставата и науката. Со ова, универзитетот не само што ги поттикнува студентите да се вклучат во научни истражувања, туку и создава платформа за размена на знаење и идеи помеѓу студентите и наставниците. Ова допринесува за зголемување на

квалитетот на наставата и развојот на научниот капацитет на универзитетот.
Во насока на унапредување на истражувачките капацитети на наставно-научниот кадар во овој извештајниот период покрај редовното објавување на научно истражувачки трудови од страна на наставниот кадар често се прават соработки со студентите посебно на прв и втор циклус студии. Установата се стреми да им овозможи на своите вработени и студенти активно да се вклучат во меѓународни активности преку обезбедувањето на мобилност за наставен кадар и студенти преку Erasmus + договорите.
1. Конкретни примери и резултати:

- Пример 1: Во последните пет години, универзитетот има реализирано повеќе меѓународни и национални научни проекти, каде студентите и наставниците работеле заедно во интердисциплинарни тимови. Проектите вклучуваат истражување во области како што се машинско учење, биомедицинско инженерство и архитектура, каде студентите се вклучени во активен истражувачки процес.
    - Резултат 1: Објавени се научни статии во престижни меѓународни научни списанија, каде студентите се автори или коавтори, како и во универзитетското списание Визион.

2. Најдобри практики:

- Практика 1: Центарот за научно истражувачка работа ги спојува наставниците и студентите од различни дисциплини согласно правилникот за научно – истражувачка работа.
    - Резултат 1: Повеќе од научно-истражувачки проекти се спроведени во рамките на центрите, со активно учество на студентите.
- Практика 2: Воведување на програми за стипендии за најдобрите студенти кои се вклучуваат во научни проекти.
    - Резултат 2: Во последните три години, студенти добиле стипендии за научни истражувања, што значително ги мотивирале да продолжат со научната кариера.
- Практика 3: Научно-истражувачките трудови на наставниците и воопшто најновите научно-иостражувачки трудови во областа на предметната програма се презентираат пред студентите и се вклучуваат во соодветена форма во текот на наставниот процес. На овој начин се развива ангажираноста на студентите да проникнат и во најновите истражувања по соодветниот наставен предмет.

Во Прилог 5.8.А. се дадени некои конкретни примери и резултати, и најдобри практики на ФИиА.
На установата се применува Правилникот за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти на МУВ (Прилог 5.8.Б.), како и Правилникот за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми домашни и/или странски институции на МУВ (Прилог 5.8.В.) што директно ја засилува врската помеѓу наставниот кадар и студентите и придонесува системот за поврзување на наставата и науката да биде функционален и ефикасен.

**Прилози**

Прилог 5.8.А. Конкретни примери и резултати, и најдобри практики на ФИиА
Прилог 5.8.Б. Правилник за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти на МУВ
Прилог 5.8.В. Правилник за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми домашни и/или странски институции на МУВ

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Високообразовната установа односно факултетот го поттикнува воведувањето на иновации во наставните методи и користењето на нови технологии. На ниво на универзитет работи Комисија за информатички и комуникациски технологии (Прилог 5.9.А.) со цел овозможување на ефикасно воведување на електронските комуникациски и информатички технологии, со што се придонесува за развој и унапредување на искуствата, знаењата и вештините во областа на информациските и комуникациските технологии. Во рамките на наставниот процес посебно после пандемијата со цел да се унапреди наставниот процес, како и комуникацијата со студентите во 2020 почна да се користи Microsoft Teams.
1. Конкретни примери и резултати:

- Пример 1: Користење на онлајн образовни платформи:
    - Универзитетот ги воведе курсевите на онлајн образовна платформа за да допринесе кон поширок пристап до образование и да го зголеми флексибилниот пристап за студентите. Студентите имаат можност да ги слушаат лекциите онлајн, да учествуваат во дискусии и да ги извршуваат задачите преку интернет. На платформата Microsoft Teams за секој наставен предмет има посебни групи

OneNote, и Notebook, во кои се одвива целокупната интерперсонална комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите.

- Резултат 1: Бројот на студенти кои користат онлајн образовната платформа се зголеми за 40% во првата година од воведувањето.

2. Други релевантни факти:

- Технолошки иновации во училниците: Универзитетот го модернизираше училишниот семинар со нови технологии како што се паметни табли, проектори и лаптопи за сите студенти.
- Иновативни методи за оценување: Воведување на онлајн тестови и задачи за да се зголеми автоматизацијата на процесот на оценување.

Примерите покажуваат како различни технологии и иновативни методи се воведуваат во учењето и како тоа придонесува за подобрување на учењето и искуството на студентите. Ова го зголемува ангажманот на студентите и го зголемува квалитетот на наставата, со што универзитетот го остварува целосниот потенцијал на иновациите во образованието.

**Прилози**
Прилог 5.9.А. Комисија за информатички и комуникациски технологии
Прилог 5.9.Б. Конкретни примери и резултати за иновации во наставните методи и во користењето на нови технологии

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Универзитетот го имплементира Правилникот за академски интегритет и спречување плагијаризам на Меѓународен универзитет „Визион“, во кој се регулираат стандардите за академски интегритет и спречување на плагијаризам како и постапката за утврдување на неакадемско однесување на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.10.А.) Во регулативата на установата се вклучени детални мерки и постапки за заштита на интелектуалната чесност и против плагијаризмот. Универзитетот обезбедува извештаи за проверка на плагијаризам преку системот за плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата во последните.
Во текот на последните пет години, универзитетот спроведе проверка на плагијаризам преку системот Turnitin за следните објавени научни трудови:
- Извештај 1: Проверка на 7% од објавените научни трудови во 2023 година (Прилог 5.10.Б.)
- Извештај 2: Проверка на 6% од објавените научни трудови во 2022 година (Прилог 5.10.В.)
- Извештај 3: Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2021 година (Прилог 5.10.Г.)
- Извештај 4: Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2021 година (Прилог 5.10.Д.)
- Извештај 5: Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2021 година (Прилог 5.10.Ѓ.)

Редовните извештаи за проверка на плагијаризам, го покажуваат процесот на спроведување на проверки во соодветен процент од објавените научни трудови. Ова го осигурува целосното спроведување на системот и го гарантира интегритетот на академските резултати на установата.
Установата исто така има донесено Етички кодекс на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.10.Е.) и Етички кодекс за студентите на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.10.Ж.). При поднесувањето на трудови во рамките на наставно образовниот процес посебно во делот на дипломски, магистерски и докторски трудови се бара од кандидатот да поднесе соодветна Изјава за оригиналност, во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплинска постапка.
Универзитетот има донесено Правилник за дисциплинска одговорност на студентите (Прилог 5.10.З.) Во рамките на редовниот наставно образовен процес дисциплинската комисија на Универзитетот спроведува постапки за санкционирање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата. Освен тоа што етичкиот кодекс за студентите е јавно достапен на веб страната, во секоја од наставните предмети (силабусите) е дадено за етичкиот код на универзитетот. Исто така Универзитетот има донесено Правилник за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција (Прилог 5.10.Ѕ.). Факултетот нема евидентирано дисциплински пријави ниту за наставен кадар ниту за студенти во последните неколку години (Прилог 5.10.И. - Прилог 5.10.Љ.)

**Прилози**
Прилог 5.10.А. Правилник за академски интегритет и спречување плагијаризам на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 5.10.Б. Проверка на 7% од објавените научни трудови во 2023 година
Прилог 5.10.В. Проверка на 6% од објавените научни трудови во 2022 година
Прилог 5.10.Г. Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2021 година
Прилог 5.10.Д. Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2020 година
Прилог 5.10.Ѓ. Проверка на 5% од објавените научни трудови во 2019 година
Прилог 5.10.Е. Етички кодекс на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 5.10.Ж. Етички кодекс за студентите на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 5.10.З. Правилник за дисциплинска одговорност на студентите
Прилог 5.10.Ѕ. Правилник за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција
Прилог 5.10.И. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот ноември 2021 - јуни 2022
Прилог 5.10.Ј. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот јуни 2022 - декември 2022
Прилог 5.10.К. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот декември 2022 - јуни 2023

Прилог 5.10.Л. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот јуни 2023 - декември 2023
Прилог 5.10.Љ. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот декември 2023 - јуни 2024
Прилог 5.10.М. Полугодишен Извештај за примени пријави на корупција на Универзитетот јуни 2024 - декември 2024

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работ а. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Научно-истражувачката работа е регулирана со многу акти, најпрво со Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката работа (Прилог 5.11.А.), и Правилникот за научно-истражувачка дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.11.Б.). Во Правилникот за научно-истражувачката дејност, се утврдени индикаторите за мерење и следење на научно-истражувачката работа. Стандардот за квалитет на научно-истражувачката работа на академскиот кадар се проценува согласно исходите од научните истражувања преку следните индикатори за научноистрачувачката работа: продуктивност, импакт, ефикасност и хибриден режим (продуктивност + импакт). Извештајот или анализата за исполнување на утврдените индикатори за научно-истражувачката работа се подготвува во Центарот за научно- истражувачка работа кој што е формиран во декември 2024 година.

До формирањето на Центарот, научно-истражувачката работа на вработените на Факултетот се реализираше согласно Правилникот за научно-истражувачка дејност од 2015 (Прилог 5.11.В.). Деканот на Факултетот еднаш годишно подготвува Извештај за научно-истражувачка работа во кој се претставени сите активности за претходната година (Прилог 5.11.Г. – Прилог 5.11.Ж). Извештајот на Деканот се разгледува и усвојува на Наставно-научниот совет.

**Прилози**
Прилог 5.11.А. Закон за научно-истражувачка дејност
Прилог 5.11.Б. Правилник за научно-истражувачка дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2024
Прилог 5.11.В. Правилник за научно-истражувачка дејност од 2015
Прилог 5.11.Г. Годишен извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА за 2023-2024
Прилог 5.11.Д. Годишен извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА за 2022-2023
Прилог 5.11.Ѓ. Годишен извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА за 2021-2022
Прилог 5.11.Е. Годишен извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА за 2020-2021
Прилог 5.11.Ж. Годишен извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА за 2019-2020

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Научно-истражувачката работа на факултетот кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.
Влезни документи за дефинирање на научно-истражувачката работа на Универзитетот односно факултетот се:
- Стратегија за образованието 2018-2025
Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија СЗ - МК 2024 - 2027
- Стратешки план на Министерството за образование и наука 2024 – 2026
- Стратегија за човечки капитал 2024-2030
Врз основа на овие и други интерни документи, факултетот е информиран за тоа кои се актуелните современи теми за потенцијално научно истражување.
1. Конкретни примери и резултати:

- Пример 1: Проучување на влијанието на технологијата врз локалната економија во соработка со локалниот бизнис сектор. Резултатите покажуваат зголемен пристап до нови технологии и подобрување на продуктивноста на местните компании.
- Пример 2: Истражување на демографските трендови и социо-економските последици во регионот, што доведе до препораки за социјални политики за поддршка на угрожените групи.
- Пример 3: научни трудови поврзани со одржливоста и одржливиот развој, машинско учење (прилог.....

2. Релевантни извештаи или препораки:
- Извештај за 2023 година: Анализа на влијанието на научноистражувачките проекти врз развојните цели на регионот, вклучувајќи го нивното придонесување кон иновации и економски раст.Прилог
- Препораки за 2024 година: Политики и активности за поддршка на локалната заедница во контекстот на научноистражувачките проекти.Прилог

Универзитетот успешно ги следи ефектите од своите научноистражувачки проекти врз локалните, регионалните и националните развојни цели. Примерите и резултатите од истражувањата покажуваат директниот придонес на универзитетот кон социо-економскиот и културниот контекст, што се потврдува преку конкретните примери, извештаите и препораките за подобрување на политиките и активностите. Ова го демонстрира ефикасниот систем на следење и оценка на универзитетот за интегрирање на научноистражувачката работа во развојните цели на заедницата.

**Прилози**
нема

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Финансиските активности на Универзитетот се регулира со Статутот и со Правилникот за утврдување на плати и други надоместоци на плата на вработените на Меѓународен Универзитет Визион. (Прилог 6.1.А). Согласно Статутот на Универзитет работата на Универзитското студенски собранија се финансира од средства на Универзитетот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.1.А. Правилник за плати и надомсетоци од плати<br>Прилог 6.1.Б. Финансиски план од претходните пет години<br>Прилог.6.1.В. Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Прилог.6.1.Г. Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лабораториии, простории за работа, | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лабораториии, организациони единици, |

| | |
|---|---|
| информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Техничките ресурси со кои располага Факултетот за инженерство и архитектура се ставени на располагање на сите студиски програми кои се акредитирани на факултетот. Факултетот располага со оптимален простор за изведување на наставна и научноистражувачка дејност. Податоците за простории со површина во високообразовната установа што ќе се користат за реализација на Студиските програми на Факултетот за инженерство и архитектура како и список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност опишано на стр. 37 -38 во Елаборат за акредитација на студиска програма компјутерско инженерство - прв циклус на четригодишни студии (Прилог 6.2.А.), стр. 36 -37 во Елаборат за акредитација на студиска програма градежно инженерство - прв циклус на четригодишни студии (Прилог 6.2.Б.), стр. 38 -39 во Елаборат за акредитација на студиска програма архитектура - прв и втор циклус интегрирани академски студии (Прилог 6.2.В.).

Со Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог.6.2.Г) подетално се уредува просториите кои со својот капацитет, големина и опрема (утврдена со студиските програми), одговараат на специфичностите на студиските програми што се спроведуваат во установата, како и на потребите на студентите, наставен и ненаставен кадар.

Универзитетската библиотека е внатрешна организациона единица на Меѓународен универзитет „Визион“ која е основана со одлука на Ректорската управа. Универзитетската библиотека функционира интегрално на ниво на Универзитетот (интегриран библиотечно-информациски систем).

Расположливата литература се евидентира електронски така што пребарувањето може лесно да се врши. На тој начин библиотечниот фонд е достапен на студентите. Предвидената задолжителна и дополнителна литература (дадена во предметните програми) е обезбедена од страна на предметните наставници, во електронска и хартиена форма, која се наоѓа во библиотеката на Меѓународниот Универзитет Визион. Библиотеката располага со 5.000 единици на библиотечен фонд (книги, часописи, научни списанија, стандарди, пристап до база со податоци на издавачки куки), а во електронска база со 25.000 бибилиотечен фонд.

Во библиотеката, постои складиште на електронски копии на сите тези и дисертации кои успешно биле одбранети на МУВ, исто така библиотеката има пристап и до локални и меѓународни електронски бази на податоци. Сите информации за материјалите што ги поседува библиотеката и за услугите што ги обезбедува, се добиваат автоматски во онлајн каталогот на библиотеката.

Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен Универзитет „Визион“ (Прилог.6.2.Д) уредува основањето, раководењето, структурата, библиотечната дејност, библиотечниот фонд, просторот, опремата и финансирањето на работата на универзитетската библиотека на Меѓународен универзитет „Визион“

Список на техничка опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност.

Меѓународен Универзитет Визион како приватен универзитет се стреми кон тоа никому да не му го ускрати правото на образование и да ги унапреди правата на лицата - студенти со попреченост. Лицата со попреченост слободно може да влезат во просториите на Универзитетот бидејќи нема влезни скали односно влезот е рамен, ходниците се рамни и можат да користат лифтови и на овој начин да имаат пристап до секој кат и секоја просторија во Универзитетот.

Со донесувањето на Програмата за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување на пристап до високото образование на лицата со попреченост (Прилог 6.2.Ѓ.) дава пдршка студенти кои имаат одредени форми на попреченост со цел да им помогне во наставниот процес, но и понатаму во кариерата во соработка со реалниот сектор.

Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина Со оглед на природата на студиските програми (областа и степенот на студии), учењето на далечина е достапно согласно потребите на студентите. За време на Ковид-19 пандемијата учењето на далечина беше доминантно застапено, како брз одговор на новосоздадените услови на работење.

Учењето на далечина се реализира преку Microsoft Teams платформата, (Прилог 6.2.Е) на која имаат претплатен пристап сите вработени на институтот, како единица на МУВ. За време на пандемијата, преку оваа платформа редовно се одвиваа сите активности како предавања, консултации, споделување на материјали во дигитална форма, проекти, презентации на трудови/проекти, усни испити.
Дополнително, со воведување на електронскиот систем VIBIS (универзитетски менаџмент систем) (Прилог 6.2.Ж) на ниво на Универзитетот, голем дел од активностите на студентската служба се онлајн, што овозможува студентите на далечина да пријавуваат предмети и испити, да добијат увид во пријавените и положените испити и слично. Исто така Microsoft Portal 365 е достапно кај сите вработени и студенти со тоа што имаат пристап до сите програми како: Microsoft Word, Microsoft Excell, Powe Point, Miscrosoft BI, One Note, One Drive i Teams.
Овој систем овозможува централизиран начин на складирање, пристап и обработка на податоци поврзани со студентите, наставните членови, административниот персонал и други делови на универзитетската структура.
Системот ВИБИС е изграден со цел да ги оптимизира дигиталните процеси во образованието, да го зголеми нивото на транспарентност и да го олесни комуницирањето помеѓу сите актери во универзитетската заедница.

**Прилози**

Прилог 6.2.А. Елаборат за акредитација на студиска програма компјутерско инженерство на Факултетот за инженерство и архитектура
Прилог 6.2.Б. Елаборат за акредитација на студиска програма градежно инженерство на Факултетот за инженерство и архитектура
Прилог 6.2.В. Елаборат за акредитација на студиска програма архитектура на Факултетот за инженерство и архитектура
Прилог 6.2.Г. Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен Универзитет Визион
Прилог 6.2.Д. Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен Универзитет „Визион“
Прилог 6.2.Ѓ. Програмата за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување на пристап до високото образование на лицата со попреченост
Прилог 6.2.Е. Упатство за користење на микрософт тимс
Прилог 6.2.Ж. Упатство за работа на ВИБИС

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;
Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;
Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).
Работата на помошните и административните служби базично е регулирана во Статутот на Универзитетот (Прилог. 6.3.А) во согласно со принципот на интегрираност. Работата на помошните/административните служби е регулирана интегрирано на ниво на Универзитетот. Согласно Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.3.Б) работни места на ненаставниот кадар се: работните места во стручно-административната служба и работните места во канцелариите и центрите на Универзитетот.
Стручната и административната служба се организира како централна интегрирана стручна и административна

служба на Универзитетот. Во административната служба на Универзитетот се вработени 23 помошни-административни вработени од кои 10 жени  и 13 мажи. (Прилог. 6.3.В)

Правилникот за стручно усовршување на вработените на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.3.Г) ги уредува начелата, условите и процедурите за стручно усовршување како и стекнувањето на вработените на Универзитетот со технички вештини.

Стручно усовршување на ненаставниот кадар вклучува внатрешни обуки и семинари организирани од Универзитстот и надворешни обуки и семинари поврзани со работните задачи на вработените. Во предходните академски години континиурано е реализрино ИТ обуки на ненаставен кадар (административни вработени). (Прилог. 6.3.Д) Во академската 2024/2025 година се планира да се продолжи со ИТ обуки како и и да се организира курсеви по англиски јазик за ненаставен кадар на Универзитетот.

**Прилози**

Прилог. 6.3.А. Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион"

Прилог. 6.3.Б. Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог. 6.3.В. Листа на работни места на ненаставниот кадар

Прилог. 6.3.Г. Правилник за стручно усовршување на вработените на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог. 6.3.Д. Извештај по курс на ИТ вештини на ненаставен кадар

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Со Правилник за научноистражувачка дејност на Меѓународен универзитет „Визион" се регулираат: организирањето на научноистражувачказа дејност, правата и должностите на надлежните органи на Универзитетот и на учесниците во научноистражувачката дејност, истражувачите како и издавачката дејност на Универзитетот кои се дел од истражувањето. (Прилог. 6.4.А)

И покрај превземените напори од страна на факултетот и наставниот кадар, учеството на студентите од Факултетот за инженерство и архитектура во научноистражувачките проекти останува крајно мало и недоволно. Само магистерските студенти (Прилог. 6.4.Б) , кои веќе имаат развиено поголеми истражувачки вештини и мотивација, редовно се вклучени во вакви и слични проекти, додека студентите на прв циклус речиси не покажуваат поголем интерес за учество. Оваа ситуација укажува на потреба од дополнителни мерки за поттикнување на истражувачкиот дух меѓу помладите студенти која во иднина планирано  е преку центарот за научноистражувачка работа  да се поттикне интерес и на останатие студенти.

**Прилози**

Прилог. 6.4.А. Правилник за научноистражувачка дејност на Меѓународен универзитет „Визион"

Прилог. 6.4.Б. Листа на учесници во научно истражувачки проекти

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.5.А) дефинирано е работно места за Раководител на центар за кариера на универзитетот.

Според Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.5.Б) Центарот за кариера функционира интегрално на ниво на универзитетот. Центарот за кариера на Универзитетот го раководи Раководител.(Прилог. 6.5. В)

Во склоп на Центарот за кариера функционира Единицата за развој на кариера и советување на студенти кое обезбедува кариерно советување и професионално ориентирање за студентите на Универзитетот на сите три

| | |
|---|---|
| циклуси на студии. Пристап до услугите на Центарот за кариера покрај студентите имаат и учениците од средните училишта. Центарот за кариера обезбедува соодветно советување за кариера и за лицата со попреченост.<br>Центарот за кариера обезбедува настани и обуки за кариерно советување и професионална ориентација согласно однапред планирани сесии за консултации, курсови за кариерно планирање, специјални настани како отворени денови, денови за кариера, едукативни презентации, спонтани средби иницирани од студентите и слично.<br>Во рамките на кариерно советување, Центарот за кариера ги дава следниве услуги: ги охрабрува и им помага на студентите да истражуваат различни професии во различни сектори преку практикантска работа и/или привремено вработување, учество во експериментални наставни програми, пилот проекти за стручно оспособување и слично; ги мотивира студентите да се себенадоградуваат низ процесот на оценување на нивните знаења и вештини; ги мотивира студентите активно да учествуваат во процесите поврзани со доживотно учење; ги обучува студентите со цел подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини при интервјуа за работа; нуди курсови и обуки за лидерство; нуди обуки за тимска работа и управување со организирањето на времето; организира семинари и тренинзи за мултикултурно комуницирање; им помага на студентите да направат кариерен избор преку постепено себеспознавање и стекнување познавања за светот на реалниот бизнис; им помага на студентите да обработуваат, систематизираат и разбираат информации поврзани со стручно оспособување и практично вработување; им помага на студентите да формулираат краткорочни и долгорочни професионални цели; им помага на студентите при подготовка на портфолио за способноста и работното искуство; врши други услуги за студентите согласно потребите на пазарот на трудот.<br>Меѓународниот Универзитет Визион континуирано ја докажува својата посветеност кон усовршување на дигиталните вештини на своите студенти и професори преку редовно организирање на курсеви за ИТ обука. Во изминатите 4 години, овие обуки се одржуваат двапати годишно, обезбедувајќи континуиран развој и прилагодување кон најновите технолошки трендови. (Прилог. 6.5. Г)<br>По формирање на центарот за странски јазици од 1.9.2024 до 31.10.2024 година беше спроведена курс по англиски јазик за студентите и за вработените на Факултетот за инженерство и архитектура. Во Прилог 6.5. Д е Извештај за студенти кои присуствувале по курс на англиски јазик организиран од страна на Центарот за странски јазици при Меѓународен Универзитет Визион. | |
| **Прилози**<br>Прилог. 6.5. А. Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион<br>Прилог. 6.5. Б. Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион<br>Прилог. 6.5. В. Одлука за избор на Раководител на Центарот за кариера<br>Прилог. 6.5. Г. Извештај за активностите за ИТ обука<br>Прилог. 6.5. Д. Извештај за студенти кои присуствувале по курс на англиски јазик | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; |

| | |
|---|---|
| одржува контактот со завршените студенти. | Доказ дека системот е функционален. |

Според Правилник за уредување на работа на Центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.6.А)

Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера на факултет/универзитет и врши други работи утврдени со статутот на Универзитетот.

Центарот за кариера (Прилог 6.6. Б) води и одржува алумни-база на податоци со дипломирани и магистрирани студенти на Универзитетот. (Прилог. 6.6.В, Прилог. 6.6.Г)

Алумни-базата за податоци вклучува информации за професионален развој и тековни позиции. Информациите во алумни-базата за податоци периодично се ажурираат (Прилог 6.6.Д.). Регистрацијата во алумни-базата се врши електронски. (Прилог. 6.6.Ѓ)

**Прилози**

Прилог. 6.6.А=6.5. Б. Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог. 6.6.Б. Одлука за избор на раководител за алумни

Прилог. 6.6.В. Листа на алумни прв циклус студии

Прилог. 6.6.Г. Листа на алумни втор циклус студии

Прилог. 6.6.Д. Интервју со алумни

Прилог. 6.6.Ѓ. https://vision.edu.mk/kariyer-merkezi/mk

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;

Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);

Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;

Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години.

Согласно Статутот на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог. 6.7.А) студентите учествуваат во управувањето и одлучувањето за заштита на правата на студентите. Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат преставници на студентите од единиците на Универзитетот. Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите учествува, преку свои преставници, во работата на органите и телата на Универзитетот и ги преставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.Во Универзитетското студентско собрание членуваат избраните претставници од факултетските студентски собранија. Бројот на претставници и начинот на избор на студенстки претставници поблиску се уредува со акт на Универзитетот кој го усвојува Сенатот.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот а согласно Согласно Статутот на Меѓународен Универзитет Визион се избира студентски правобранител од редот на редовните студенти на Универзитетот. (Прилог. 6.7.Б) Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и единиците кога истите им се повредени од страна на Универзитетот и единиците, како и од лица вклучени во наставно-образовниот процес. Студентскиот правобранител се избира од редот на редовните студенти на правните студии со минимум завршен втор семестар и просек на студии најмалку 8, 00.

Согласно Законот за високото образование, Универзитетското студентско собрание има право да предложи кандидат(и) за избор во Сенатот, по што Сенатот, врз основа на тој предлог, го избира еден или повеќе студентски претставници како свои членови, со цел да се обезбеди активно учество на студентите во процесот на донесување одлуки и управување со високообразовната институција.

Вклученоста на студентите во управувањето е на повеќе начини, преку претставникот на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на универзитетот (Прилог.6.7.В),преку учество на студентите во

| |
|---|
| Комисијата за самевалуација на Универзитетот (Прилог. 6.7.Г) |
| **Прилози**<br>Прилог. 6.7.А=4.1.Б. Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион”<br>Прилог. 6.7.Б. Одлука за избор на студентски правобранител<br>Прилог. 6.7.В. Одлука за избор на член на сенат (преставник од студенти)<br>Прилог. 6.7. Г. Одлука за избор на член (претставник од студенти) во Комисија за самоевалуација на Универзитетот |

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.<br>Студентите се запознаваат со услугите и можностите што ги нуди универзитетот преку повеќе канали, како што се: Добредојдени денови (Запознавање со факултетот, академските програми, студентските права и услуги), Промотивни материјали и публикации (Брошури и водичи – Дистрибуирани при упис или на инфо-часови, (Прилог. 6.8. А) , постерци и флаери – Најважните информации на видливи места (факултетски табла, кафетерии).<br>Универзитетот ги информира студентите за достапните услуги и ресурси преку посебно дизајнирани објави и делови на официјалната веб-страна (Прилог. 6.8. Б) , кои систематски се организирани во следниве категории: Актуелни информации (редовно ажуриран дел кој ги прикажува најновите вести и промени), јавни повици (посебен дел посветен на сите форми на апликативни процеси), соопштенија за настава и испити, посебен линк за студенти (пристап до персонализирани податоци, онлајн пријава на испити, пристап до е-учење и дигитални ресурси и.др.<br>Со статутот на Меѓународниот Универзитет ,,Визион” Сенатот донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција. Врз основа на Правилникот за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција (Прилог. 6.8. В) заради поефикасно спречување и заштита од корупција Сенатот од редот на редовните професори избира Овластеното лице за прием и пријава на корупција кое подготвува полугодишен извештај за прием на корупција.(Прилог. 6.8. Г) | |
| **Прилози**<br>Прилог. 6.8. А. Водич на студенти (Македонски, Турски, Англиски)<br>Прилог. 6.8. Б. https://vision.edu.mk/anasayfa/mk<br>Прилог. 6.8. В. Правилник за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција<br>Прилог. 6.8. Г. Извештаи за приемм на пријави на корупција | |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа преку ефикасен систем редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми, научно истражувачката работа, евиденцијата за студентите и другите активности. Системот за прибирање и обработка на податоци е хибриден, се реализира физички во тврда форма и електронски преку Универзитетски Информациски Систем (УИС), претставено на следниот начин: | |

- На високообразовната установа се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование (Прилог 7.1.А., стр.37)
- Универзитетски информациски систем: Универзитетот применува интегриран информациски систем кој овозможува собирање, обработка и анализа на податоците поврзани со студиските програми (претставување и реализација по семестри, силабуси, распоред на часови и консултации објавени на веб страната), податоци за студентите во смисла на број на запишани, отпишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, присуството на студентите на предавања и вежби, нивниот успех, напредок и оценки, повратни информации од студентите преку спроведување на анкети, резултати од научно-истражувачка работа на наставниот кадар и други административни работи. Системот го користат вработените на установата (наставниот и ненаставниот кадар) и студентите, врз основа на издадена лозинка за влез.
- Процес на собирање податоци: Податоците се собираат преку е-меил комуникација, преку различни методи, како што се електронски или физички спроведени анкети, електронски систем за следење на активностите на студентите (OneNote платформата, види линк), електронски систем за евалуација на успехот на студентите по наставните предмети (VIBIS, види линк), електронско следење на присуството на студентите на часови, унифицирани извештаи од научно-истражувачката работа на професорите и унифицирани темплејти за сите административни податоци. Во текот на академската година најмалку два пати, деканот на факултетот во стандардизиран образец (Прилог 7.1.Б.) електронски ги собира резултатите од научно-истражувачката работа на наставно-научниот кадар и подготвува збирен Извештај за научно-истражувачка работа на Факултетот за инженерство и архитектура (Прилог 7.1.В.). На универзитетот постои јавно достапен репозиториум на научни трудови и дела за секој член на наставниот кадар на факултетот (види линк). Исто така наставниот кадар има креирано кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како Publons, Scopus, Google Scholar, ResearchGate.net, и ORCID (види линк). На редовна основа наставниот кадар ги ажурира податоците и информациите за своите научно-истражувачки достигнувања.
- Анализа на податоците: Податоците се анализираат редовно и од страна на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион", кој податоците ги користи за да подготви акциски планови за подобрување на квалитетот на установата. Центарот тоа го реализира преку планирање на активностите, обезбедување на активностите, управување на активностите, и менаџмент на квалитетот на сите активности на универзитетот.

Универзитетскиот Информациски Систем е поддржан со Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет „Визион" (Прилог 7.1.Г.). Корисници на електронскиот систем за оценување и следење на студентите се: студентите, наставниот кадар и ненаставниот (административен кадар). Секој корисник има специфични обврски и привилегии при користење на УИС.
Доказите за функционалноста на системот вклучуваат редовни извештаи и анализа на податоци кои како информации се користат за подобрување на квалитетот на образованието и другите активности, и се споделуваат до сите засегнати страни на установата, меѓу кои и до Центарот за обезбедување квалитет. Еден таков пример е: Доставување на Годишен извештај за работата на деканот, Извештај за самоевалуација, и др. до сите засегнати страни на установата.

**Прилози**

Прилог 7.1.А. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти
Прилог 7.1.Б. Образец за Извештај за научно-истражувачка работа за наставно-научен кадар
Прилог 7.1.В. Образец за Извештај за научно-истражувачка работа на ФИиА
Прилог 7.1.Г. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен универзитет „Визион"

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

| | |
|---|---|
| процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

Информациите кои се прибираат од високообразовната установа се релевантни за профилот на установата и студиските програми. Тие вклучуваат клучни показатели на успехот, профил на студентската популација, напредок на студентите, успех и стапка на отпишување на студентите, степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, ресурсите за учење и поддршката достапни на студентите, податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери.
Електронскиот систем за оценување и следење на студентите е регулиран со Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог 7.1.Г.), и претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти, наставен и ненаставен кадар.
Во Прилог 7.2.А. е даден приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци, во Прилог 7.2.Б. се наведени некои конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот, додека во Прилог 7.2.В. се дадени конкретните примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците.

**Прилози**
Прилог 7.1.Г. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион
Прилог 7.2.А. Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци
Прилог 7.2.Б. Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот на прибирање и анализа на прибраните податоци
Прилог 7.2.В. Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Високообразовната установа води регистар на значајни настани, активности и процеси, кои се релевантни за стратешкото менаџирање (Прилог 7.3.А.). Овој регистар е составен од податоци кои се систематски прибираат, анализираат и се користат за подобрување на управувањето и донесувањето одлуки на менаџментот во установата. Факултетот за инженерство и архитектура во рамките на Извештајот за работа на деканот на факултетот ги презентира сите реализирани настани, активности и процеси кои се потребни за стратешкото носење на одлуки на менаџментот. Преку ваквиот систематичен и систематски пристап, универзитетот обезбедува ефективно и ефикасно управување со своите ресурси, активности и процеси, со цел да постигне повисок степен на квалитет и функционалност во своето целокупно работење.

**Прилози**
Прилог 7.3.А. Регистар на значајни настани, активности, и процеси на факултетот

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. |

Високообразовната установа има воспоставен систем за заштита на информациите, кој обезбедува сигурност и приватност на податоците во печатена и електронска форма. Овој систем вклучува мерки за заштита на податоците на студентите, резултатите од испитите и дискусиите на дигиталните платформи. Универзитетот презема соодветни мерки за заштита на личните податоци на сите засегнати страни, со цел да се осигури нивната безбедност и интегритет.

| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | | | | |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | | | | |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

## СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
|---|---|---|---|---|
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | | | | |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | | | | |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | | | | |
| Установата има развиено политика за | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | | | | |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | | | | |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | | | | |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

СВОТ Анализа на установата

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| | |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |

| | |
|---|---|
| | |

Препораки за подобрување на установата

| ПРЕПОРАКИ |
|---|
| |

Предлог од индивидуален извештај

| ПРЕДЛОГ |
|---|
| Врз основа на спроведената евалуација предлагам ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на високообразовната установа.<br>Покрај тоа, предлагам ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на следниве студиски програми: |

Место, датум

име и презиме на членот на стручната комисија (своерачен потпис)

Прилог 4 - Образец за извештај од надворешна евалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Назив на установата | |
| Седиште | |
| Членови на стручната комисија (име и презиме, службени контакт информации) | 1...<br>2…<br>3… |
| Период на посета на високообразовната установа | |

| | |
|---|---|
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | |

## Оцена на исполнетост на стандарди и индикатори

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | | | | |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | | | | |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | | | | |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | | | | |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | | | | |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[14] | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | | | | |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | | | | |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | | | | |

14Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | | | | |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | | | | |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | | | | |
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | | | | |

НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. Студиската програма НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард (се оценуваат сите студиски програми).

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | | | | |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | | | | |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | | | | |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | | | | |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | | | | |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. Студиската програма НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард (се оценуваат сите студиски програми). | | | | |

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | | | | |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | | | | |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | | | | |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[15] | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | | | | |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | | | | |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | | | | |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | | | | |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | | | | |

15 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини<br>Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | | | | |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | | | | |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | | | | |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | | | | |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | | | | |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | | | | |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. Студиската програма НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард (се оценуваат сите студиски програми). | | | | |

## СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

| ИНДИКАТОР | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|---|---|
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | | | | |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | | | | |
| Работата на помошните /административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | | | | |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | | | | |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | | | | |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | | | | |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. Студиската програма НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард (се оценуваат сите студиски програми). | | | | |

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | | | | |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | | | | |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | | | | |
| Безбедноста на информациите (во | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | | | | |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | | | | |

НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард.

## СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
|---|---|---|---|---|
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | | | | |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | | | | |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | | | | |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

СВОТ Анализа на установата

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| | |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| | |

| | |
|---|---|
| | |

Препораки за подобрување на установата

| ПРЕПОРАКИ |
|---|
| |

Предлог од Извештај за надворешна евалуација

| ПРЕДЛОГ |
|---|
| Врз основа на спроведената евалуација предлагаме ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на високообразовната установа.<br>Покрај тоа, предлагаме ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на следниве студиски програми:<br>За овој предлог гласаа:<br>Против овој предлог<br>гласаа: Воздржани: |
| ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ |

# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование Кеј Димитар Влахов 4, II-Кат Стара Комерцијална Банка 1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| А | Меѓународен Универзитет Визион |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филиповски, број 1, Гостивар, Р. Северна Македонија |
| Контакт информации | e-mail: info@vision.edu.mk, тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Ахмет Веџди Џан, ректор,<br>e-mail: acan@vision.edu.mk , тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | доц. д-р Цветанка Велкоска, cvetanka.velkoska@vision.edu.mk<br>тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2019-2024 година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Одлука бр. 0201-437/09 од 29.5.2024 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) пропред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната уста

4. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (согласно методологијата користена во Стандардните обрасци мислам дека треба овде да се внесат податоци за единицата, не за Универзитетот во целина, но да продискутираме!!!)

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Правен факултет, Меѓународен Универзитет Визион |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филоповски бр. 1, Гостивар, Република Северна Македонија |
| Веб страница | https://vision.edu.mk/fakulteler/hukuk-fakultesi/mk |
| Мисија и визија на установата | Основна мисија претставува квалитетно образование и научна дејност преку меѓународни наставни програми кои ќе допринесуваат кон создавање на образовни млади кадри кои имаат слободна и научна моќ на размислување, современи знаења и вештини, општествена одговорност и кои ги почитуваат човековите права, толерантни и лојални на меѓународните и моралните вредности, лојални на демократските и секуларните државни принципи, квалификувани и компетентни стручњаци спремни да конкурираат на национално и меѓународно ниво и да ја обликуваат иднината.<br>Визијата на установата е да стане конкурентен универзитет со светските универзитети и да биде симбол на пријателство и солидарност на локално и меѓунардоно ниво и да изведува образовни и истражувачки активности по меѓународни стандарди со научно - истражувачка и современа инфраструктура. Оваа визија ја следат сите единици во состав на установата вклучувајќи го и Правниот факултет. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна непрофитна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Решение бр. 15-98/6 од 24.10.2014 година за акредитација на проект за основање на Меѓународниот Универзитет „Визион“ Гостивар<br>Решение бр. 14-8614/4 од јуни 2015 година за почеток со работа на Меѓународниот Универзитет „Визион“ во Гостивар, единиците во негов состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии<br>Решение бр. 08- 31/7 од 18.3. 2021 година за акредитација на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии<br>Решение бр. 08-620/ 6 од 21.9. 2022 година за акредитација на Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик |

| | |
|---|---|
| | Решение бр. 08-32/4 од 14.12.2020 година за акредитација на Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии |
| Број на вработени лица избрани во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 14 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во академската 2023/24 година на прв циклус на студии на Правен факултет биле запишани 122 студенти.<br>Во академската 2023/24 година на втор циклус на студии на Правен факултет биле запишани 13 студенти |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Правниот факултет како единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион е основан во 2014 - та година. Седиштето на Правниот факултет уште од самото основање е во Гостивар, каде што се наоѓа и самото седиште на Универзитетот. Потребата за основање на Правниот факултет се покажа оправдана за што показател е големиот број на студенти кои се запишуваа на Правниот факултет уште во првите години на основањето. Правниот факултет во почетокот имаше само една студиска програма, студиската програма Правни науки на прв циклус на студии (научно подрачје општествени науки, научно поле правни науки, научна област од полето на правото) на која можеше да се следи настава на македонски и на турски јазик. Оваа студиска програма во 2022 година беше акредитирана од Министерството за образование и на англиски јазик. Правниот факултет се одлучи да се фокусира само на оваа студиска програма на прв циклус на студии и целокупниот кадар го ангажираше во насока на покривање и осовременување на наставните програми во рамки на оваа иста студиска програма. Поради интересот на студентите во 2020 година Правниот факултет воведе и студиска програма на Правни науки од втор циклус на студии (научно подрачје општествени науки, научно поле правни науки, научна област од полето на правото).<br>Студиските програми за правни науки имаат за цел да профилира кадри кои во согласност со концептот на модерното стручно образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, се стекнуваат со знаења и вештини за работење во сферата на правосудството, адвокатурата и нотаријатот, извршната и законодавната власт, за работење во политичките институции, за работење во претпријатијата и компаниите, како и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации итн. Како една од најважните цели на оваа студиска програма, се појавува потребата за оспособување на кандидатите во обласста на правото, како во поглед на апликативноста, така и во поглед на нивните теоретски потенцијали и креативност. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Правниот факултет функционира како интегрирана единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион. Во рамки на додипломските студии на двете студиски програми се вклучени сите наставници и соработници на единицата. Истите наставници и соработници се вклучени и на студиската програма на Правниот факултет во втор циклус на студии. Во контекст на ова амбиција на Правниот факултет во иднина е да го зајакне наставниот кадар со висококвалификуван кадар од |

| | |
|---|---|
| | државата и од странство.<br>Институционални капацитети на Правниот факултет освен ангажирање и креирање на компетентен и квалитетен наставно-научен кадар се и кадровска подготвеност за организирање настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност“, континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставнонаучната и истражувачката дејност, современи студиски програми на двата циклуси компатибилни со програмите на еминентни светски универзитете, обезбедување на адекватни просторно-технички и материјални услови за студентите и вработените, висок и континуиран раст на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство, функционален кариерен центар со голем потенцијал, потпишани голем број меморандуми за соработка со бизнис заедницата, јавниот сектор и меѓународни универзитети. богата библиотека со правна литература на Универзитетот. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори и вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Стандард 1, Стандард 3, Стандард 5 |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Главни предизвици на Правниот факултет се: нови вработувања, акредитирање на нови студиски програми на прв циклус, акредитација на нови студиски програми во втор циклус, а согласно можностите и на трет циклус на студии, вложување во научно-истражувачката дејност и публикување на учебници на професори од Правниот факултет, збогатување на библиотеката со нови светски изданија од областа на правото како и поврзување со бизнис секторот.<br>Основни недостатоци на Правниот факултет се малиот број на студиски програми на втор циклус на студии, недоволниот број на соработници како и нефокусираноста кон меѓународни проекти во странство. |

## 5. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

За градење на своите институционални политики за обезбедување на квалитет Меѓународниот универзитет „Визион“ се води од националниоте документи, како  Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план (Прилог 1.1.А.), сите законски и подзаконски акти во образованието, и актите донесени на Универзитетот, како и програми и стратегии за работа на Универзитетот.

Меѓународниот универзитет „Визион“ ја демонстрира својата целосна посветеност кон обезбедување на квалитет низ примената на формални и неформални механизми во своето работење. Политиката за обезбедување на квалитет претставува формален документ кој произлегува од СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ „ВИЗИОН“ ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 ГОДИНА (Прилог 1.1.Б.), која претставува континуитет на претходните Стратегии за развој на Универзитетот. Во актуелната Стратегија се содржани Визијата и Мисијата на Универзитетот и истата е насочена кон исполнување на барањата и очекувањата на заинтересираните страни, студентите, академскиот кадар, административно-техничкиот персонал, родителите, државните органи и локалната самоуправа, работодавачите, професионални здруженија, стопанските комори, бизнис заедницата и нејзините асоцијации, социјалните, просветните и други институции) и при тоа е јавно достапна и поставена на веб страната на Универзитетот. Во Стратегијата се утврдени клучните вредности на универзитетот, како и приоритетните области каде треба да бидат превземени стратегиските и оперативните активности. Стратегијата на Универзитетот е јавно достапна.

Политиката за обезбедување на квалитет на Универзитетот, Универзитетот ја создава и гради во временски континуитет и таа е јавно достапна. Вистински доказ за ова е Правилникот за обезбедување на квалитет од 2018 година, донесен на ден 25.09.2018  (Прилог 1.1.В.)  во кој за првпат нормативноправно е регулирано ова прашање. Овој Правилник во моментов е вон сила поради реформите на системот на високото образование во Република Северна Македонија кој ги предизвика новиот Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.) донесен од Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/22)  од 6.7.2022 година, кој е и основа врз база на кој е изготвен важечкиот Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен Универзитет „Визион“, усвоен на XLII –та седница  на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година (Прилог 1.1.Д.). Со овој правилник е регулирана Политиката за квалитет, која претставува декларација, но истовремено и обврска на универзитетот за нејзина реализација и актуелизација преку имплементација на активности за планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот во целокупното работење на универзитетот.

Политиката за квалитет се одразува во стратешките планови и цели и се спроведува во различни области на институционалното работење во согласност со поставените национални, европски и меѓународни стандарди за обезбедување на квалитет и упатствата за квалитет, кои треба да бидат комплементарни. Политиката за квалитет е основа за унапредување на функционирањето и развојот на Универзитетот преку јакнење на институционалниот и проактивниот капацитет преку успешно прилагодување кон потребите и барањата на целокупната општествената заедница. Политиката за квалитет придонесува за постојано подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на универзитетските дејности и во поширокото општествено опкружување, правејќи го универзитетот општествено одговорна институција (Прилог 1.1.Ѓ.).

**Прилози**

Прилог 1.1.А. Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план
Прилог 1.1.Б. Стратегија за развој на Меѓународен универзитет „Визион“ за периодот 2023-2026 година
Прилог 1.1.В. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2018
Прилог 1.1.Г. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација од 2022
Прилог 1.1.Д. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2023
Прилог 1.1.Ѓ. Политика за квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Меѓународниот универзитет „Визион“ првиот Правилник за самоевалуација (Прилог 1.2.А.) и Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.2.Б.) ги има донесено на ден 14.8.2015 година на седница на Универзитетски сенат.

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 31 од Законот за високото образование (Прилог 1.2.В.), член 97 став 1 алинеја 30 од Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Г.), како и согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност од 6.7.2022 година (Прилог 1.1.Г), се донесе одлука за усвојување на Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Д.). Со Упатството за самоевалуација и обезбедување на квалитетот денесено на XLVIII –та седница на Сенатот одржана на ден. 29.5.2024 година остана во употреба и Упатство за студентска анкета на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Ѓ.). На универзитетот е донесен Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Е.).

Во рамките на Меѓународен универзитет „Визион“, на сите факултети, се применуваат различни алатки за оцена, контрола и унапредување на квалитетот на образованието:

а) Студентска анкета за наставен предмет: Универзитетот редовно спроведува студентска анкета која опфаќа оценка на квалитет на наставните предмети, наставниот кадар, работата на административниот кадар и општото ниво на задоволство на студентите во текот на нивното студирање. Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – за наставна програма, што се спроведува после завршување на секој од семестрите за сите наставни предмети, во декември и февруари за зимскиот семстар и во мај и јуни за летен семестар (Прилог 1.2.Ж.).

б) Студентска анкета на крај од образовниот процес која се однесува на квалитетот на студиската програма (ги таргетира дипломираните студенти, магистрантите и докторантите). Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес (Прилог 1.2.З.)

в) Студентска анкета по првиот колоквиум со која се идентификува задоволството на студентот од предавањата, присуствата и однесувањето на наставниот кадар (Прилог 1.2.Ѕ.). Со оваа анкета, наставниот кадар делува превентивно со тоа што може да ги согледа барањата на студентите за подобрување на наставата и предавањата во вториот дел од семестарот.

г) примена на препораките од ISO стандардите, како на пример користење на деминговиот круг (PDCA), и ризик-размислување во работењето на установата, единиците, наставниот кадар, административниот кадар и слично; и други постапки и процедури.

д) Надворешна евалуација од страна на стручно тело на начин и услови определени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.).

Пред почетокот на секоја академска година на Универзитетот се подготвува Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет во кои се дефинирани активностите, носителите на активности, учесниците, формуларите - анкетните прашалници, термините на реализација, анализа и подготовка на резултатите од спроведените активности (Прилог 1.2.И.). Годишниот календар го подготвува центарот за обезбедување на квалитет во соработка со проректорите и деканите, и се проследува на одобрување до ректорот на Универзитетот (Прилог 1.2.Ј.).

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Правилник за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.Б. Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.В. Закон за високото образование
Прилог 1.2.Г. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Д. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ѓ. Упатство за студентска анкета на МУВ
Прилог 1.2.Е. Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ж. Анкета за студентско искуство – за наставна програма

Прилог 1.2.3. Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес
Прилог 1.2..Ѕ. Анкета за студенско искуство – по прввиот колоквиум
Прилог 1.2.И. Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025
Прилог 1.2.Ј. Одлука за усвојување на Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Една од основните надлежности и одговорности на Управата на Универзитетот се да соработува со телата, органите и организациските единици на Универзитетот со цел да обезбеди планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на целокупното работење на Универзитетот; да создава предуслови за интеграција на Универзитетот во националните и интернационалните мрежи кои работат на контрола и обезбедување на квалитетот; да предлага и координира иницијативи и развојни програми со цел континуирано обезбедување и унапредување на квалитетот; да поттикнува и координира кружоци за квалитет на сите нивоа на Универзитетот; и да ја шири културата на квалитет на сите нивоа на Универзитетот.

Согласно Законот за високо образование (Прилог 1.3.Б.) Факултетот формира Одбор за соработка и доверба со јавност којшто дава препорака (мислење) за студиските програми, и другите прашања од интерес на факултетот. На Правниот факултетот прв пат е донесен Правилник за формирање на одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот во 2015 година. Универзитетот упатува јавен повик за членови на Одбор за соработка и доверба на факултетите. Во Одборот за соработка и доверба со јавност членуваат покрај претставниците на универзитетот и факултетот и претставници од стопанството и нестопанството од делокругот на студиските програми на факултетот.

Како резултат на соработката и вклученоста на работодавците во одборот за соработка и доверба со јавност во последно време има иницијатива за вработување на некои од дипломираните студенти бидејќи истите кај нив биде присутни како практиканти или реализирале определен период на стажирање. Од друга страна, студентите во текот на праксата ќе можат да го применат теоретското знаење и да се стекнат со нови практични вештини на работа. Интенција на Факултетот е ваквата соработка да се интензивира и студентите уште во текот на нивното студирање да склучат договори кај познат работодавец кој би го стипендирал нивното студирање со услов за трајно вработување по завршувањето на Факултетот. Во Прилог 1.3.В е даден листа на работодавци кои како членови на одборот за доверба склучиле договор со Универзитетот за обезбедување практика на студентите на Правниот факултет и посбена листа на работодавци кои овозможиле посета на студентите од Правниот факултет во нивните компании и друштва.

Вклученоста на студентите во развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието е на повеќе начини, преку претставникот на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на универзитетот (Прилог 1.3.Г.) , преку подготовка на Извештај од Студентските анкети (Прилог 1.3.Д), преку учество на студентите во Комисијата за самевалуација на Универзитетот (Прилог 1.3.Ѓ) и единицата на универзитетот (Прилог 1.3.Е).

Универзитетот редовно склучува договори со владини тела кои се од интерес на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Во 2024 година е склучен Договор за соработка со Бирото за развој на образованието на Македонија. Во 2022 година Универзитетот е акредитиран од ECVSN (The Eurasia Certificate Verification System Network). Меѓународниот универзитет Визион е партнер на Balkan Universities Association – BUA и Alliance of Central-Eastern European Universities – ACEU.

**Прилози**

Прилог 1.3.А. Правилник за формирање на одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот во 2015 година
Прилог 1.3.Б. Конститутивната седница на Одборот за доверба и јавност на Правниот факултет
Прилог 1.3.В. Релевантни извештаи од состаноците на Одборот на Правниот факултет
Прилог 1.3.Г. Листа на работодавци кои соработуваат со Правниот факултет
Прилог 1.3.Д. Записници од Сенат
Прилог 1.3.Ѓ. Извештај од Студентските анкети
Прилог 1.3.Е. Одлука за избор на член во Комисија за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.3.Ж. Комисија за самоевалуација на Правен факултет

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Во рамките на Меѓународен универзитет Визион функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет - Центар за обезбедување на квалитет. Центарот за обезбедување на

квалитет е внатрешна организациона единица на Универзитетот која е формирана со одлука на Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорот. Со одлука на Универзитетски сенат донесена на XLII –та седница на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година усвоен е Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот (Прилог 1.4.А.). Со овој Правилник се уредува формирањето, целите и задачите, организациската поставеност, надлежностите и одговорностите, формалните политики и процедури, просторот, опремата и финансирањето на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион".

Основни цели и задачи на Центарот за обезбедување на квалитет се обезбедување придонес во: развој и унапредување на квалитетот во наставата и учењето; развој и унапредување на квалитетот на наставните програми; унапредување и осовременување на студиските програми; развој на паметни средини и унапредување на дигиталните вештини; подлоги, следење и контрола на постапките за самоевалуација и надворешна евалуација; обезбедување на транспарентност и разбирање на постапките за планирање, контролирање, обезбедување и унапредување на квалитетот; инклузивност на барањата за обезбедување на квалитетот од стандардите за системите за менаџмент со квалитет, и други барања поврзани со квалитетот; развој на квалитетот на научно-истражувачката работа и промоција на отворената наука; мобилност на размената на знаењата помеѓу универзитетот и општествената заедница на домашен и меѓународен план; унапредување на односите во меѓународната соработка; и обезбедување добросостојба на сите засегнати страни на Универзитетот.

Во периодот пред формирање на Центарот за обезбедување на квалитет, надлежноста во однос на обезбедување на квалитет ја имаше Комисијата за настава и обезбедување на квалитет, формирана на ден 05.05.2022 година со одлука бр, 0201-489/19, како постојна Комисија на Универзитетот (Прилог 1.4.Б.).

Од денот на создавање на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот истиот работи во континуитет. Доказ за ова е Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет за академската 2024/25 година, за вториот семестар (Прилог 1.4.В), во Прилог 1.4.Г. е дадена Одлука за Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025 и записник од одржан состанок во Прилог 1.4.Д.

<table>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 1.4.А. Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“<br>Прилог 1.4.Б. Одлука за формирање на Комисија за настава и обезбедување на квалитет на Универзитетот<br>Прилог 1.4.В. Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025<br>Прилог 1.4.Г. Одлука за Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025<br>Прилог 1.4.Д. Записник од одржан состанок на Центарот за обезбедување на квалитет</td></tr>
<tr><td>1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.</td><td>Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во период од последните пет години (заклучно со академската 2023/2024 година) се спроведени три Самоевалуации на Универзитетот на интервали од најмногу три години. Извештаите за самоевалуациите се јавно достапни на веб страната на Универзитетот.<br>а) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период за 2015-2018 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2015-2018 година (Прилог 1.5.А.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 23.03.2018 година на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Б.).<br>б) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период од 2018-2020 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2018-2021 година (Прилог бр. 1.5.В.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 27.04.2021 исто така на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Г.).<br>в) Предметниов (тековен) Извештај за самоевалуација се однесува за академската 2023/2024 и тој ќе биде основа за надворешна евалуација на Универзитетот и Правниот факултет. Во Прилог 1.5.Д. е дадена одлуката за Комисија за самоевалуација на универзитетот за евалуација во академската 2023/2024 и Прилог 1.3.3. Одлука за Комисија за самоевалуација на Правниот факултет.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 1.5.А. Извештај за самоевалуација 2015-2018<br>Прилог 1.5.Б. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2015-2018<br>Прилог 1.5.В. Извештај за самоевалуација 2018- 2021<br>Прилог 1.5.Г. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2018-2021<br>Прилог 1.5.Д. Одлука за Комисија за самоевалуација на Универзитетот<br>Прилог 1.3.3. Комисија за самоевалуација на Правен факултет</td></tr>
<tr><td>1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]</td><td>Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правниот факултет досега не подлежел на надворешна евалуација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
</table>

Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| **2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).** | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии на Правниот факултет во рамки на Меѓународниот универзитет „Визион“ е регулирана во внатрешните акти на Универзитетот. Внатрешните акти на Универзитетот во кои е регулирана оваа постапка се во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија и подзаконските акти за високото образование.

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми е регулирана во Статутот на Универзитетот и Правилникот за донесување на студиски програми

Согласно член 182 од Статутот на Универзитетот, студиските програми се изработуваат според нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени во единствениот европски простор за високото образование.

Согласно член 3 од Правилникот за донесување на студиски програми Предлогот за основање на нова студиска програма на Правниот факултет се состои од: проект (елаборат за студиската програма) и предлог одлука за основање на студиската програма на Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Проектот за основање на студиската програма содржи: вовед, општ дел, студиската програма и образложение за можноста за реализирање. Во воведот се наведуваат причините за предлагање на студиската програма, можните партнери (стопанство, јавен или приватен сектор и др.) надвор од високобразовниот систем (доколку се предлагаа студиска програма од прв циклус правни студии), елементи со кои се овозможува мобилност на студенти како и други елементи и потребни податоци. Во општиот дел студиската програма се изработува на начин што мора да содржи податоци за називот на предлагачот, називот на студиската програма, траењето на студиите, условите за запишување на студии, академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите и други податоци кои предлагачот ги смета за релевантни. Централниот дел е самата студиска програма. Овој дел содржи: научно подрачје и поле, обем и организација на студиската програма (семестри, вкупен број на кредити), задолжителни и изборни предмети (попис на предметите, нацрт на содржините на предметите и оптоварувањето на студентите, кредитни поени за предметот, облици на настава и начини на проверка на знаењата, литература (задолжителна и дополнителна), како и начини на следење на квалитетот и успешноста на реализација на предметот, генерички и специфични компетенции (знаења и вештини) за секој предмет, задолжителни и изборни активности, основна литература и високообразовна класификација. Образложението за реализација содржи податоци за местото на реализација, опремата и простторот, детални податоци за кадрите (наставници и соработници), финансиска конструкција на студиите и оптимален број на запишани студенти.

Согласно член 183 од Статутот на Универзитетот и член 2 од Правилникот за донесување на студиските програми, студиските програми ги предлага Наставно-научниот совет на Правниот факултет во соработка со Одборот за соработка и доверба со јавноста кој дава свое мислење по предлогот. По прибавено позитивно мислење од Ректорската управа, Предлогот на Наставно-научниот совет на Правниот факултет се доставува до Сенатот на Универзитетот со цел негово усвојување. Сенатот на Универзитетот по предлогот за донесување на новата студиска програма расправа на јавна седница.

Доколку Сенатот го усвои истиот се проследува до Одборот за акредитација на Република Северна Македонија кое е колективно тело надлежно да донесе решение за акредитација на конкретната студиска програма.

По добиена акредитација, Директорот на Агенцијата за квалитет (за прв и втор циклус) или Владата (за трет циклус) донесува решение за почеток со работа.

Постапката за акредитација се спроведува редовно на пет години.

**Прилози**

Прилог. 2.1.А. Статут на Универзитетот, ревидирано издание септември 2021 година.

Прилог. 2.1.Б. Правилник за донесување на студиски програми;

Прилог. 2.1. В. Одлуките на Сенатот со кои се усвоени студиските програми на Правен факултет;

Прилог. 2.1. Г. Решенијата за акредитација на студиските програми на Правен факултет;

Прилог. 2.1. Д. Решенијата за почеток со работа на акредитираните студиски програми на Правен факултет.

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

5 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата

| | |
|---|---|
| применети во развојот на нивните идни професии. | |

На Правниот факултет во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ во моментов се акредитирани три студиски програми и тоа: две на прв циклус на студии и една на втор циклус на студии.
Студиски програми акредитирани на прв циклус на студии се: Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии и Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазикк; Студиска програма акредитирана на втор циклус на студии е: Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии.
Содржините на студиските програми на Правниот факултет се добро осмислени и опишани и се во согласност со нормативите, стандардите и методологијата прифатени во единствениот европски простор за високото образование.
Структурите на студиските програми на Правниот факултет се изработени во согласност со студиските програми на Универзитетот во Барселона, Универзитетот во Истанбул, Универзитетот во Виена, Универзитетот во Белград, универзитети кои доста добро се позиционирани на Шангајската листа. Студиските програми се во согласност со болоњскиот процес во Европската Унија и со европските искуства, со целосно прифаќање и имплементирање на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Структурно студиските програми се изработени на начин што во нив прецизно е утврден соодносот меѓу задолжителните и изборните (факултетски и универзитетски) предмети. Дека ова е така може да се виде во стр. 20-21 од Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 16 од Елаборатот на Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик и стр. 23 од Елаборатот на Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии;
Сите студиски програми на Правниот факултет имаат за цел да создадат професионални кадри кои ќе знаат да ја поврзат правната теорија и практика, кои ќе имаат знаења и вештини да работат во сферата на правосудството, адвокатурата, нотаријатот, извршната и законодавната власт, политички институции, државни институции, претпријатија и компаниите и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации и друго. На овој начин целите на предметите се усогласени со исходот на образовниот процес – создавање на млади кадри со развиени вештини за самостојно критичко и аналитичко размислување во професионалниот живот. Исходот на образовниот процес кој го испорачуваат студиските програми на Правниот факултет е усогласен со дескрипторите на квалификациите содржани во Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации и Законот за националната рамка на квалификации.
Утврдени исходи на образовниот процес за сите студиски програми на Правниот факултет се: способност на студентот самостојно да решава правни проблеми и случаи, етичко однесување на студентот, стекнување на професионални вештини и професионализам во работењето, колегијалност во работењето, стекнување на вештини во комуникацијата, способност за самостојно правно истражување, способност за применување на правото, способност за правно пишување, способност за анализа и резонирање, способност за анализа и примена на релевантни правни принципи, способност за толкување на правото и слично.
Студентите кои завршиле Правен факултет на Меѓународен Универзитет „Визион“ се стекнуваат со знаења и вештини кој влијаат врз нивниот личен и професионален живот. Податоци за конкретни примери, резултати и најдобри практики за студенти кои завршиле Правен факултет, а денес се успешни правници, води Центарот за кариера на Универзитетот.

**Прилози**

Прилог. 2.2.А. Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;
Прилог. 2.2.Б. Елаборатот на Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик;
Прилог. 2.2.В. Елаборатот на Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии;
Прилог. 2.2.Г. Копија од неколку интервјуа со успешни алумни студенти на Правниот факултет, преземени од Билтените за Алумни клубот кои го уредува Раководителот на Центарот за кариера.

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br><br>Релевантни извештаи или препораки. |

Сите студиски програми на Правниот факултет во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и економиијата на Република Северна Македонија (во прв ред Извештаите на државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, Извештаите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, конкурсите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и сл), современите текови во глобалната економија

(во прв ред Извештаите на светскиот завод за статистика за најпопуларни и најплатени професии), политиката на државата за високото образование, како и промените кои настануваат во правото низ процесот на дигитализацијата.
Студиските програми на Правниот факултет опфаќаат практичните аспекти со цел студентите кои завршуваат правни студии лесно и брзо да може да конкурираат на пазарот на трудот. Исто така правната професија како една од најпопуларните професии во светот нуди широки можности за вработување на завршените кадри како во државниот така и во приватниот сектор.
Врз основа на член 122 од Законот за високото образование во рамки на Правниот факултет е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.
Во процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.
Одборот за соработка и доверба со јавноста во рамки на Правниот факултет дава мислење за подобноста на студиските програми согласно со развојните потреби на општеството и економијата.

**Прилози**

Прилог 2.3.А. Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Правен факултет;
Прилог 2.3.Б. Записници од одржани релевантни состаноци на Одборот за соработка и доверба со јавноста;
Прилог 2.3.В. Мислењата на Одборот за соработка и доверба со јавноста за подобноста на студиските програми на Правниот факултет (недостасува мислењето за студиската програма на англиски јазик).

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми на Правниот факултет се изработуваат и ревидираат и во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации).
Согласно член 16 од Правилникот за менаџмент со квалитет студентите се дел од процесот на самоевалуација, преку членство во универзитетската Комисија за самоевалуација и комиситте на единиците. Дел од постапката за самоевалуација е студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми. Студентите преку студентска анкета имаат можност да ги кажат своите идеи во однос на подобрување на студиските програми.
Студентите преку свој преставник, согласно член 2 став 1 точка 5 од Правилникот за работа на Сенатот на Универзитетот учествуваат и во работата на Сенатот на Универзитетот што е особено значајно бидејќи Сенатот е орган кој ги усвојува студиските програми.
Исто така студентите преку изработка на дипломски и магистерските трудови, студиски престои во странство и учество на конференции во државата и странство дополнително помагаат за осовременување на студиските програми. Самото ова води кон создавање на ефикасна средина за учење и подршка на студентите.
Сите студиските програми на Правниот факултет се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат и во соработка и со другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и слично) со цел да се избегне застарување на студиските програми и да се одговори на современите потреби на пазарот на трудот.
Еден од механизмите преку кој се прави ова е самиот факт што во Одборот за соработка и доверба со јавноста членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.

**Прилози**

Прилог. 2.4.А. Правилник за менаџмент со квалитет
Прилог. 2.4.Б. Извадок од Извештаите за самоевалуација за последните 5 години, каде е содржан податок за изјаснувањето на студентите за студиските програми;
Прилог. 2.4.В. Правилник за работа на Сенатот на Универзитетот, донесен на Седницата на Сенатот на 14.08.2015 година;
Прилог. 2.4.Г. Одлуките за избор на претставник на студентите на седниците на Сенатот (за последните 5 години);
Прилог. 2.4.Д. Наслови на одбранети магистерски трудови на Правен факултет во последните 5 години;
Прилог. 2.4. Ѓ. Упатници со кои Правниот факултет испратил свои студенти на студиски престој во странство;
Прилог. 2.4. Е. Листа на имиња на студенти и теми со кои учествувале на конференции во странство;

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература)<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства |

Креирањето на сите студиските програми на Правниот факултет е во согласност со најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студските програми на Правниот факултет се изработени во согласност со позитивните искуства на соодветните студиски програми на познати европски и светски универзитети. Овој процес е видлив и низ континуираното усовршување и реформирање на студиските програми. Трансферот на знаења и користењето на искуствата од одговарачките студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовната основа и на процесот на реакредитација на студиските програми.

Во последните 5 години во студиските програми на Правниот факултет како надворешни/странски наставници или експерти, на покана на Универзитетот, беа вклучени повеќе предавачи-гости.

Студиската програмата Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, е изработена во согласност со студиската програма по правни науки на Правниот факултет во рамки на Автономниот Универзитет во Барселона (кој бил меѓу 301 и 401 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма), студиската програма по Правни науки на Правниот факултет во рамки на Универзитетот во Истанбул (кој бил меѓу 301 и 401 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма) и студиската програма по Правни науки на Универзитетот во Белград (кој бил на 201 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма). Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 41-152 од Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии.

Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик, е изработена во согласност со студиската програма по правни науки на Правниот факултет во рамки на Автономниот Универзитет во Барселона (кој бил меѓу 301 и 401 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма), студиската програма по Правни науки на Правниот факултет во рамки на Универзитетот во Истанбул (кој бил меѓу 301 и 401 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма) и студиската програма по Правни науки на Универзитетот во Белград (кој бил на 201 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма). Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 57-151 од Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик.

Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии, е изработена во согласност со студиската програма по Правни науки на Универзитетот во Белград (кој бил меѓу 201 и 300 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма), студиската програма по Правни науки на Правниот факултет во рамки на Универзитетот во Истанбул (кој бил меѓу 401 и 500 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма), студиската програма по Правни науки на Правниот факултет во рамки на Универзитетот во Виена (кој бил меѓу 1 и 200 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма) и студиската програма по Правни науки на Правниот факултет во рамки на Универзитетот во Болоња (кој бил меѓу 2011 и 301 место на Шангајска листа во времето на изработување на оваа програма).

Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Правни науки едногодишни академски студии од втор циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 36-79 од Елаборатот на Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии.

**Прилози**

Прилог. 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници и експерти кои се вклучени во студиските програми на Правниот факултет во последните пет години;

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на правните студии. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Системот на студирање на првиот и вториот циклус на студии на Правниот факултет е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за прв и втор циклус на студии и овозможува студентот да остварува надворешни активности за време на студирањето. Оптовареноста на студентите од прв и втор циклус на студии е јасно распоределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари,тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење, користење на современа литература, истражувања и извештаи од релевантни институции, практични примери, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми. Во врска со ова подетални информации се содржани на стр. 21 и стр. 236 на Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 22 и стр.26 на Елаборатот на Студиска програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик и стр. 31 и стр.139 на Елаборатот Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии.

Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, што е еднакво на 1800 часа годишно оптоварување.

Согласно член 2 од Правилникот за организирање на клиничка настава за студенти Наставно-научниот совет на Правниот факултет одлучува за кои предмети може да се изведува клиничка настава. Членот 4 од истиот Правилник предвидува вклучување на стручнак од практиката во клиничката настава. За стручнак од практика се смета лице кои има завршено високо образование, има најмалку 10 години работно искуство во соодветната област и да е истакнат стручњак и да има постигнувања во практичната примена на научните знаења. На овој начин студентите се стекнуваат со продлабочени практични знаења. Правниот факултет, како единица на Меѓународен универзитет „Визион“, има соработка со многу приватни компании, како и институции од јавниот сектор кои се јавуваат во улога на креатори на различни политики што им обезбедува на студентите соодветен практичен аспект при решавање на конкретни прашање и нивна анализа. Во текот на студиите, посебно се охрабрува соработката на студентите со конкретни институции при изработка на дипломските и магистерските студии.

**Прилози**

Прилог. 2.6.А Правилник за начинот за организирање на практична настава за студентите;

Прилог. 2.6.Б. Правилник за основите на ЕКТС;

Прилог. 2.6.В. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една во друга единица;

| | |
|---|---|
| Прилог 2.6.Г. Правилник за клиничка настава за студентите;<br>Прилог 2.6. Д. Извештај за реализирана практична настава заедно со прилог дневници за реализирана практична настава на студентите како и податоци за надворешни активности обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии во последните 5 години за сите студиски програми на Правен факултет. | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

6 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | |
| Информациите за студиските програми на прв и втор циклус на студии на Правниот факултет во рамки на Меѓународен универзитет „Визион" во целост се објавени и не постои диспропорционалност помеѓу информациите содржани во Елаборатот на студиските програми и информациите објавени на интернет страната на Правниот факултет. За секоја студиска програма се објавени податоци за: задолжителните и изборните предмети, податок за соодветните ЕКТС кредити, содржината на секој предмет и предметните силабуси кои се неопходни за информирање на студентите.<br>Јазиците на кои се реализираат студиските програми на прв и втор циклус на студити се македонски, турски и англиски јазик, согласно Статутот на универзитетот. Поради ова информациите за сите студиските програми на Правниот факултет се објавуваат на на веб страната на Правниот факултет на трите јазици. | |
| **Прилози**<br>Прилог. 2.7.А. Линк до интернет страната на Правниот факултет каде се наоѓаат информации за студиските програми на прв и втор циклус на студии – линк: https://vision.edu.mk/fakulteler/hukuk-fakultesi/mk;<br>Прилог. 2.7.Б. Информации за прв циклус на студии на Правен факултет – линк: https://vision.edu.mk/fakulteler/hukuk-fakultesi/mk<br>Прилог. 2.7.В. Информации за втор циклус на студии на Правен факултет – линк: https://vision.edu.mk/fakulteler/hukuk-fakultesi/mk | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Студиските програми на прв и втор циклус на студии на Правниот факултет се следат континуирано и периодично се ревидираат. Ова се прави во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација.<br>Програмата на Правниот факултет на прв и втор циклус континуирано се подобрува на начин што се анализираат потребите на пазарот на трудот и модерните текови во правната наука и пракса. Од спроведената компаративна анализа на студиската програма на Правниот факултет акредитирана во 2015 година и реакредитираната студиска програма во 2020 година забележливо е дека новата студиска програма е модернизирана преку изучување на основните правни постулати давајќи им компаративна димензија. Особено со воведување на предмети како Уставно право на Република Турција, Уставно право на САД, Граѓанско процесно право на Република Турција, Казнено процесно право на Република Турција, Надворешна и безбедносна политика на ЕУ во прв циклус на студии и предмети како Споредбено право, Компративно уставно право, Компративно граѓанско процесно право и Компаративно казнено процесно право на втор циклус на студии. На овој начин се зема во предвид интересот на студентите и нивните префенции во изучувањето на конкретни правни системи. Понатаму студиската програма на Правен факултет инсистира на инкорпорација на новитетите во правната наука особено со развојот на техологијата и нејзиниот ефект врз правото и целокупниот правен систем. Во таа насока е предвиден предметот Право на информатичка технологија, како посебна правна дисциплина на изучување и истовремено во наставните програми на останатите предмети се внесени новините кои информатичката технологијата ги предизвикува во правото. Освен | |

тоа реакредитираната студиска програма ги зема во предвид и развојот на правната наука во медиумската област и меѓународниот промет со воведување на предметите како Алтернативно решавање на спорови, Царинско право и Оштетно право. Оттука забележлива е голема интеракција на новата студиска програма со студиските програми на референтните универзитети и тоа 83% со студиската програма по правни науки на Автономниот Универзитет во Барселона, 80% со студиската програма по правни науки на Универзитетот во Истанбул и 86% со студиската програма по правни науки на Универзитетот во Белград. Подетални информации во врска со ова се достапни на стр. 22-23 на Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии; стр. 19-21 на Елаборатот на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик и стр.24 на Елаборатот на Студиската програма Правни науки, од втор циклус на студии.

Постапката за акредитација односно реакредитација се спроведува редовно на пет години, а започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма.

За сите промени на студиските програми учесниците и засегнатите страни навремено се известуваат на веб страната каде се наоѓаат информациите за студирање.

Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми, навремено се објавуваат на веб страната на Правниот факултет и истите се јавно достапни. Материјалите по секој од предметите вклучени во наставната програма се избрани со цел да обезбедат знаења за суштинските теоретски концепти и практични решенија, а се практикува и редовно дополнување на литературата со тековни материјали и публикации, со цел студентите да се стекнат со критичко размислување и да дискутираат за актуелни теми во општеството.

Наставата на Правниот факултет редовно се спроведува согласно Правилата за студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот содржани во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот.

Деканот на Правниот факултет секоја година изготува Извештај за спроведената настава.

Наставата се спроведува врз основа на Одлука за распределба на предмети меѓу предметните професори која се изготвува пред почетокот на секој семестар односно два пати во текот на годината.

Наставата се изведува согласно Распоред на часови кој се објавува онлајн на веб страната на факултетот пред почетокот на секој семестар.

**Прилози**

Прилог 2.8. А. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии);

Прилог 2.8.Б Извештаи за работа на декан на Правен факултет

Прилог 2.8. В. Одлуки за распределба на предмети по семестар, за последните 5 години;

Прилог 2.8. Г. Распоред на часови, копии за последните 5 години.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Анализата и систематското следење на статистичките податоци поврзани со бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година навремено се извршуваат од страна на студентската служба и истите се соджани во годишните извештаи на Ректорот. За дел од информациите Правниот факултет законски е обврзан да доставува статистички податоци до Државниот завод за статистика.

Податоците за бројот на предмети од студиската програма се содржани во Елаборатите за односните студиските програми и истите се објавени на веб страницата на факултетот.

Просечни оценки на секој професор за својот предмет системски се следат и генерираат преку вибис системот кој Правниот факултет го користи за електронско водење на студентските досиеа.

Од спроведената анализа на Годишните извештаи на ректорот за работата на Универзитетот во последните пет години можат да се генерираат следниве информации.

**Прилози**

Прилог. 2.9.А. Годишни извештаи на ректорот за работа на Универзитетот.

Прилог. 2.9. Б. Табели за бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година и бројот на предмети од студиската програма

Стандард 3

## СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br><br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Структурирањето на начинот на реализација на наставните програми и оценувањето на студентите на Правен факултет е утврдено со Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите и со Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите. Приказот на системот за изведување на настава на Правен факултет е регулиран во чл.3 ст.1 од Правилникот според кој на почетокот на семестарот предметниот наставник е должен да ги запознае студентите со содржината на предметната програма, распоредот на предавањата и вежбите во текот на неделите наменети за наставни активности, предвидените форми на наставни активности, начините на вреднување на сите наставни активности, видот, начинот и содржината на испитот (колоквиумот), вкупниот број поени (минималниот праг и максималниот број) и нивна распределба и начинот на формирање на оценката. Студентите се мотивираат да имаат проактивно учество во процесот на учење преку воведување на незадолжителни и/или дополнителни предиспитни активности. Согласно чл. 3 ст. 3 од истиот Правилник предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на незадолжителните и/или дополнителните предиспитни активности за секој студент во студентскиот ИТ систем, меѓутоа оваа евиденција може да се води и во друга форма (електронска и/или писмена). Мотивирањето на студентот во процесот на учење е согледано со валоризирањето на неговата активност, која се вреднува при формирањето на оценката. Според чл. 4 од Правилникот предвидено е студентот преку реализацијата на задолжителните и/или дополнителните предиспитни активности во текот на неделите наменети за наставни активности и/или полагањето на испитот да може вкупно да освои најмногу 100 поени. 30 поени до вкупниот број на поени по определен предмет редовниот студентот, може да ги добие врз основа на други активности и резултати. Конкретни примери за тоа се: присуство и активност на предавањата; присуство и активност на вежби; изработка на семинарски труд; самостојна (домашна) работа; изработени или реализирани проекти/програми; освоени награди или пофалници; учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма. Особено мотивирањето на студентите се согледува преку обврската за внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето од чл. 7 од Правилникот за системот за менаџмент со квалитет која предвидува создавање и надградување на механизам за мотивација на студентите во процесот на учењето, примена на различни модели на настава со отворена можност кон флексибилни пристапи на учење, адаптација на начините на изведување на настава со посебен фокус кон интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, учење базирано на проекти, транспарентност на методите на вреднување и оценување на студентите, доследно и праведно оценување на студентите прилагодено кон целите на програмата. Мотивирањето на студентите за активно учество во наставата дополнително е поттикнато и со Правилникот за подршка на развојот на надарените и талентираните студенти. Студентите кои според дефинирани критериуми во овој Правилник се категоризираат како надарени и талентирани студенти можат да ги користат бенефициите обезбедени од Универзитетот кои се регулирани со чл 11 од Правилникот. Конкретни примери за овие бенефиции се: предвремена реализација на академски обврски, акцелирање на семестрални и студиски обврски, обезбедување комуникација и контакти со соодветни институции, организации и истакнати стручни лица, доделување на награди и признанија, обезбедување финансиска подршка, обезбедување на предност при аплицирање за меѓународна студентска мобилност во рамките на Еразмус+ и во рамки на билатерални договори со странски универзитети/факултети, обезбедување соодветни препораки при вработување и слично. Од друга страна чл. 3 од Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите детално ги опишува критериумите за оценување на присуството и активност, семинарска работа/проект и другите активности.

**Прилози**

Прилог. 3.1.А. Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите

Прилог. 3.1.Б. Правилникот за системот за менаџмент со квалитет

Прилог. 3.1.В. Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите

Прилог. 3.1.Г Елаборат на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;

Прилог. 3.1.Д. Елаборат на Студиската програма Правни науки, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик;

Прилог. 3.1.Ѓ. Елаборат на Студиската програма Правни науки, едногодишни академски студии од втор циклус на студии;

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

На Правниот факултет може да се запишат и да студираат студенти од сите националности, лица кои завршиле средно образование во Република Северна Македонија и во странство, без било каква дискриминација. Студентите кои завршиле во странство треба да достават Решение за признавање на соодветната образовна квалификација издадено од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии). Студентите може да се запишат и да студираат како редовни или вонредни студенти согласно нивните можности и потреби.

Редовните студенти се запишуваат и студираат согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии), додека вонредните студенти се запишуваат и студираат согласно Правилникот за вонредно студирање.

Правилникот за вонредно студирање е целосно насочен кон потребите на студентите кој не можат да студираат како редовни студенти. Согласно член 12 од овој правилник се дава можност да студираат и лица кои се во работен однос во земјата и странство, лица со физичка попреченост, лица кои поради здравствени причини не се во можност да ја следат наставата, родител на дете до 5 години, лице кое се отселило во странство под одредени услови, лице кое исполнува други оправдани услови утврдени со одлука на наставно научниот совет на Правен факултет.

Правилникот за еквиваленција ги признава ектс кредитите и годините кои студентите ги поминале на студии на други факултети доколку се исполнети условите со што се дава можност за поголема мобилност на студентите согласно нивните потреби.

Наставните активности за редовните студенти се реализираат со традиционална настава, но и со практична настава, клиничка настава и секој друг облик на настава кој би бил погоден за студентите.

Наставните активности на вонредните студенти се реализираат со традиционална настава, студирање на далечина и менторска настава согласно член 19 од Правилникот за вонредно студирање.

Согласно елаборатите на студиските програми на Правниот факултет најголем дел од предметните програми користат модел на интерактивна настава што овозможува студентите да бидат активно вклучени во наставата, што позитивно влијае на формирањето на оценката. Активноста од друга страна е предусловена и од присутноста на студентите на предавањата и вежбите и дава добра основа за интеракција.

Иновативни методи во наставата се учество на гости, практичари-предавачи од земјата и странство, виртуелни предавања на професори од реномирани светски универзитети, посета на институции, правна клиника и др.

Професорите на Правниот факултет покрај редовните форми на настава предавања и вежби редовно држат и консултации со студентите. Во вршењето на предавањата и во комуникацијата на професорите со студентите се применуваат педагошки мерки, со цел да го акомодираат наставниот материјал и целите на наставниот предмет во согласност со квалитетите и потребите на студентот. Сите пристапи на учење се насочени кон потребите на студентите.

Универзитет има донесено и одлука за адаптација на просторот со цел давање на можност и на лица со попреченост редовно да може да ја следат настава, без каков и да било тип на ограничувања.

**Прилози**

Прилог. 3.2.А Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии ( постдипломски студии)

Прилог. 3.2.Б Правилник за вонредно студирање

Прилог. 3.2.В Правилник за еквиваленција

Прилог. 3.2. Г Правилник за неповредливост на универзитетски простор и уредување на просторните услови

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на<br>начините на изведување настава. Наставата се | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани<br>проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма |

| | |
|---|---|
| темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) на Меѓународен универзитет Визион во Гостивар се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (предавања, вежби, консултации, менторство, теренска настава и клиничка настава .) Оваа настава може да се изведува како традиционална настава согласно Правилникот.
Наставните активности за вонредните студенти можат да се изведуваат во облик на традиционална настава, настава со студирање од далечина и настава со менторирање согласно чл. 29 од Правилникот за вонредно студирање.
Наставата може да се одвива и во виртуелно окружување за учење (е-учење) Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата на факултетот - сите овие можности се целосно искористени од Меѓународен универзитет Визион и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики.
Дополнително и во Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот, јасно се наведени начините, механизмите и предметот на оценување односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.
Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се презентирани во Информаторот за студирање кој секоја година го објавува Меѓународниот универзитет "Визион", а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во наставата. Се разбира секој од овие механизми одговара на природата на студиската програма - практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви итн.
Секоја студиска програма развива посебен пристап кон наставата, најсоодветен на содржините и програмата која треба да се пренесе на студентите, вклучувајќи и посебни и иновативни пристапи кон наставата..
Најголем дел од програмите користат и иновативни пристапи во наставата кои се стимулираат и поттикнуваат од менаџментот на Факултетот - гости предавачи од практиката и другите научно-истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања и предавања, студии на случај во наставата, користење на модерна технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите во кој интерактивно се вклучуваат и студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, симулирани судења итн.

**Прилози**

Прилог. 3.3.А. Водич за студирање

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување
Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, како и детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користат за секоја

студиска програма. Професорите и наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.
Важно да се напомене дека во оваа насока за секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати - на веб страната, во Елаборатите на студиските програми, како и во Информаторот за студирање. Студентите се оценуваат со континуирано полагање (колоквиуми) или завршен испит како и со остварување на други дополнителни активности. За да го положат испитот треба да освојат минимум 51 поени од вкупно 100 поени. Системот Вибис овозможува транспарентно следење на резултатите на студентите и од страна на студентите и од страна на професорите во електронска форма.
Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, чл. 55 од Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Меѓународниот универзитет „Визион“ во Гостивар, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување.
Согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите, детално е разработена структурата на оценувањето. Упатството издава насоки за спроведување на испитите и оценувањето на писмените испити во зависност од тоа дали се работи за колоквиуми, финален испит или поправен испит. Во Упатството се даваат и насоки според кој треба да се валоризираат семинарските трудови и другите активности на студентите.

**Прилози**

Прилог. 3.4.А. Статут на Меѓународниот универзитет Визион
Прилог. 3.4.Б. Упатство за работа на универзитетскиот менаџмент систем - Вибис

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

На Правниот факултет критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се јасно утврдени во правните акти на Универзитетот и во Елаборатите на студиските програми. Критериумите и методите на вреднување и оценување им се однапред познати на студентите и истите се јавно достапни.
Методи на вреднување на студентите се: следењето, проверувањето и оценувањето.
Предметниот наставник го следи студентот континуирано во текот на совладувањето на содржината на предметната програма. Влезните параметри преку критериуми кој предметниот наставник го следи студентот при совладувањето на содржината на студиската програма се регулирани во член 4 и член 5 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот донесен на седницата на Сенатот одржана на ден 19.12.2023 година, а истите се составен дел и на Елаборатите на студиските програми. Предметниот наставник го следи студентот преку: задолжителните форми на наставни активности (предавања, теренска настава, вежби, семинарски работи, тимска работа), другите форми на активности (проектни задачи, самостојни задачи, домашно учење) и преку начинот на оценување на знаењето на студентот предвиден во елаборатите на акредитираните студиски програми, за секоја предметна програма посебно. Следењето на студентите е возможно и во електронска форма преку Вибис системот каде соодветно се внесуваат резултатите на студентите по сите горенаведени критериуми.
Проверувањето како метод на вреднување на студентите се врши врз база на сите методи за следење на студентот.
Оценувањето како метод на вреднување е остварениот успех од дадените импути (критериуми) помножен со процентуалното учество во оценката. Оценувањето на студентот е излезен параметар.
На Правниот факултет е воведен нумерички систем на оценување и нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите.
Нумеричкиот систем за оценување на редовните студенти е регулиран во член 56 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии). Истиот е во согласност и со член 18 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Конечната оценка на редовниот студент се формира преку континуирано оценување (колоквиуми) или завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка 8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.
Нумеричкиот систем за оценување на вонредните студенти е регулиран во член 48 на Правилникот за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион. Конечната оценка на вонредниот студент се формира преку завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка

8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.
Нумеричкиот систем за вреднување на работата на студентите е воведен во членовите 25-28 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитет Визион согласно кој студиските програми се вреднуваат со ЕКТС кредити. Според овој Правилник студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма. Еден кредит (поен) одговара на 25 часа работа, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува 1500 часа (60 ЕКТС годишно x 25 часа).
Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се содржани во претходно споменатите правни акти на Универзитетот и истите се објавени на веб страната на Универзитетот во делот Важни документи од каде се и јавно достапни на студентите.

**Прилози**

Прилог 3.5.А Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето е мерка за постигнатите резултати од учењето на студентот. Оценувањето се спроведува согласно целта на предметот. Оценката одговара на вистинското знаење на студентот и таа е резултат на очекуваниот исход од учењето и одговара на соодветниот број на поени кои може да ги освои студентот. Согласно членовите 11-16 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето постои разлика во бројот на поените кои преку оценување може да ги освои редовен студент кој полага преку колоквиуми, редовен студент кој полага завршен испит и вонреден студент. Имено, преку оценување редовниот студент треба да освои над 35 поени односно може да освои максимум 70 поени преку полагање на колоквиумите, како и најмалку 15 поени со реализација на други активности (присуство и активност на предавањата, присуство и активност на вежби, изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа, изработени или реализирани проекти/програми, освоени награди или пофалници, учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма). Редовните студенти кои не го положиле, односно не го полагаат испитот преку колоквиуми, т.е. го полагаат испитот само преку завршен испит, се оценуваат со поени од 0 до 70. Услов за положен испит се освоени над 35 поени од испитот и освоени најмалку 15 поени од другите наставни активности активности наведени во член 4, што значи вкупно над 50 поени. Преку оценување вонредниот студент треба да освои над 50 поени односно може да освои максимум 70 поени преку реализација на испитот, како и најмалку 10 поени со реализација на некоја од следните активности: изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа и изработени или реализирани проекти/програми.
Оценувањето е доследно и праведно за сите студенти во согласност со постојна транспарентна процедура на Универзитетот регулирана во членовите 41-57 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) притоа студентите се во можност да го демонстрираат степенот на постигнатите резултати од учењето и да добиваат повратни информации. Студентите однапред се информирани за: календарот и распоредот на испити, начинот на кој може да пријават испит, испитните рокови, изведувањето на испитот и начинот на изведување на испитот, јавноста на испитот, објавувањето на резултатите од испитот, правото на приговор на оценката и можноста за комисиско полагање. Оценките на студентите се објавуваат јавно на електронскиот систем на Универзитетот (секој студент има увид само на својата оценка). Согласно член 47 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) за континуираното како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите јавно се објавуваат преку електронскиот систем на Универзитетот најдоцна во рок од 7 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот. Студентот согласно член 49 на истиот Правилник може да поднесе приговор до предметниот наставник најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на резултатите доколку не е задоволен од резултатот на испитот или дел од испитот или од оценката или доколку смета дека испитот не е спроведен во согласност со актите на Универзитетот. Постапувајќи по приговорот на студентот

предметниот наставник може да ја потврди оценката која што претходно ја утврдил или да ја преиначи. По 3 (три) неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, согласно член 21 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до Деканот за комисиско полагање на испитот. Деканот постапувајќи по барањето на студентот може да донесе одлука за формирање на трочлена комисија од иста или сродна наставно-научна област пред која студентот во таа испитна сесија ќе го полага испитот. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.
На вториот циклус на студии испитувањето може да се спроведува од повеќе испитувачи. На овој циклус на студии наставата ја реализира предметна комисија составена од двајца наставници, којашто учествува и во спроведување на испитите и реализацијата на другите активности од предметната програма. Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна програма предметниот наставник детално ги запознава студентите со Годишната програма за работа за содветниот предмет каде што составен дел покрај задолжителна и дополнителна литература, начинот на изведување на наставата преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет.
Оценките на студентите за сите циклуси на студии се објавуваат во електронскиот систем на Универзитетот. Оценките се видливи за студентот и предметниот професор. На страната abc.vizyon.edu.mk преку внесување на својот пасворд и лозинка предметниот професор има увид до просечнните оцени постигнати од студентите на својот предмет. Увид до просечните оценки за сите предмети во годината преку електронскиот систем има и раководителот на службата за информатичка технологија на Универзитетот. На овој начин може да ги следи просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми во секоја академска година.
Совети за учењето студентите може да добијат во терминот за консултации со предметните наставници. Времето за консултации на секој предметен професор на Правниот факултет е објавено на веб страната.
Формирањето на оценката е резултат на континуирано следење на студентот во текот на семестарот секоја негова наставна или вонннаставна активност е соодветно валоризирана и рефлектирана во оценката. Како редовни наставни активности се вбројуваат подготовка на семинарски трудови, презентација на спроведени истражувања, вклучување во дебати, активност на предавања и вежби. Како вонннаставни активности се вбројуваат учеството на посети (научни или културни) организирани од Универзитетот, учество во хуманитарни кампањи и демонстрирање на општествена одговорност, учество и следење на панели, конгреси и семпозиуми.

**Прилози**

Прилог 3.6. А Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми
Прилог 3.6. Б Термини за консултации со предметните наставници на Правен факултет

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Во Правниот факултет постои формална процедура на жалба и формална процедура на прием на пријави на корупција од студенти.
Согласно член 249 од Статутот на Универзитетот и согласно Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите усвоен на ден 14.8.2015 година правото на жалба на студентот му е загарантирано во дисциплинската постапка против одлуката на дисциплинската комисија. Против одлуката на дисциплинската комисија студентот има право да поднесе жалба до Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Исто така Правниот факултет има отворена политика за прием на жалби кои може да се достават во соодветни сандачиња кои јавно се поставени на видливи места на факултетот. Во насока на заштита на правата на студентите согласно член 252 од Статутот се избира и Студентскиот правобранител.
Со цел поефикасно спречување и заштита од корупција на XL –та седница на Сенатот на Универзитетот одржана на ден 17.11.2022 година беше усвоен Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен Универзитет Визион и беше донесена одлука со која проф. д-р Зоран Филиповски (редовен професор на Правниот факултет) беше назначен за овластено лице за преием на пријави на корупција во Универзитетот. Со самото ова во Универзитетот се создаде формална процедура за пријавување на корупција.
Со Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција се уредува поимот на корупција, лицата против кои може да се поднесе пријава на корупција, работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција, можните подносители на пријавите на корупција, начинот на поднесување и содржината на пријавата на корупција, постапката и одлучувањето по пријавата на корупција и евиденциите кои ги води овластеното лице.
Согласно член 12 од Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријава на корупција, пријава на корупција може да поднесе секое физичко и правно лице. Одовде не постои

никаква правна пречка студент од прв, втор или трет циклус на студии да поднесе пријава на корупција. Дополнително ова право на студентот е загарантирано и затоа што согласно член 14 став 3 пријавата на корупција студентот може да ја поднесе и анонимно. Исто така на веб страната на Универзитетот е објавена и маил адресата „korupcija@vision.edu.mk“ на која студентите може да поднесат пријави и по електронски пат.
Овластеното лице за преим на пријави на корупција согласно член 32 од Правилникот најмалку двапати во годината изготвува Извештај за својата работа во која се содржи и податок за приемите пријави на корупција. Досега овластеното лице за прием на пријави на корупција има изготвено три извештаи. Од содржината на извештаите може да се заклучи дека досега ниту еден студент не поднел пријава на корупција. И покрај фактот што ниту еден студент не поднел пријава на корупција во Универзитетот системот за пријавување на корупција е функционален и ефикасен доколку во иднина биде поднесена ваква пријава.

**Прилози**

Прилог 3.7. А Правилник за дисциплинска одговорност на студентите

Прилог 3.7. Б Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог 3.7. В Одлука за избор на овластеното лице за прием на пријави на корупција

Прилог 3.7. Г Извештај за работа на овластеното лице за прием на пријави на корупција

Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Запишувањето на студии на акредитираните циклуси се врши по пат на јавен конкурс, согласно Законот за високото образование (Прилог.4.1.А.) и Статутот на Меѓународниот Универзитет ,,Визион” (Прилог.4.1.Б.)<br>Правниот факултет при Меѓународниот Универзитет ,,Визион” при реализација на образовната дејност утврдува ослови, критериуми, правила и постапка за запишување и стдудирање на прв и втор циклус студии согласно Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на МУВ (Прилог.4.1.В)<br>Условите за запишување на новите студенти на прв циклус на студии, на студиската програма по Правни науки прв и втор циклус студии се дефинирани во конкурсот за запишување, кој се распишува секоја академска година, каде се пропишани условите и критериумите за прием на нови студенти.<br>Конкурсот покрај условите и критериумите за запишување содржи: број на студенти, постапка за спроведување, рокови за пријавување, полагање и запишување.<br>На втор циклус на студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од прв циклус. Условите за запишување на новите студенти се уредува со Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на МУВ (Прилог.4.1.В)<br>Со Правилниците за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус студии донесени од страна на Сенатот на МУВ (25.09.2018) освен условите за запишување на студии се регулираат и постапките за запишување (конкурс за запишување, пријава за конкурирање, селекција на кандидати и.др.) Во Правилниците подетално се дефинирани критериуми за изведување настава, заверка на семестар, академски календар и распоред на испитите, пријава на испит и испитни рокови, објавување на резултати, дипломска работа (магистерска теза и докторска дисертациј), услови за завршување на студии како и престанок и обнова на статусот студент.<br>По завршување на студиите од прв и втор циклус студии, студентите на Правниот Факултет добиваат документација (Уверение, диплома и додаток на диплома) која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии согласно Правилникот за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот. (Прилог.4.1.Г)<br>Со Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог.4.1.Д) се уредува организацијата на студиите за вонредни студенти, правото, начинот и условите за запишување и избор на вонредните студенти, како и облиците за изведување на настава на вонредните студенти на Меѓународен универзитет „Визион“ Процесот за вонредно студирање го раководи, раководителот на Студентската служба на Универзитетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог.4.1.А. Закон за високо образование<br>Прилог.4.1.Б. Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион”<br>Прилог.4.1.В. Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии )<br>Прилог.4.1.Г. Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот<br>Прилог.4.1.Д. Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
</table>

Примена на системот за континуирано следење и оценување на успехот на студентите е регулирано со членовите од 25 до 33 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот "Визион„(**Прилог.4.2.А)**

Во рамки на Правен факултет се води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на дипломирање, магистрирање и докторирање.

Со Правилникот за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог.4.2.Б)** поблиску се уредуваат условите и начините за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет „Визион" и единиците во негов состав, организацијата, процедурите, начините на утврдување на оценки, заштитата на правата на студентите, како и други прашања во врска со проверката на знаењето на студентите.

Предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на наставните активности за секој студент во студентскиот ИТ систем. Полагањето на предметите се реализира преку континуирано оценување (полагање колоквиуми) или завршно оценување (полагање испит).

Постигнувањето на студентот, изразено во освоени поени за реализацијата на предиспитните активности и полагањето на колоквиумите и/или испитите, како и процентуалната распределба на освоените поени во конечната оценка и конечната оценка за положените испити, се запишува во електронското досие на студентот во студентскиот ИТ систем.

Со Правилникот за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог.4.2. В)** се регулира електронскиот систем за оценување и следење на студентите претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти.

Наставниот кадар води писмена (лист за присуство) и електронска евиденција (**Прилог. 4.2.Г)** за присуствата на студентите на предавања и вежби согласно распоредот на часовите за наставниот кадар. На платформата Теамс, факултетот има поставено апликација - Извештај за присуство на студентите за сите студиски програми, по наставни предмети, кои се пополнуваат после секој одржан час на предметниот наставник. На тој начин имаме транспарентна следливост на присуствата на студентите во реално време. Наставниот кадар го следи напредокот на студентот, тековно и преку изработката на семинарски, проектни и други задачи, како и преку ангажираноста на студентите во термините за консултација кои се јавно објавени и транспарентни за студентите.

Правниот факултет го користи универзитетскиот електронски систем VIBIS (универзитетски менеџмент систем) кој овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање. Користење на системот Vibis (on-line), преку кој наставниот кадар има можност да го следи напредокот на студентиот со резултатите од првиот колоквиум, вториот колквиум, испитите, семинарските и другите активности (**Прилог. 4.2. Д)**. Системот е апликативени за статистички податоци, како среда оценка и слично.

Факултетот делува проактивно на тој начин што врши анкета **(Прилог 4.2.Ѓ)** на студентите после завршување на првиот колоквиум со цел да го евалуира квалитетот на реализација на наставната програма на наставниот кадар. Информациите од анкетата на студентите се користат во плановите за подобрување на наставниот процес за секој наставен предмет на Факултетот.

**Прилози**

**Прилог. 4.2.А**. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен универзитетот визион во Гостивар

**Прилог. 4.2.Б.** Правилник за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет "Визион„

**Прилог. 4.2.В.** Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион

**Прилог. 4.2. Г.** Месечен извештај за присуство на студентите на предавања и вежби

**Прилог. 4.2. Д.** Прирачник за работа со Универзитетскиот Менаџмент Систем – ВИБИС

**Прилог. 4.2. Ѓ.** Анкета за студентско искуство

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Со членовите 20 и 21 од Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на Меѓународен Универзитетот "Визион" (**Прилог. 4.3.А)** опфатено услови за студент гостин и студент на мобилност. Додека премин од едни на други студии или премин од високообразовни студии е регулирано со членовите од 72 до 78 од истиот правилник. Согласно член 80 од горенаведениот правилник студентот може да студира на две студиски програми од прв циклус студии истовремено (паралелно студирање), на една или повеќе високообразовни установи, доколку е предвидено со студиската програма и доколку не влијае на исполнувањето на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.

Информациите за премин од едни на други студии и премин на друга единица пошироко е регулирано со членовите 16, 37, 38 и 39 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот "Визион" (**Прилог. 4.3.Б**).

Информации за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие кое го води службата за студентски прашање. Досие посебно се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности.

Постапката за еквиваленција на предмети при трансфер на студенти од други институции при Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар се регулира со Правилник за еквиваленција на предмети на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 4.3.Г**). Во согласност на наведените прописи трансферот за мобилност е базиран на Болоњскиот процес и ЕКТС .Согласно член 3 од овој правилник, процесот за мобилност се координира од страна на шефот за студентски прашања во соработка со соодветниот деканат.

Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите кој се води во кординација со координаторот за ЕРАЗМУС. Општи услови за пријава на Еразмус програмата, потребни документи за пријава за Еразмус+ Мобилности и услови за аплицирање за мобилност за студирање, грантови и квоти е опфатено на Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање **(Прилог. 4.3.Д)**

Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог. 4.3.Ѓ)** опфаќа остварување соработка со: универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност, размена на научни и стручни публикации, научни информации, учество на научни средби, симпозиуми, конференции, организирање на заеднички и меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование, организирање зимски/летни универзитети, мобилност на студенти и на наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации и слично како и изведување на други високообразовни и научни активности.

Со Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог. 4.3.Е)** се утврдуваат рамките, принципите, условите, организацијата и методите на спроведување на активностите за неформално образование, како и опсегот на правата, обврските и одговорностите на учесниците, организаторите и институциите кои ги спроведуваат активностите, обезбедувајќи квалитет и транспарентност во процесот на едукација.

**Прилози**

**Прилог. 4.3.А.=4.1.В.** Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии).

**Прилог. 4.3.Б.=4.2.В.** Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот „Визион".

**Прилог. 4.3.Г.** Правилник за еквиваленција на предмети на Меѓународен Универзитет „Визион„.

**Прилог. 4.3.Д.** Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање

**Прилог. 4.3.Ѓ.** Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион
**Прилог. 4.3.Е.** Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Согласно член 155 од Законот за високо образование (**Прилог.4.4.А)** е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома.
Со Статутот на Меѓународен Универзитет Визион, студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него Универзитетот му издава диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата (Diploma Supplement). Дипломата и додатокот на диплома на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот односно директорот на единицата на Универзитетот и се оверува со сув печат на Универзитетот.

Со Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот (**Прилог.4.4.Б**) подетално е уредено неопходните информации за завршените студии.

Студентите на Меѓународниот Универзитет Визион - Гостивар по завршувањето на студиите добиваат документација (уверение, диплома,додаток на диплом) за прв, втор и трет циклус во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.
Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите на студиските програми на П (**Прилог.4.4.В, Прилог.4.4.Г, Прилог.4.4.Д)**

**Прилози**
**Прилог.4.4.А.=4.1.А.** Законот за високо образование
**Прилог.4.4.Б.=4.1.Д.** Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот.
**Прилог.4.4.В.** Елаборат на студиска програма Правни науки, прв циклус на студии
**Прилог.4.4.Г.** Елаборат на студиската програма Правни науки, прв циклус на студии на англиски јазик
**Прилог.4.4.Д.** Елаборат на студиската програма Правни науки, втор циклус на студии

Стандард 5

## СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]

7 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Правниот факултет води Листа на биографии во Europass формат на ангажираниот наставен кадар за сите студиски програми на сите циклуси на студирање. Биографиите содржат информации за последните пет години, профилот на наставникот, завршени циклуси на студии, стекнати звања, научно-истражувачка работа и резултати (Прилог 5.1.А.) Овие документи се достапни за проверка, подлежат на редовно шестмесечно и годишно ажурирање и даваат детален преглед на компетентноста и квалификациите на наставниот кадар. Во делот на резултатите особено се забележува прогрес во развојот на научно-истражувачката работа, за што сведочи трендот на зголемен број на научно-истражувачки трудови презентирани во Биографиите, учеството на конференции, симпозиуми, конгреси, како и разни видови на проекти (вклучително и Еразмус). Биографиите на наставниот кадар се објавени и јавно достапни на веб страната на факултетот.

Потврдувањето на квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на наставната програма, соодветноста на профилот и концептот на академските студии се потврдува со Одлуки во звања на наставниот кадар на Правниот факултет (Прилог 5.1.Б), кои се донесуваат во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.1.В.), што потврдува дека изборот е спроведен согласно законските и академските стандарди. Квалификациите на наставниот кадар се потврдуваат и со акредитациите на соодветните факултети, како и со распределбата на наставните предмети во склоп на студиската програма.

Прегледот на наставни предмети кои наставниот кадар ги предава во академските учебни години на сите циклуси на студии се презентирани во Годишните извештаи од Деканот на Правниот факултет за изминатите пет години. Во Прилог 5.1. Г. е претставен збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии на факултетот. Овој преглед е подреден по азбучен ред на презимето на вработеното или ангажираното лице и вклучува податоци за предметите кои се предавале. На овој начин се обезбедува транспарентност и увид во работните задачи и обврски како и квалификациите и профилот на наставниот кадар.

Може да се направи еден пресек по однос на динамиката во делот на наставниот кадар, односно број на наставници, редовни вонредни и доценти на Правен факултет (Прилог 5.1.Д.)

Со обезбедувањето на горенаведените документи, високобразовната установа демонстрира дека го исполнува критериумот за компетентност на наставниот кадар, што е критичен фактор и од суштинско значење за квалитетот на студиските програми.

**Прилози**

Прилог 5.1.А. Листа на биографии на наставен кадар

Прилог 5.1.Б. Листа на Одлуки за избор во звања на ФИиА

Прилог 5.1.В. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.1.Г. Збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии

Прилог 5.1.Д. Пресек на број на наставен кадар за последните пет години

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Универзитетот односно факултетот го следи објавувањето на научно-истражувачките трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации групирани по категории предвидени во член 2, точка 24 (А-Ѓ) од Законот за високо образование (Прилог 1.2.В.). Во Прилог 5.2.А. е даден преглед на објавени трудови на наставниот кадар групирани како:

- Научни списанија со рецензирани трудови индексирани во бази како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или други утврдени од Националниот совет за високо образование.
- Научни списанија со рецензирани трудови и меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји.
- Научни списанија со рецензирани трудови објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Книги или делови од книги рецензирани и објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири со програмски или научен комитет составен од членови од најмалку три земји.
- Преводи на капитални дела во области утврдени од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Овој документ ги групира трудовите и е подреден по азбучен ред на презимето на наставниот кадар. Објавените трудови на наставниот кадар прикажани во прилогот потврдуваат дека наставниот кадар генерира релевантни трудови кои придонесуваат за развојот на компетентноста на наставникот и придонесуваат за развој на науката со тоа што трудовите се рецензирани, се однесуваат на научно-истражувачката област на наставниот кадар и се публикувани во референтни научни публикации.

Секој труд е придружен со линк до оригиналната публикација, што овозможува лесна верификација и проверка на трудовите (Прилог 5.2.Б.) Од следење на линковите до научно-истражувачките трудови на наставниот кадар може да се стекнат корисни сознанија за тоа во кои научни списанија се публикуваат научно-истражувачките трудови, каде тие списанија се индексирани, кој е импакт факторот и други карактеристики. Низ времето бројот на публикации и во квалитативна и во квантитативна насока бележи позитивен тренд, со што се засилува научно истражувачкиот капацитет на целата институција.

Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;
Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;
Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).
Работата на помошните и административните служби базично е регулирана во Статутот на Универзитетот (**Прилог. 6.3.А)** во согласно со принципот на интегрираност. Работата на помошните/административните служби е регулирана интегрирано на ниво на Универзитетот. Согласно Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.3.Б)** работни места на ненаставниот кадар се: работните места во стручно-административната служба и работните места во канцелариите и центрите на Универзитетот.
Стручната и административната служба се организира како централна интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот. Во административната служба на Универзитетот се вработени 23 помошни-административни вработени од кои 10 жени и 13 мажи. **(Прилог. 6.3.В)**
Правилникот за стручно усовршување на вработените на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.3.Г)** ги уредува начелата, условите и процедурите за стручно усовршување како и стекнувањето на вработените на Универзитетот со технички вештини.
Стручно усовршување на ненаставниот кадар вклучува внатрешни обуки и семинари организирани од Универзитстот и надворешни обуки и семинари поврзани со работните задачи на вработените. Во предходните академски години континиурано е реализрино ИТ обуки на ненаставен кадар (административни вработени). (**Прилог. 6.3.Д)** Во академската 2024/2025 година се планира да се продолжи со ИТ обуки како и и да се организира курсеви по англиски

јазик за ненаставен кадар на Универзитетот.

**Прилози**
**Прилог. 6.3.А=4.1.Б.** Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион"
**Прилог. 6.3.Б.** Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион
**Прилог. 6.3.В.** Листа на работни места на ненаставниот кадар
**Прилог. 6.3.Г.** Правилник за стручно усовршување на вработените на Меѓународен Универзитет Визион
**Прилог. 6.3.Д.** Извештај по курс на ИТ вештини на ненаставен кадар

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Со Правилник за научноистражувачка дејност на Меѓународен универзитет „Визион" се регулираат: организирањето на научноистражувачказа дејност, правата и должностите на надлежните органи на Универзитетот и на учесниците во научноистражувачката дејност, истражувачите како и издавачката дејност на Универзитетот кои се дел од истражувањето. **(Прилог. 6.4.А)**

И покрај превземените напори од страна на факултетот и наставниот кадар, учеството на студентите од Правниот Факултетот во научноистражувачките проекти останува крајно мало и недоволно. Само магистерските студенти **(Прилог. 6.4.Б)** , кои веќе имаат развиено поголеми истражувачки вештини и мотивација, редовно се вклучени во вакви и слични проекти, додека студентите на прв циклус речиси не покажуваат поголем интерес за учество. Оваа ситуација укажува на потреба од дополнителни мерки за поттикнување на истражувачкиот дух меѓу помладите студенти која во иднина планирано е преку центарот за научноистражувачка работа да се поттикне интерес и на останатие студенти.

Студентите од трет циклус се активно вклучени во други научноистражувачки активности, како учество на конференции и вебинари. Сите студенти од трет циклус студии учествуваат на меѓународна мобилност на различни странски универзитети

**Прилози**
**Прилог. 6.4.А.** Правилник за научноистражувачка дејност на Меѓународен универзитет „визион"
**Прилог. 6.4.Б.** Листа на учесници во научно истражувачки проекти

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.5.А)** дефинирано е работно места за Раководител на центар за кариера на универзитетот.

Според Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.5.Б)** Центарот за кариера функционира интегрално на ниво на универзитетот. Центарот за кариера на Универзитетот го раководи Раководител.(**Прилог. 6.5. В)**

Во склоб на Центарот за кариера функционира Единицата за развој на кариера и советување на студенти кое обезбедува кариерно советување и професионално ориентирање за студентите на Универзитетот на сите три циклуси на студии. Пристап до услугите на Центарот за кариера покрај студентите имаат и учениците од средните училишта. Центарот за кариера обезбедува соодветно советување за кариера и за лицата со попреченост.

Центарот за кариера обезбедува настани и обуки за кариерно советување и професионална ориентација согласно однапред планирани сесии за консултации, курсови за кариерно планирање, специјални настани како отворени денови, денови за кариера, едукативни презентации, спонтани средби иницирани од студентите и слично.

Во рамките на кариерно советување, Центарот за кариера ги дава следниве услуги: ги охрабрува и им помага на студентите да истражуваат различни професии во различни сектори преку практикантска работа и/или привремено вработување, учество во експериментални наставни програми, пилот проекти за стручно оспособување и слично; ги

| | |
|---|---|
| мотивира студентите да се себенадоградуваат низ процесот на оценување на нивните знаења и вештини; ги мотивира студентите активно да учествуваат во процесите поврзани со доживотно учење; ги обучува студентите со цел подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини при интервјуа за работа; нуди курсови и обуки за лидерство; нуди обуки за тимска работа и управување со организирањето на времето; организира семинари и тренинзи за мултикултурно комуницирање; им помага на студентите да направат кариерен избор преку постепено себеспознавање и стекнување познавања за светот на реалниот бизнис; им помага на студентите да обработуваат, систематизираат и разбираат информации поврзани со стручно оспособување и практично вработување; им помага на студентите да формулираат краткорочни и долгорочни професионални цели; им помага на студентите при подготовка на портфолио за способноста и работното искуство; врши други услуги за студентите согласно потребите на пазарот на трудот.<br>Меѓународниот Универзитет Визион континуирано ја докажува својата посветеност кон усовршување на дигиталните вештини на своите студенти и професори преку редовно организирање на курсеви за ИТ обука. Во изминатите 4 години, овие обуки се одржуваат двапати годишно, обезбедувајќи континуиран развој и прилагодување кон најновите технолошки трендови. **(Прилог. 6.5. Г)**<br>По формирање на центарот за странски јазици од 1.9.2024 до 31.10.2024 година беше спроведена курс по англиски јазик за студентите и за вработените на Правен Факултетот. Во **Прилог 6.5. Д** е Извештај за студенти кои присуствувале по курс на англиски јазик организиран од страна на Центарот за странски јазици при Меѓународен Универзитет Визион. | |
| **Прилози**<br>**Прилог. 6.5. А.=6.3.Б.** Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен Универзитет Визион<br>**Прилог. 6.5. Б.** Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион<br>**Прилог. 6.5. В.** Одлука за избор на Раководител на Центарот за кариера<br>**Прилог. 6.5. Г.** Извештај за активностите за ИТ обука<br>**Прилог. 6.5. Д.** Извештај за студенти кои присуствувале по курс на англиски јазик | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; |

| | |
|---|---|
| одржува контактот со завршените студенти. | Доказ дека системот е функционален. |

Според Правилник за уредување на работа на Центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.6.А)**

Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера на факултет/универзитет и врши други работи утврдени со статутот на Универзитетот.

Центарот за кариера води и одржува алумни-база на податоци со дипломирани и магистрирани студенти на Универзитетот. (**Прилог. 6.6.В, Прилог. 6.6.Г, Прилог. 6.6.Д)**

Алумни-базата за податоци вклучува информации за професионален развој и тековни позиции. Информациите во алумни-базата за податоци периодично се ажурираат. Регистрацијата во алумни-базата се врши електронски. **(Прилог. 6.6.Е)**

**Прилози**

**Прилог. 6.6.А=6.5. Б.** Правилник за уредување на работа на центарот за кариера на Меѓународен Универзитет Визион

**Прилог. 6.6.Б.** Одлука за избор на раководител за алумни

**Прилог. 6.6.В.** Листа на алумни прв циклус студии

**Прилог. 6.6.Г.** Листа на алумни втор циклус студии

**Прилог. 6.6.Д.** Интервју со алумни

**Прилог. 6.6.Ѓ.** https://vision.edu.mk/kariyer-merkezi/mk

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;

Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);

Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;

Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години.

Согласно Статутот на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 6.7.А)** студентите учествуваат во управувањето и одлучувањето за заштита на правата на студентите. Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат преставници на студентите од единиците на Универзитетот. Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите учествува, преку свои преставници, во работата на органите и телата на Универзитетот и ги преставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.Во Универзитетското студентско собрание членуваат избраните претставници од факултетските студентски собранија. Бројот на претставници и начинот на избор на студенстки претставници поблиску се уредува со акт на Универзитетот кој го усвојува Сенатот.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот а согласно Согласно Статутот на Меѓународен Универзитет Визион се изби**ра студентски правобранител** од редот на редовните студенти на Универзитетот. (**Прилог. 6.7.Б)** Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и единиците кога истите им се повредени од страна на Универзитетот и единиците, како и од лица вклучени во наставно-образовниот процес. Студентскиот правобранител се избира од редот на редовните студенти на правните студии со минимум завршен втор семестар и просек на студии најмалку 8, 00.

Согласно Законот за високото образование, Универзитетското студентско собрание има право да предложи кандидат(и) за избор во Сенатот, по што Сенатот, врз основа на тој предлог, го избира еден или повеќе студентски претставници како свои членови, со цел да се обезбеди активно учество на студентите во процесот на донесување одлуки и управување со високообразовната институција.

Вклученоста на студентите во управувањето е на повеќе начини, преку претставникот на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на универзитетот **(Прилог.6.7.В)**,преку учество на студентите во Комисијата за самевалуација на Универзитетот (**Прилог. 6.7.Г)**

**Прилози**

**Прилог. 6.7.А=4.1.Б.** Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион"
**Прилог. 6.7.Б.** Одлука за избор на студентски правобранител
**Прилог. 6.7.В.** Одлука за избор на член на сенат (преставник од студенти)
**Прилог. 6.7. Г.** Одлука за избор на член (претставник од студенти) во Комисија за самоевалуација на Универзитетот

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Студентите се запознаваат со услугите и можностите што ги нуди универзитетот преку повеќе канали, како што се: Добредојдени денови (Запознавање со факултетот, академските програми, студентските права и услуги), Промотивни материјали и публикации (Брошури и водичи – Дистрибуирани при упис или на инфо-часови, **(Прилог. 6.8. А)** , постерци и флаери – Најважните информации на видливи места (факултетски табла, кафетерии).

Универзитетот ги информира студентите за достапните услуги и ресурси преку посебно дизајнирани објави и делови на официјалната веб-страна **(Прилог. 6.8. Б)** , кои систематски се организирани во следниве категории: Актуелни информации (редовно ажуриран дел кој ги прикажува најновите вести и промени), јавни повици (посебен дел посветен на сите форми на апликативни процеси), соопштенија за настава и испити, посебен линк за студенти (пристап до персонализирани податоци, онлајн пријава на испити, пристап до е-учење и дигитални ресурси и.др.

Со статутот на Меѓународниот Универзитет ,,Визион" Сенатот донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција. Врз основа на Правилникот за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција **(Прилог. 6.8. В)** заради поефикасно спречување и заштита од корупција Сенатот од редот на редовните професори избира Овластеното лице за прием и пријава на корупција кое подготвува полугодишен извештај за прием на корупција.**(Прилог. 6.8. Г)**

**Прилози**

**Прилог. 6.8. А.** Водич на студенти (Македонски, Турски, Англиски)
**Прилог. 6.8. Б.** https://vision.edu.mk/anasayfa/mk
**Прилог. 6.8. В.** Правилник за уредување на работата и месечниот надомест на овластено лице за прием на пријави на корупција
**Прилог. 6.8. Г.** Извештаи за примем на пријави на корупција

Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален. |

Високообразовната установа преку ефикасен систем редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми, научно истражувачката работа, евиденцијата за студентите и другите активности. Системот за прибирање и обработка на податоци е хибриден, се реализира физички во тврда форма и електронски преку Универзитетски Информациски Систем (УИС), претставено на следниот начин:

- На високообразовната установа се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование (Прилог 7.1.А., стр.37)
- Универзитетски информациски систем: Универзитетот применува интегриран информациски систем кој овозможува собирање, обработка и анализа на податоците поврзани со студиските програми (претставување и реализација по семестри, силабуси, распоред на часови и консултации објавени на веб страната), податоци за студентите во смисла на број на запишани, отпишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, присуството на студентите на предавања и вежби, нивниот успех, напредок и оценки, повратни информации од студентите преку спроведување на анкети, резултати од научно-истражувачка работа на наставниот кадар и други административни работи. Системот го користат вработените на установата (наставниот и ненаставниот кадар)  и студентите, врз основа на издадена лозинка за влез.
- Процес на собирање податоци: Податоците се собираат преку е-меил комуникација, преку различни методи, како што се електронски или физички спроведени анкети, електронски систем за следење на активностите на студентите (OneNote платформата, види линк), електронски систем за евалуација на успехот на студентите по наставните предмети (VIBIS, види линк), електронско следење на присуството на студентите на часови, унифицирани извештаи од научно-истражувачката работа на професорите и унифицирани темплејти за сите административни податоци. Во текот на академската година најмалку два пати, деканот на факултетот во стандардизиран образец (Прилог 7.1.Б.) електронски ги собира резултатите од научно-истражувачката работа на наставно-научниот кадар и подготвува збирен Извештај за научно-истражувачка работа на Факултетот (Прилог 7.1.В.). На универзитетот постои јавно достапен репозиториум на научни трудови и дела за секој член на наставниот кадар на факултетот (види линк). Исто така наставниот кадар има креирано кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како Publons, Scopus, Google Scholar, ResearchGate.net, и ORCID (види линк). На редовна основа наставниот кадар ги ажурира податоците и информациите за своите научно-истражувачки достигнувања.
- Анализа на податоците: Податоците се анализираат редовно и од страна на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“, кој податоците ги користи за да подготви акциски планови за подобрување на квалитетот на установата. Центарот тоа го реализира преку планирање на активностите, обезбедување на активностите, управување на активностите, и менаџмент на квалитетот на сите активности на универзитетот.

Универзитетскиот Информациски Систем е поддржан со Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет „Визион“ (Прилог 7.1.Г.). Корисници на електронскиот систем за оценување и следење на студентите се: студентите, наставниот кадар и ненаставниот (административен кадар). Секој корисник има специфични обврски и привилегии при користење на УИС.

| | |
|---|---|
| Доказите за функционалноста на системот вклучуваат редовни извештаи и анализа на податоци кои како информации се користат за подобрување на квалитетот на образованието и другите активности, и се споделуваат до сите засегнати страни на установата, меѓу кои и до Центарот за обезбедување квалитет. Еден таков пример е: Доставување на Годишен извештај за работата на деканот, Извештај за самоевалуација, и др. до сите засегнати страни на установата. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.1.А. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти<br>Прилог 7.1.Б. Образец за Извештај за научно-истражувачка работа за наставно-научен кадар<br>Прилог 7.1.В. Образец за Извештај за научно-истражувачка работа<br>Прилог 7.1.Г. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен универзитет „Визион“ | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

| | |
|---|---|
| процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

Информациите кои се прибираат од високообразовната установа се релевантни за профилот на установата и студиските програми. Тие вклучуваат клучни показатели на успехот, профил на студентската популација, напредок на студентите, успех и стапка на отпишување на студентите, степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, ресурсите за учење и поддршката достапни на студентите, податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери.

Електронскиот систем за оценување и следење на студентите е регулиран со Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог 7.1.Г.), и претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти, наставен и ненаставен кадар.

Во Прилог 7.2.А. е даден приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци, во Прилог 7.2.Б. се наведени некои конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот, додека во Прилог 7.2.В. се дадени конкретните примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците.

**Прилози**

Прилог 7.1.Г. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион

Прилог 7.2.А. Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци

Прилог 7.2.Б. Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот на прибирање и анализа на прибраните податоци

Прилог 7.2.В. Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Високообразовната установа води регистар на значајни настани, активности и процеси, кои се релевантни за стратешкото менаџирање (Прилог 7.3.А.). Овој регистар е составен од податоци кои се систематски прибираат, анализираат и се користат за подобрување на управувањето и донесувањето одлуки на менаџментот во установата. Правниот Факултетот во рамките на Извештајот за работа на деканот на факултетот ги презентира сите реализирани настани, активности и процеси кои се потребни за стратешкото носење на одлуки на менаџментот. Преку ваквиот систематичен и систематски пристап, универзитетот обезбедува ефективно и ефикасно управување со своите ресурси, активности и процеси, со цел да постигне повисок степен на квалитет и функционалност во своето целокупно работење.

**Прилози**

Прилог 7.3.А. Регистар на значајни настани, активности, и процеси на факултетот

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. |

Високообразовната установа има воспоставен систем за заштита на информациите, кој обезбедува сигурност и приватност на податоците во печатена и електронска форма. Овој систем вклучува мерки за заштита на податоците на студентите, резултатите од испитите и дискусиите на дигиталните платформи. Универзитетот презема соодветни мерки за заштита на личните податоци на сите засегнати страни, со цел да се осигури нивната безбедност и интегритет.

При тоа, Универзитетот меѓудругото се раководи од: Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Прилог 7.4.А.), Закон за заштита на личните податоци (Прилог 7.4.Б.), Закон за архивски материјал (Прилог 7.4.В.), Уредбата за канцелариското и архивско работење (Прилог 7.4.Г.) и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариското и архивското работење (Прилог 7.4.Д.).

Универзитетот има усвоен акт кој ја регулира заштитата на личните податоци и информациите, односно Правилник за безбедност на податоците и информациите кои се водат во писмена и електронска форма и за постапки за

известување при нарушување на безбедноста на Меѓународен универзитет Визион (Прилог 7.4.Ѓ.). За заштита на податоците и информациите се користат: физички мерки, организациски мерки и технички мерки. Физичките мерки за заштита на податоците и информациите опфаќаат контролиран пристап до просториите, заклучени архиви, видео надзор и други мерки. Технички мерки за заштита се: енкрипција, заштитен ѕид (firewall), антивирусни програми, контролирани лозинки и други технологии. Сите електронски податоци и информации кои содржат лични информации се енкриптирани со современи алгоритми, за да се осигура нивната безбедност при чување и пренос. Организациските мерки за заштита на податоците и информациите ги опфаќаат обврските на вработените за зачувување на тајноста на податоците, спроведување на обуки и едукација за безбедност на податоците. Со цел следење на најдобрите практики за заштита на податоците и информациите, Универзитетот ќе врши ревизија на технолошките мерки на секои 12 (дванаесет) месеци, при што ќе ги интегрира новите технологии и методи кои овозможуваат поголема безбедност. Во правилникот се регулирани и постапките за известување при нарушување на безбедноста на податоците и информациите. Универзитетот исто така има донесено и Правилник за обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на останати овластени лица на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 7.4.Е.) во кој се уредуваат обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема на универзитетот.

Опис на практиката за заштита на личните податоци и информациите на универзитетот е презентирана во Прилог 7.4.Ж. Во делот на други релевантни документи се доставува листа на прилози од Прилог 7.4.З. до Прилог 7.4.Н.

Други релевантни политики на установата се меѓудругото:

- Политика за приватност: Универзитетот има јасно дефинирана политика за приватност која ги опишува начините на собирање, користење и заштита на личните податоци. Студентите потпишуваат Изјава за согласност за личните податоци (Прилог 7.4.Њ.)
- Извештаи за безбедност: Редовни извештаи за состојбата на безбедноста на информациите и за преземените мерки за заштита на податоците согласно презентираните правилници.

Процедури за известување: Установата има воспоставени процедури за известување за евентуални нарушувања на безбедноста на податоците и за преземање на соодветни мерки за нивно решавање согласно презентираните правилници.

**Прилози**

Прилог 7.4.А. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
Прилог 7.4.Б. Закон за заштита на личните податоци
Прилог 7.4.В. Закон за архивски материјал
Прилог 7.4.Г. Уредба за канцелариско и архивско работење
Прилог 7.4.Д. Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцеларискоto и архивското работење
Прилог 7.4.Ѓ. Правилник за безбедност на податоците и информациите кои се водат во писмена и електронска форма и за постапки за известување при нарушување на безбедноста на Меѓународен универзитет Визион
Прилог 7.4.Е. Правилник за обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на останати овластени лица на Меѓународен универзитет Визион
Прилог 7.4.Ж. Практика за заштита на личните податоци и информациите на универзитетот
Прилог 7.4.З. Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер
Прилог 7.4.S. Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци
Прилог 7.4.И. Изјава за тајност и заштита на обработката на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор
Прилог 7.4.Ј. Правилник за начинот на вршење на видео надзор во просториите ан Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 7.4.К. План на поставеност на видео надзорот
Прилог 7.4.Л. План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци
Прилог 7.4.Љ. Правилник за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
Прилог 7.4.М. Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот
Прилог 7.4.Н. Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти на Универзитетот
Прилог 7.4.Њ. Изјава за согласност за личните податоци

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Универзитетот односно Факултетот има веб страница каде се објавуваат сите информации поврзани со активностите на факултетот а што се од интерес на студентите, наставниот кадар, факултетот, универзитетот, одборот за доверба на факултетот, универзитетите со кои имаме склучено договори за соработка, владини и невладини тела, партнери за соработка, алумни заедницата, потенцијални идни студенти и партнери за соработка, како и целокупната општествена јавност. Веб страницата на Факултетот е достапна на турски, македонски и англиски, јазик и тековно се ажурира од страна на информатичко – техничката служба.

Основни целини на веб страната се: дел наменет за студентите, Vibis системот, Информации за универзитетиот, Информации за факултетите, Научно-истражувачката дејност, Центри и департмани и комуникација со јавноста. Во делот на научно-истражувачката дејност се презентирани двете универзитетски списанија VISION - International Refereed Scientific Journal и The international scientific journal "Sui Generis, и конференциите. На веб страната се објавува репозитиориум на научно-истражувачката дејност на наставниот кадар, што вклучува научно-истражувачки трудови, конференции, конгреси и друго.

Пред почетокот на академската година на веб страната се објавува Академскиот Календар кој ги содржи колоквиумските недели и испитните сесии, Акредитираните студиски програма за сите акредитирани циклуси на студирање со преглед на наставните предмети, и Распоредот на наставни предмети и часови за зимскиот семестар во академската година. Во текот на семестарот се објавуваат Распоредот на колоквиуми за првата колоквиумска недела и распоредот на колоквиуми за втората колоквиумска недела. Распоредот на испити во сите испитни сесии се објавува согласно член 41 и член 44 од правилникот за услови и критериуми, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (прв додипломски и втор циклус на студии ). Пред почетокот на летниот семестар се објавува Распоредот на наставни предмети и часови за летниот семестар.

Пред почетокот на секоја академска година се одржува Прв академски час за новозапишаните студенти на сите студиски програми на прв циклус на студии. Во академската 2021/2022 година, поради ковид пандемијата настанот се одржа електронски на платформата teams и на youtube, со учество и обраќање до новозапишаните студенти на Ректорот на Универзитетот. (линк: https://vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-yeni-akademik-yili-ve-yeni-rektor ).

На веб страницата има податоци за еразмус. Правниот факултет е целосно посветен на обезбедување еднакви можности за сите студенти, академскиот кадар и административниот персонал. За студентите, јасно се објаснети висококвалитетните краткорочни и долгорочни процедури за мобилност за студии и пракса. Конкретно се охрабрува мобилноста на персоналот за да се прошират партнерствата, да се споделуваат добри практики, да се развиваат современи знаења, вештини и компетенции и да се создаваат нови практики. Во согласност со тековните глобални потреби, онлајн соработката се истражува и развива за да се решат прашањата за интернационализација. Севкупно, учеството во Програмата Еразмус ја подржува мисијата и визијата на нашата институција за ефективно справување со предизвиците, со што се развиваат трансверзални и специјализирани компетенции со кои се јакнат организациската конкурентност на Универзитетот и ќе го подобрат регионалниот просперитет.

Проширувањето на учеството во програмата Еразмус е во согласност со нашите главни цели дефинирани во Стратегијата за развој на Меѓународен универзитет „ВИЗИОН", Правниот факултет, вклучувајќи, особено промоција на европската димензија на образованието, понатамошниот развој на мултилатералната соработка помеѓу нашите институции и универзитети, компаниите и локалната самоуправа, заедно со зголемување на бројот на сите мобилности (студентски, наставен и административен кадар), како и промовирање на целосно, меѓусебно признавање на квалификациите стекнати од страна на учесниците. Факултетот континуирано работи на воспоставување и унапредување на соработката со универзитетите од регионот на Југоисточна Европа, Европската

Унија и светот. Линк https://vision.edu.mk/yonetim/erasmus

Информациите објавени на веб стараната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на факултетот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Тоа значи дека текстовите, сликите, визуелните и аудио снимки кои се објавуваат на веб страната се објавуваат со претходна дозвола од Ректорот/Деканот/раководителите на службите и центрите и другите одговорни лица кои се одговорни за нивната релевантност.

Факултетот редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми во средните училишта во државата (Прилог 8.1.А.). Извештаите за преземените активности во оваа насока се составен дел од годишните извештаи за работата на деканот на Правен факултет. Во Прилог 8.1.Б е даден Извештај за спроведени активности и прес за присуство во медиумите во последните пет години.

Распоредите за одржување на настава, колоквиуми и испити за прв циклус студии како и распоредите за одржување на настава и испити за втор циклус студии беа достапни на веб сајтот, на огласните табли.

Пред одбрана на магистерски труд, во потребниот рок се објавува соопштение на огласна табла, односно во печатени медиуми, како што е предвидено со ЗВО и Правилниците.

Дипломираните студенти и магистри на науки за свеченоста по повод доделување на нивните дипломи, се информираат покрај наведените начини на информирање и со писмени покани на нивните домашни адреси.

Факултетот редовно информира за своите активности на својот профил на Фејсбук, и Инстаграм. Во однос на печатени медиуми, факултетот ја користи факултетската огласна табла, за да најнепосредно во просториите на факултетот ги информира студентите за сите прашања од нивен интерес.

Исто така, факултетот изработува брошура за информирање на студентите (информатор), промотивна книга која ги содржи релевантните податоци за студиските програми, како што се наставните програми со број на ЕКТС кредити за секој предмет и друго ( Прилог 8.1.В.).

**Прилози**

Прилог 8.1.А. Листа на одржани саеми за последните пет години на Правен факултет

Прилог 8.1.Б. Извештај за спроведени активности и прес за присуство во медиумите

https://www.youtube.com/watch?v=Pp2tODL20Z8&t=330s

https://www.youtube.com/watch?v=WcFGTiu3di4&list=PLfpxf1lKrob8tnpKXezs7UYeZULoSlw9H

https://www.youtube.com/watch?v=rd-MvXEOlyE

https://www.youtube.com/watch?v=P882oFeYGn4&t=176s

https://www.youtube.com/watch?v=WcFGTiu3di4

https://www.youtube.com/watch?v=8EreCPDx6gc

https://www.youtube.com/watch?v=4aeB2QaDxvw

Прилог 8.1.В Брошура за информирање на студентите (линк... – печатена форма )

Веб страна на универзитетот (линк. https://www.vision.edu.mk

Веб страна на факултетот (линк. https://www.vision.edu.mk/fakulteler/hukuk-fakultesi)

Академски Календар (линк.. https://vision.edu.mk/21749312/controller/linksayfalaripdf/Akademik%20takvim%2023-24%20v12.pdf)

Акредитирани студиски програма за сите акредитирани циклуси на студирање со преглед на наставните предмети

Линк: Решение за акредитација на студиската програма „Правни науки“ прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) :

https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/Hukuk%20-%20Lisans%20Akreditasyon.pdf

Линк: Решение за акредитација на студиската програма „ Правни науки “ втор циклус на академски студии-додипломски студии (240 ЕКТС):

https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/Hukuk%20-%20Y%C3%BCksek%20Lisans%20Akreditasyon.pdf

Распоредот на наставни предмети и часови за зимскиот семестар во академската година

Распоред на колоквиуми за првата колквиумска недела

Распоред на колоквиуми за втората колоквиумска недела

Распоредот на наставни предмети и часови за зимскиот семестар во академската година

Распоредот на испити во испитна сесија Академски час во 2021/2022 година на платформата teams и на youtube (линк.. https://www.youtube.com/watch?v=Pp2tODL20Z8&t=330s).

Еразмус+ https://vision.edu.mk/yonetim/erasmus

Facebook https://www.facebook.com/vizyon.edu.mk

Instagram https://www.instagram.com/vizyon.edu.mk?igsh=b3hqemw3dml3NmJl

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за<br>плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен |

| | |
|---|---|
| проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Правниот факултет има објавено податоци за своите активности, вклучително критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето и условите за учење кои им се на располагање на студентите, податоците за потенцијално вработување на дипломираните студенти и тие се: Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии), Правилникот за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион, Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата,

Податоци за студиските програми кои ги реализира факултетот може да се најдат на веб страната на факултетот, во секцијата за образование, каде се поставени податоци за стари и нови студиски програми од прв циклус, како и во делот втор циклус студии каде се поставени информации за студиските програми од втор циклус. Студиските програми се донесени во согласност со Правилникот за донесување на студиските програми и може да се најдат на следните линкови: Правен факултет, прв циклус на студии на Правен факултет втор циклус на студии.

Критериуми за упис на прв циклус на студии се во веб страната на факултетот, во секцијата за образование, во делот за прв-циклус-нови студиски програми, и тоа во делот соопштениија во рамки на кои има секција за активни уписи каде се наведени сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критетириумите. Ова треба да се внесе на страната дополнително во делот на Соопштенија за студентите, задолжително за последната година.

Постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење се уредени со Правилникот за можните начини на проверка на знаењето на студентот. На пример: постапки кои се применуваат во наставата се диференцијалната постапка во која наставата, учењето и оценувањето се насочува кон потребите на студентот и недеференцијална постапка во која наставата, учењето и оценувањето се насочува кон потребите на група на студенти.

Информациите за потенцијалното вработување на дипломираните студенти се изготвуаат од страна на Центарот за алумни при што се следат оние работодавачи со кои Универзитетот има склучено договори за соработка на пример тие во договор стипендираат наш студент при што овозможуваат вработување по завршувањето на студиите, договори за одржување на практична работа кај некои работодавачи со цел студентот да влезе во реалниот сектор и да биде препознаен неговиот квалитет.

Во прилог се дадени линковите на документите предвидени од член 21 став 3 од Закон за високото образование. Во прилофот е дадена листа на институции со кој Правниот факултет остварува меѓународна соработка. Треба да станува збор за сродни високообразовни и научни установи согласно со статутот на универзитетот и на единицата.

**Прилози**

Прилог 8.2.А Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи link
https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/evraklar/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%20%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%20%D0%92%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D0%BE%D0%BD.pdf

Прилог 8.2.Б Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;

Прилог 8.2.В Актот за систематизација:

Прилог 8.2.Г Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет:

Прилог 8.2.Д Правилникот за плати и надоместоци на единицата:

Прилог 8.2.Ѓ Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтен:

Прилог 8.2.Е Распоредот на работни задачи за тековната учебна година:

Прилог 8.2.Ж Завршна сметка:

Прилог 8.2.ЗГодишен Извештај:

Прилог 8.2.Ѕ Прифатени теми за изработка на магистерски трудови:

Прилог 8.2.И Акти кои ги носи единицата согласно други закони

Прилог 8.2.Ј Етичкиот кодекс:

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е применливо). |

Клучен исход од учењето е стекнување на кадар кој без какви и да било формално-правни пречки може да работи во реалниот сектор. По завршување на првиот циклус на правни студии студентот се стекнува со диплома дипломиран правник, по завршување на вториот циклус на студии студентот се стекнува со диплома магистер по правни.

Клучните исходи од научно-истражувачката работа се дадени во репозиториумот за секој наставник

Правниот факултет во моментов нема акредитирано студиска програма на трет циклус на студии.

**Прилози**

Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Во изминатите 5 академски години од 2019/2020 до 2023/2024, наставно-научниот кадар на Факултетот нема учествувано во национални научно-истражувачки и апликативни проекти, додека во однос на меѓународните проекти, во 1 апликативен проекти. Во академската 2019/2020 година, одобрени се Еразмус проекти наменети за мобилност К101 и К107 и К131 согласно договорот 2018-2020 под број: 2020-1-MK01-KA103-077683, 2022-1-MK01-KA131-H ED-000060798 и **2023-1-MK01-KA131-HED-000126748.**

Студентите на факултетот активно ги користат можностите за мобилност преку европската програма за мобилност Еразмус и Еразмус+ која функционира во рамките на меѓународната мрежа на Правен факултет, студиска програма правни науки. Податоците за учество на студенти - корисници на мобилност на факултетот преку програмата детално се презентирани во извештајот за Еразмус+ реализирани мобилности во последните пет академски години (2019/2020 до 2023-2024), дадено во Прилог 9.1.А.

На универзитетот е донесен Правилник за мобилност на универзитетот во странство и земјата (Прилог 9.1.Б). По одреден конкурс за реализираната мобилност од страна на студентите се доставува извештај до Еразмус координаторот на програмата. За мобилност и активностите реализирани со мобилноста се признаваат, најпрво со писмена согласност од страна на комисија за признавање на предмети која е оформена од страна на деканот со донесување со одлука на Наставно – научен совет на факултетот. Предметните наставници членови во комисијата за предметите кои студентот ги положил во текот на мобилноста, а потоа и со решение за еквиваленција на кредитите реализирани во мобилноста што го издава координаторот на соодветната програма за мобилност (Прилог 9.1.В.). Мобилноста на студентите е соодветно вреднувана. Тоа значи дека активности од мобилноста се наведуваат и во додатокот на дипломата на студентот (Прилог 9.1.Г.)

Факултетот соработува со повеќе Факултети од странство, а првенствено во рамките на Еразмус+ програмата Правен факултет, студиска програма правни науки и тоа со: Универзитет Сакарија, Турција, Сакарија Универзитет за Применети Науки, Турција, Универзитет Тракија, Турција, Универзитет Усдкудар, Турција, Гелишим Универзитет Сакарија, Анкара Сосјал Билимлер Универзитет, Турција, Фатих Султан Мехмет Вакиф Универзитет;Турција, Самсун Ондокуз Мајис Универзитет,Турција, Маниса Целал Бајар Универзитет, Република Турција, Интернационалниот Универзитет во Нови Пазар ,Србија, Едуконс Универзитет, Србија.

Во летниот семестар на академска година 2023/2024 реализиран е проект за интензивна комбинирана мобилност на

образовната програма (Blended Intensive Program) Erasmus+ K131 на тема „Влијанието на дигиталната трансформација со посебен акцент на платформите на социјалните медиуми во овозможување на ширење на говорот на омраза која траеше од 13 мај 2024 до 17 мај 2024 година каде што Меѓународен универзитет „Визион„ го водеше проектот како носител-координатор во соработка со Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност на Република Северна Македонија. Координаторите и студентите од Турција, односно од Универзитетот за применети науки Сакарија и од Универзитетот Ерзинџан Бинали Јилдирим, како и од Србија, односно од Интернационалниот Универзитет во Нови Пазар, се сретнаа со гостите од други европски земји. Наставниците и студентите од Факултетот имаат реализирано значителен број престои на наведените, но и на други странски Универзитети. Реализираните активности од страна на студентите на странски универзитети, Комисијата за признавање на испити им ги призна и постапува согласно Правилникот за мобилност на Универзитетите во земјата и странство (Прилог 9.1.Б.).
Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, за студентите од втор циклус на студии, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Универзитет „Визион". (Прилог 9.1. Ѓ.).

**Прилози**

Прилог 9.1.А. Податоците за учество на број на студенти корисници на мобилност на правен факултет
Прилог 9.1.Б. Правилник за мобилност на Универзитетите во земјата и во странство
Прилог 9.1.В. Потврда за положени испити еквиваленција при Еразмус Мобилност
Прилог 9.1.Г. Додаток на Диплома – Diploma Supplement
Прилог 9.1.Ѓ. Правилник за меѓународна соработка на Универзитетот
(Линк: https://vision.edu.mk/DUYURU)

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали- зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Развојот на меѓународната соработка и интернационализацијата на Факултетот се базира на Стратегијата за развој на Меѓународен универзитет „Визион" за периодот 2023-2026 година (Прилог 1.1.Б.). Факултетот има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализациија со бројни институции во согласност со Правилникот за меѓународна соработка на Универзитетот (Прилог 9.1.Г.) и Стратегијата за интернационализација на Универзитетот (Прилог 9.2.А.) Факултетот има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Индикатори за меѓународна соработка и интернационализација се: индикатори за меѓународна соработка во полето на науката (склучени договори за соработка со водечките научни институции; остварена соработка со научници од други држави кои постигнале врвни резултати во својата област; проекти во кои се вклучени лица од водечките институции од државите-членки на Европската Унија и од Република Турција; број на наставниот кадар вклучен во меѓународни проекти; број на наставен кадар кој ги презентирал своите достигнувања пред меѓународната јавност), индикатори за меѓународни проекти (меѓународни конференции и меѓународни публикации), индикатори за меѓународна соработка во областа на наставата (мобилност на студенти кои доаѓаат, мобилност на студенти кои заминуваат во странство, мобилност на наставен кадар кој доаѓа, мобилност на наставен кадар кој заминува во странство, мобилност на ненаставен кадар кој доаѓа, мобилност на ненаставен кадар кој заминува во странство, заеднички студиски програми и студиски програми на англиски јазик) и индикатори за препознатливост на Универзитетот, информации на веб страната поврзани со мобилност, информации на веб страната поврзани со студиски програми на англиски јазик и информации на веб страната поврзани со меѓународни активности. Факултетот доследно ја следи политиката за меѓународна соработка и интернационализација, што се потврдува и со редовен Извештајот за следење на индикаторите за меѓународна соработка и интернационализација презентирани во годишни извештаи за работа на факултетот.
Како Универзитет членуваме во Здружение на Балкански Универзитети (Balkan Universities Association) и Алијанса на универзитети од Централна Источна Европа (Alliance of Central Eastern European Universities).
Согласно Статутот на универзитетот (Прилог 1.2.Г.) е формирана Комисија за наука и меѓународна соработка како постојана комисија (Прилог 9.2.Б.). Исто така, на ниво Универзитет е донесен Правилник за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови (Прилог 9.2.В).
Активностите кои факултетот ги реализира во домен на меѓународната соработка и интернационализација, се остваруваат во рамки на Програмата за работа на Деканот на факулетот (Прилог 9.2.Г.). Факултетот има цел да

| | |
|---|---|
| вложи напор околу, зголемување на бројот на интернационални партнери, зголемување на надворешната и внатрешната мобилност на наставно-научниот кадар на факултетот, поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар на факултетот и неговите студенти со меѓународните можности.<br>Во рамките на ниво на Универзитетот работи Канцеларија за меѓународна соработка. Организацијата и работата на Канцеларијата за меѓународна соработка се уредени со Правилникот за организација и работење на канцеларијата за меѓународна соработка на Универзитетот (Прилог 9.2.Д.).<br>Во Прилог 9.2.Ѓ. се дадени Листа на Билатерални договори со странски универзитети. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.1.Б. Стратегија за развој на Меѓународен универзитет „Визион“ за периодот 2023-2026 година<br>Прилог 1.2.Г. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“<br>Прилог 9.1.В. Правилник за меѓународна соработка на Универзитетот<br>Прилог 9.2.А. Стратегијата за интернационализација на Универзитетот<br>Прилог 9.2.Б. Комисија за наука и меѓународна соработка<br>Прилог 9.2.В. Правилник за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови<br>Прилог 9.2.Г. Програма за работа на декан<br>Прилог 9.2.Д. Правилникот за организација и работење на Канцеларијата за меѓународна соработка на Универзитетот<br>Прилог 9.2.Ѓ. Листа на билатерални договори со странски универзитети<br>Balkan Universities Association – BUA (http://www.baunas.org/)<br>Central-Eastern European Universities - ACEU (https://aceu-edu.org/) | |
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| | |
|---|---|
| финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |

Правниот факултет располага со потребните финансиски средства за спроведување на меѓународната соработка. За таа цел, факултетот користи сопствени приходи и средства на ниво на универзитет. Во Прилог 9.3.А. е претставен Преглед на планирани и искористени финансиски средстав за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн). Главното финансирање за меѓународната соработка и интернационализација на Факултетот доаѓа од сопствените приходи.
Во 2020 година, факултетот доби средства од Министерството за образование и наука преку објавен Конкурс за доделување на еднократна финансиска средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународна научно списание кое што е наменет за соработка и интернационализација на Факултетот за научно-истражувачка активност (Прилог 9.3.Б.).
Правниот факултет нема добиени средства од националниот буџет, странски донатори, локална самоуправа.

**Прилози**

Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка за последните пет години

Прилог 9.3.Б.Барање за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во 2020

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Правниот Факултет соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Исто така, реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Институтот реализира заеднички програми со странски универзитети. Мобилности на академскиот и административниот кадар и студентите на Правниот Факултет, се остварува во рамки на потпишаните Еразмус+ договори меѓу Меѓународен универзитет „Визион“ и ЕУ универзитетите (Прилог 9.4.А.). На веб страница редовно се објавува ажурираната листа на важечки билатерални договори.
Дополнително, за да овозможи мобилност на своите вработени и студенти факултетот постојано ја проширува својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови ERASMUS+ договори, како и на други договори за меѓународна соработка.
Во Прилог 9.4.Б. се дадени индивидуални мобилности по конкурсот во рамки на програмата Еразмус+ Акција 1 и други форми на меѓународна соработка.
Исто така, во анализираниот период академскиот кадар на Факултетот за општествените науки учествуваше и во други форми на меѓународна соработка како конференции, мобилност и други видови соработки (Прилог 9.4.В.). Покрај тоа, факултетот вложи напор и врши иницијативи за соработка со други факултети во земјава и во странство, со цел на своите вработени и студенти да им отвори можности за вклучување во меѓународни активности и вмрежување.
На универзитетот се уште нема реализирано заедничка програма со странски универзитети.

**Прилози**

Прилог. 9.4.А. Листа на Еразмус+ договори
Линк:https://vision.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/erasmus-doc/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%BE%D0%B3%209.4.%D0%90.%20%D0%9B%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%95%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BC%D1%83%D1%81+%20%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8.pdf
Прилог 9.4.Б. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународната соработка и Еразмус
Прилог 9.4.В. Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки)
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/litvanya-vilnius-universitesinde-vizyonun-katilimiyla-ozel-toplanti-gerceklesti
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-4-ulke-ogrencilerin-katilimiyla-5-uluslararasi-erasmus-toplantisi-duzenlendi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-insana-karsi-insanlik-disi-davranislar-saldirganlik-konulu-konferans
Линк: https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyonda-uluslararasi-insan-haklari-paneli-duzenlendi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-dan-3-istanbul-egitim-zirvesine-katilim
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ve-izmir-9-eylul-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-

protokolu
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-universitesi-izmir-de-uluslararasi-sempozyuma-katildi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-ile-gazi-universitesi-arasinada-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-balikesir-universitesi-ev-sahipliginde
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/kuzey-makedonya-uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kazakistan-in-miras-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/kuzey-makedonya-uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kazakistan-in-miras-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzaland
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-erzincan-binali-yildirim-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-5-doktora-savunmasi-gerceklestirildi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-universitesi-kapadokya-universitesi-ile-akademik-isbirligi-protokolu-imzaladi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kayseri-universitesi-akademik-isbirligi-protokolu-imzaladi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-3-doktora-savunmasi
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/bursa-uludadag-universitesi-heyetinden-vizyon-a-ziyaret
Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/19-uluslararasi-turk-dunyasi-kongresinde-vizyon-heyeti-k-makedonyayi-temsil-etti

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.

Привлекувањето на наставници и студенти од странство се одвива на различни начини и програми. Поконкретно може да се истакне „Ерасмус+“ програмата за мобилност и Ерасмус канцеларијата, Активности на Канцеларијата за меѓународна соработка, Програмата за размена „Мевлана“, „Програма за мобилност на Турската диаспора“, Програми на стипендии од различен тип, Правилникот на талентирани студенти, Можноста за пракса/стаж, Обуки (научни/практични), Меѓународни конференции/симпозиуми/ конгреси, Размена на наставен кадар со меѓусебни билатерални протоколи за соработка, се заедно овозможува систематски пристап на привлекување на наставници и студенти од странство.

Во Прилог 9.5.А. е дадена Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата на факултетот.

Во Прилог 9.5.Б. е дадена листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски трудови .

Податоци за бројот на запишани странски студенти по студиска програма на студии од прв, втор и трет циклус на факултетот за правни науки, област право во изминатите пет академски години (2019/2020-2023/2024) детално е дадена на Прилог. 9.5.В.

На линк vision.edu.mk/yonetim/erasmus се дава конкурсот кога се објавува за студентски мобилности и мобилности на наставен и ненаставен кадар и Еразмус договори.

На линк vision.edu.mk/yonetim/uluslarasi-iliskiler-ofisi е дадена листа на меѓународна договори.

Линк: Uluslararası Vizyon Üniversitesi е веб страната на универзитетот.

**Прилози**

Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата на факултетот

Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови

Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години (2019-2024)

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |

Пример 1

# Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ________________со ЕМБГ ________________________, одговорно лице во високообразовната установа_________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуацијана високобразовната установа ________________________за периодот ______________________се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

______________________
(име и презиме)

______________________
(своерачен потпис)

Пример 2

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| *<u>Овој дел го пополнува високообразовната установа</u>*<br><br>**<u>Пример на одговор:</u>** *Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.* | |
| **<u>Пример за прилози</u>**<br><u>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација</u> (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br><u>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година</u> (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др. | |

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5] и индикаторите[6] за квалитет во високото образование[7]

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

---

[5] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.

16 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.

17 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

| | |
|---|---|
| евалуација е јасно демонстриран.[8] | |

Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревиди- раат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. Ова е согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава според кој практичната настава се |

| | |
|---|---|
| | организира со определен обем времетраење и начин на реализација и не може да биде пократка од 30 дена. |

18 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

| | |
|---|---|
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

19 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

20 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*11;<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програм а, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . |

21Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| следи техничките вештини на наставниот кадар. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната устано ва поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражу- вачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работ а кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо- економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен |

| | |
|---|---|
| Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) |

| | |
|---|---|
| за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | | | | |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | | | | |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | | | | |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | | | | |
| НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард. | | | | |

СВОТ Анализа на установата

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| | |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| | |

| | |
|---|---|
| | |

Препораки за подобрување на установата

| ПРЕПОРАКИ |
|---|
| |

Предлог од Извештај за надворешна евалуација

| ПРЕДЛОГ |
|---|
| Врз основа на спроведената евалуација предлагаме ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на високообразовната установа.<br>Покрај тоа, предлагаме ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ на акредитацијата на следниве студиски програми:<br>За овој предлог гласаа:<br>Против овој предлог<br>гласаа: Воздржани: |
| ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ |
| |

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

Доц. д-р Јордан Делев
(претседател)

Доц. д-р Дијана Ѓоргиева
(секретар)

Доц. д-р Азам Ќорбајрам
(претставник на наставниците)

Мурат Хоџа
(претставник на студентите)

Бејза Алију
(претставник на студентите)

ФАКУЛТЕТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| А | Меѓународен Универзитет Виион |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филиповски, број 1 во Гостивар, Република Северна Македонија |
| Контакт информации | e-mail: info@vision.edu.mk, тел: 389 42 222 325, факс: 389 42 222 326 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Ректор, проф. д-р Ахмет Веџди Џан<br>e-mail: acan@vision.edu.mk, тел.: 389 42 222 325 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | доц.. д-р Цветанка Велкоска, e-mail: cvetanka.velkoska@vision.edu.mk , phone: 389 42 222 325 |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2019 - 2024 година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Одлука бр. 0201-437/09 од 29.5.2024 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

2.12.2024, Гостивар

МП

овластено лице на установата
(потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната у

## 7. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Меѓународен Универзитет Визион - Факултет за општествени науки |
| Седиште | Ул. Мајор Чеде Филиповски бр. 1, Гостивар, Република Северна Македонија |
| Веб страница | https://vision.edu.mk/anasayfa |
| Мисија и визија на установата | Содржани се во Стратегијата за развој (да се внесе податок, број и датум) која е во согласност со Стратегијата за образованието за 2018-2025 и Акцискиот план |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна непрофитна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | -Решение бр. 15-98/6 од 24.10.2014 година за акредитација на проект за основање на Меѓународниот Универзитет „Визион“ Гостивар<br>-Решение бр. 14-8614/4 од јуни 2015 година за почеток со работа на Меѓународниот Универзитет „Визион“ во Гостивар, единиците во негов состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии<br>-Решение бр. 15-98/16 од 24.10.2014 година за акредитација на проект за основање на Факултетот за општествени науки, Меѓународен Универзитет „Визион“ Гостивар<br>-Решение бр. 08-248/6 од 06.06.2022 година за акредитација на студиска програма „Психологија“ прв циклус на акдемски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултетот за општествени науки при Меѓународен Универзитет „Визион“ Гостивар<br>-Решение бр. 08-33/7 од 18.03.2021 година за акредитација на студиска програма „Психологија“ втор циклус на акдемски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за општествени науки при Меѓународен Универзитет „Визион“ Гостивар<br>-Решение бр. 1409-256/2 од 19.06.2018 година за акредитација на студиска програма „Клиничка психологија“ трет циклус на акдемски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултетот за општествени науки при Меѓународен Универзитет „Визион“ Гостивар |
| Број на вработени лица избрани во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 12 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во академската 2023/24 година на прв циклус на студии на Факултетот за општествени науки се запишани вкупно 35 студенти и 10 студенти за втор циклус студии. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултет за општествени науки како единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион е основан во 2014та година. Седиштето на факултет уште од самото основање е во Гостивар, каде што се наоѓа и самото седиште на Универзитетот. Факултет за општествени науки во почетокот имаше само една студиска програма, студиска програма по Психолошко Советување и Усмерување, прв циклус, четиригодишни студии на која можеше да се следи настава на македонски и на турски јазик.<br>Дополнително се воведе и студиска програма по Психологија на прв циклус, четиригодишни студии која доби акредитација во 2018 година.Оваа студиска програма во 2022 година беше реакредитирана од Министерството за образование.<br>Додека во втор циклус студии ахредитирани се два магастерски студии и тоа, во 2021 Психологија втор циклус на акдемски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) и во 2023 година Психолошко – Духовно Усмерување втор циклус на двегодишни студии (120 ЕКТС)<br>Поради интересот на студентите во 2018 година Факултет за општествени науки воведе и студиска програма на Клиничка |

| | |
|---|---|
| | психологија од трет циклус на студии. Со ова Факултет за општествени науки ја покрива сите три циклусни академски програми во обласа на психологија.<br>Психолошките феномени се вклучени во сите аспекти на човечкиот живот, а посебно оние за кои се знае дека има потреба од поседување на знаења за релевантни теми поврзани со психологијата, за новините и промените во психологијата, и за поседувањето вештини на советување (активно слушање, невербална комуникација, парафразирање, искажување на чувствата), како и за поседување правилни и толерантни ставови во разбирањето и знаењата за животот на луѓето со различна култура, сексуална определба и стил на живеење.<br>Со завршување на оваа студиска програма студентите ќе станат конкурентни на пазарот и ќе се во значајна кариерна предност бидејќи програмата освен теориска основа поттикнува развој на социјални вештини и зголемување на самодовербата. Студиската програма ги подготвува студентите за соодветна истражувачка и психолошка дејност во различни организации. Со завршување на студиската програма отворен е широк спектар на работни места како советувачи, индивидуална и групна приватна пракса, во училишта, болница, во војската, полицијата, судот, спортските тимови, центри за социјална работа, универзитети, истражувачки агенции, медицински центри и центри за ментално здравје. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Факултет за општествени науки функционира како интегрирана единица во рамки на Меѓународен Универзитет Визион. Во рамки на додипломските студии се вклучени сите наставници и соработници на единицата. Истите наставници и соработници се вклучени и на студиската програма на втор циклус на студии. Во контекст на ова амбиција на Факултет за општествени науки во иднина е да го зајакне наставниот кадар и асистенти со висококвалификуван кадар од државата и од странство.<br>Институционални капацитети на Факултет за општествени науки континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставнонаучната и истражувачката дејност, современи студиски програми на двата циклуси компатибилни со програмите на еминентни светски универзитете, обезбедување на адекватни просторно-технички и материјални услови за студентите и вработените, висок и континуиран раст на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство, функционален кариерен центар со голем потенцијал, потпишани голем број меморандуми за соработка со бизнис заедницата, јавниот сектор и меѓународни универзитети. богата библиотека со литература на Универзитетот. |
| Во кои области / прашања / стандарди / индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Стандард 1<br>Стандард 3<br>Стандард 5 |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Главни предизвици на Факултет за општествени науки се: нови вработувања, акредитација на нови студиски програми во втор циклус, а согласно можностите и на реакредитација трет циклус на студии, вложување во научно-истражувачката дејност и публикување на учебници на професори од факултет, збогатување на библиотеката со нови светски изданија од областа на психологији како и поврзување со бизнис секторот.<br>Основни недостатоци на Факултет за општествени науки се малиот број на студиски програми на прв циклус на студии, недоволниот број на асистенти и соработници како и нефокусираноста кон меѓународни проекти во странство. |

## 8. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

За градење на своите институционални политики за обезбедување на квалитет Меѓународниот универзитет „Визион“ се води од националниоте документи, како Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план (Прилог 1.1.А.), сите законски и подзаконски акти во образованието, и актите донесени на Универзитетот, како и програми и стратегии за работа на Универзитетот.

Меѓународниот универзитет „Визион“ ја демонстрира својата целосна посветеност кон обезбедување на квалитет низ примената на формални и неформални механизми во своето работење. Политиката за обезбедување на квалитет претставува формален документ кој произлегува од СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ „ВИЗИОН“ ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 ГОДИНА (Прилог 1.1.Б.), која претставува континуитет на претходните Стратегии за развој на Универзитетот. Во актуелната Стратегија се содржани Визијата и Мисијата на Универзитетот и истата е насочена кон исполнување на барањата и очекувањата на заинтересираните страни, студентите, академскиот кадар, административно-техничкиот персонал, родителите, државните органи и локалната самоуправа, работодавачите, професионални здруженија, стопанските комори, бизнис заедницата и нејзините асоцијации, социјалните, просветните и други институции) и при тоа е јавно достапна и поставена на веб страната на Универзитетот. Во Стратегијата се утврдени клучните вредности на универзитетот, како и приоритетните области каде треба да бидат превземени стратегиските и оперативните активности. Стратегијата на Универзитетот е јавно достапна.

Политиката за обезбедување на квалитет на Универзитетот, Универзитетот ја создава и гради во временски континуитет и таа е јавно достапна. Вистински доказ за ова е Правилникот за обезбедување на квалитет од 2018 година, донесен на ден 25.09.2018 (Прилог 1.1.В.) во кој за првпат нормативноправно е регулирано ова прашање. Овој Правилник во моментов е вон сила поради реформите на системот на високото образование во Република Северна Македонија кој ги предизвика новиот Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.) донесен од Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/22) од 6.7.2022 година, кој е и основа врз база на кој е изготвен важечкиот Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен Универзитет „Визион“, усвоен на XLII –та седница на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година (Прилог 1.1.Д.). Со овој правилник е регулирана Политиката за квалитет, која претставува декларација, но истовремено и обврска на универзитетот за нејзина реализација и актуелизација преку имплементација на активности за планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот во целокупното работење на универзитетот.

Политиката за квалитет се одразува во стратешките планови и цели и се спроведува во различни области на институционалното работење во согласност со поставените национални, европски и меѓународни стандарди за обезбедување на квалитет и упатствата за квалитет, кои треба да бидат комплементарни. Политиката за квалитет е основа за унапредување на функционирањето и развојот на Универзитетот преку јакнење на институционалниот и проактивниот капацитет преку успешно прилагодување кон потребите и барањата на целокупната општествената заедница. Политиката за квалитет придонесува за постојано подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на универзитетските дејности и во пошироката општествено опкружување, правејќи го универзитетот општествено одговорна институција (Прилог 1.1.Ѓ.).

**Прилози**

Прилог 1.1.А. Стратегија за образованието во Република Македонија за 2018-2025 година и Акциски план
Прилог 1.1.Б. Стратегија за развој на Меѓународен универзитет „Визион“ за периодот 2023-2026 година
Прилог 1.1.В. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2018
Прилог 1.1.Г. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација од 2022
Прилог 1.1.Д. Правилник за системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ од 2023
Прилог 1.1.Ѓ. Политика за квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“
Линкови на веб страната на универзитетот:
Стратегија на Универзитетот
Визија (https://vision.edu.mk/vizyon/tr)
Мисија (https://vision.edu.mk/misyon)

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>- колку пати годишно прави евалуација, што е предмет на евалуација, форма во која се спроведува евалуацијата на пример анкета, период, просечно задоволство на студентите од наставниот кадар во последната евалуација, број на прашања на прашалникот за евалуација, кој го изготвил прашалникот: на пример Комисијата за евалуација на установата... и слично (стр. 46 да се следи за деталната содржина на точките кои треба да се одговорат) |

Меѓународниот универзитет „Визион“ првиот Правилник за самоевалуација (Прилог 1.2.А.) и Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.2.Б.) ги има донесено на ден 14.8.2015 година на седница на Универзитетски сенат.

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 31 од Законот за високото образование (Прилог 1.2.В.), член 97 став 1 алинеја 30 од Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Г.), како и согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност од 6.7.2022 година (Прилог 1.1.Г), се донесе одлука за усвојување на Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Д.). Со Упатството за самоевалуација и обезбедување на квалитетот денесено на XLVIII –та седница на Сенатот одржана на ден. 29.5.2024 година остана во употреба и Упатство за студентска анкета на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Ѓ.). На универзитетот е донесен Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 1.2.Е.).

Во рамките на Меѓународен универзитет „Визион“, на сите факултети, се применуваат различни алатки за оцена, контрола и унапредување на квалитетот на образованието:

а) Студентска анкета за наставен предмет: Универзитетот редовно спроведува студентска анкета која опфаќа оценка на квалитет на наставните предмети, наставниот кадар, работата на административниот кадар и општото ниво на задоволство на студентите во текот на нивното студирање. Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – за наставна програма, што се спроведува после завршување на секој од семестрите за сите наставни предмети, во декември и февруари за зимскиот семстар и во мај и јуни за летен семестар (Прилог 1.2.Ж.).

б) Студентска анкета на крај од образовниот процес која се однесува на квалитетот на студиската програма (ги таргетира дипломираните студенти, магистрантите и докторантите). Оценката на квалитетот се спроведува од страна на студентите со алатката Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес (Прилог 1.2.З.)

в) Студентска анкета по првиот колоквиум со која се идентификува задоволството на студентот од предавањата, присуствата и однесувањето на наставниот кадар (Прилог 1.2.S.). Со оваа анкета, наставниот кадар делува превентивно со тоа што може да ги согледа барањата на студентите за подобрување на наставата и предавањата во вториот дел од семестарот.

г) примена на препораките од ISO стандардите, како на пример користење на деминговиот круг (PDCA), и ризик-размислување во работењето на установата, единиците, наставниот кадар, административниот кадар и слично; и други постапки и процедури.

д) Надворешна евалуација од страна на стручно тело на начин и услови определени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г.).

Пред почетокот на секоја академска година на Универзитетот се подготвува Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет во кои се дефинирани активностите, носителите на активности, учесниците, формуларите - анкетните прашалници, термините на реализација, анализа и подготовка на резултатите од спроведените активности (Прилог 1.2.И.). Годишниот календар го подготвува центарот за обезбедување на квалитет во соработка со проректорите и деканите, и се проследува на одобрување до ректорот на Универзитетот (Прилог 1.2.Ј.).

**Прилози**

Прилог 1.2.А. Правилник за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.Б. Упатство за работа на Комисијата за самоевалуација од 2015
Прилог 1.2.В. Закон за високото образование
Прилог 1.2.Г. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Д. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“ и на единиците во состав на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ѓ. Упатство за студентска анкета на МУВ

Прилог 1.2.Е. Деловник за работа на комисијата за самоевалуација на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 1.2.Ж. Анкета за студентско искуство – за наставна програма
Прилог 1.2.З. Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес
Прилог 1.2..Ѕ. Анкета за студенско искуство – по првиот колоквиум
Прилог 1.2.И. Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025
Прилог 1.2.Ј. Одлука за усвојување на Годишен календар на активности за обезбедување на квалитет за 2024-2025

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.<br>Ни требаат докази во прилог: на пример податок за меморандум на единицата со некои работодавач според кој наши студенти вршеле пракса кај некој работодавач. |

Една од основните надлежности и одговорности на Управата на Универзитетот се да соработува со телата, органите и организациските единици на Универзитетот со цел да обезбеди планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на целокупното работење на Универзитетот; да создава предуслови за интеграција на Универзитетот во националните и интернационалните мрежи кои работат на контрола и обезбедување на квалитетот; да предлага и координира иницијативи и развојни програми со цел континуирано обезбедување и унапредување на квалитетот; да поттикнува и координира кружоци за квалитет на сите нивоа на Универзитетот; и да ја шири културата на квалитет на сите нивоа на Универзитетот.
Согласно Законот за високо образование (Прилог 1.2.В.) Факултетот формира Одбор за соработка и доверба со јавност којшто дава препорака (мислење) за студиските програми, и другите прашања од интерес на факултетот. На факултетот е формиран одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот. (Прилог 1.3.А.) Универзитетот упатува јавен повик за членови на Одбор за соработка и доверба на факултетите при МУВ. Во Одборот за соработка и доверба со јавност членуваат покрај претставниците на универзитетот и факултетот и претставници од стопанството и нестопанството од делокругот на студиските програми на факултетот.Како резултат на соработката и вклученоста на работодавците во одборот за соработка и доверба со јавност во последно време има иницијатива за вработување на некои од дипломираните студенти бидејќи истите кај нив биде присутни како практиканти или реализирале определен период на стажирање. Од друга страна, студентите во текот на праксата ќе можат да го применат теоретското знаење и да се стекнат со нови практични вештини на работа. Интенција на Факултетот е ваквата соработка да се интензивира и студентите уште во текот на нивното студирање да склучат договори кај познат работодавец кој би го стипендирал нивното студирање со услов за трајно вработување по завршувањето на Факултетот.
Вклученоста на студентите во развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието е видлива на повеќе начини: преку претставникот на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на универзитетот , преку подготовка на Извештај од Студентските анкети (Прилог 1.3.Б), преку учество на студентите во Комисијата за самевалуација на Универзитетот (Прилог 1.3.В) и единицата на универзитетот (Прилог 1.3.3.Г).
Универзитетот редовно склучува договори со владини тела кои се од интерес на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Во 2024 година е склучен Договор за соработка со Бирото за развој на образованието на Македонија. Во 2022 година Универзитетот е акредитиран од ECVSN (The Eurasia Certificate Verification System Network). Меѓународниот универзитет Визион е партнер на Balkan Universities Association – BUA и Alliance of Central-Eastern European Universities – ACEU.

**Прилози**

Прилог 1.3.А. Правилник за формирање на одбор за доверба на јавноста при единиците на Универзитетот во 2015 година
Прилог 1.3.Б. Извештај од Студентските анкети
Прилог 1.3.В. Одлука за избор на членови на Комисија за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.3..Г Одлука за избор на членови на Комисија за самоевалуација на Факултетот за општествени науки

Линкови на веб страната на универзитетот:
Потпишување на меморандум за соработка на МУВ и Бирото за развој на образованието на Македонија
The Eurasia Certificate Verification System Network
Balkan Universities Association – BUA (**http://www.baunas.org/**)
Central-Eastern European Universities - ACEU (**https://aceu-edu.org/**)

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>- Правилник за организација и работење на Канцеларијата за обезбедување на квалитет, број, датум и линк до него<br>(што важело претходно бидејќи годинава го донесовме, да внесеме!!!<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.<br>Имаме ли нешто? Ни требаат:<br>- Извештаи за последните 5 години<br>- Записници од одржани седници за последните 5 години |

Во рамките на Меѓународен универзитет Визион функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет - Центар за обезбедување на квалитет. Центарот за обезбедување на квалитет е внатрешна организациона единица на Универзитетот која е формирана со одлука на Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорот. Со одлука на Универзитетски сенат донесена на XLII –та седница на Сенатот одржана на ден 13.6.2023 година усвоен е Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот (Прилог 1.4.А.). Со овој Правилник се уредува формирањето, целите и задачите, организациската поставеност, надлежностите и одговорностите, формалните политики и процедури, просторот, опремата и финансирањето на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“.

Основни цели и задачи на Центарот за обезбедување на квалитет се обезбедување придонес во: развој и унапредување на квалитетот во наставата и учењето; развој и унапредување на квалитетот на наставните програми; унапредување и осовременување на студиските програми; развој на паметни средини и унапредување на дигиталните вештини; подлоги, следење и контрола на постапките за самоевалуација и надворешна евалуација; обезбедување на транспарентност и разбирање на постапките за планирање, контролирање, обезбедување и унапредување на квалитетот; инклузивност на барањата за обезбедување на квалитетот од стандардите за системите за менаџмент со квалитет, и други барања поврзани со квалитетот; развој на квалитетот на научно-истражувачката работа и промоција на отворената наука; мобилност на размената на знаењата помеѓу универзитетот и општествената заедница на домашен и меѓународен план; унапредување на односите во меѓународната соработка; и обезбедување добросостојба на сите засегнати страни на Универзитетот.

Во периодот пред формирање на Центарот за обезбедување на квалитет, надлежноста во однос на обезбедување на квалитет ја имаше Комисијата за настава и обезбедување на квалитет, формирана на ден 05.05.2022 година со одлука бр, 0201-489/19, како постојна Комисија на Универзитетот (Прилог 1.4.Б.).

Од денот на создавање на Центарот за обезбедување на квалитет на Универзитетот истиот работи во континуитет. Доказ за ова е Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет за академската 2024/25 година, за вториот семестар (Прилог 1.4.В), во Прилог 1.4.Г. е дадена Одлука за Годишната програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025 и записник од одржан состанок во Прилог 1.4.Д.

**Прилози**

Прилог 1.4.А. Правилник за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 1.4.Б. Одлука за формирање на Комисија за настава и обезбедување на квалитет на Универзитетот

Прилог 1.4.В. Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025

Прилог 1.4.Г. Одлука за Годишна програма за работа на Центарот за обезбедување на квалитет 2024-2025

Прилог 1.4.Д. Записник од одржан состанок на Центарот за обезбедување на квалитет

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>- Извештај за самоевалуација 2018-2021<br><br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>- Акциски план ако има од првата самоевалуација после 2018/2019<br>- Акциски план ако има од втората евалуација после 2022/2023<br><br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.<br>- Линк до Извештај за самоевалуација 2018-2021 |

Во период од последните пет години (заклучно со академската 2023/2024 година) се спроведени три Самоевалуации на Универзитетот на интервали од најмногу три години. Извештаите за самоевалуациите се јавно достапни на веб страната на Универзитетот.

а) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период за 2015-2018 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2015-2018 година (Прилог 1.5.А.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 23.03.2018 година на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Б.).

б) Самоевалуација на Универзитетот спроведена за период од 2018-2020 година, од која произлезе Извештај за самоевалуација 2018-2021 година (Прилог бр. 1.5.В.). Овој Извештај за самоевалуација е усвоен на 27.04.2021 исто така на седница на Универзитетски сенат (Прилог 1.5.Г.).

в) Предметниов (тековен) Извештај за самоевалуација се однесува за академската 2023/2024 и тој ќе биде основа за надворешна евалуација на Универзитетот и Факултет за општествени науки. Во Прилог 1.5.Д. е дадена одлуката за Комисија за самоевалуација на универзитетот за евалуација во академската 2023/2024.

**Прилози**

Прилог 1.5.А. Извештај за самоевалуација 2015-2018
Прилог 1.5.Б. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2015-2018
Прилог 1.5.В. Извештај за самоевалуација 2018- 2021
Прилог 1.5.Г. Одлука за усвојување на Иззвештај за самоевалуација на МУВ 2018-2021
Прилог 1.5.Д. Одлука за Комисија за самоевалуација на Универзитетот

Линкови на веб страната на универзитетот:
Извештај за самоевалуација 2015-2018
Извештај за самоевалуација 2018-2021

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

**Прилози**

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии на Факултет за Општествени Науки во рамки на Меѓународниот универзитет „Визион“ е регулирана во внатрешните акти на Универзитетот. Внатрешните акти на Универзитетот во кои е регулирана оваа постапка се во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија и подзаконските акти за високото образование.

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми е регулирана во Статутот на Универзитетот и Правилникот за донесување на студиски програми

Согласно член 182 од Статутот на Универзитетот, студиските програми се изработуваат според нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени во единствениот европски простор за високото образование.

Согласно член 3 од Правилникот за донесување на студиски програми Предлогот за основање на нова студиска програма на Факултет за Општествени Науки се состои од: проект (елаборат за студиската програма) и предлог одлука за основање на студиската програма на Наставно-научниот совет на Факултет за Општествени Науки. Проектот за основање на студиската програма содржи: вовед, општ дел, студиската програма и образложение за можноста за реализирање. Во воведот се наведуваат причините за предлагање на студиската програма, можните партнери (стопанство, јавен или приватен сектор и др.) надвор од високобразовниот систем (доколку се предлагаа студиска програма од прв циклус психолошки студии), елементи со кои се овозможува мобилност на студенти како и други елементи и потребни податоци. Во општиот дел студиската програма се изработува на начин што мора да содржи податоци за називот на предлагачот, називот на студиската програма, траењето на студиите, условите за запишување на студии, академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите и други податоци кои предлагачот ги смета за релевантни. Централниот дел е самата студиска програма. Овој дел содржи: научно подрачје и поле, обем и организација на студиската програма (семестри, вкупен број на кредити), задолжителни и изборни предмети (попис на предметите, нацрт на содржините на предметите и оптоварувањето на студентите, кредитни поени за предметот, облици на настава и начини на проверка на знаењата, литература (задолжителна и дополнителна), како и начини на следење на квалитетот и успешноста на реализација на предметот, генерички и специфични компетенции (знаења и вештини) за секој предмет, задолжителни и изборни активности, основна литература и високообразовна класификација. Образложението за реализација содржи податоци за местото на реализација, опремата и просторот, детални податоци за кадрите (наставници и соработници), финансиска конструкција на студиите и оптимален број на запишани студенти.

Согласно член 183 од Статутот на Универзитетот и член 2 од Правилникот за донесување на студиските програми, студиските програми ги предлага Наставно-научниот совет на Факултет за Општествени Науки во соработка со Одборот за соработка и доверба со јавноста кој дава свое мислење по предлогот. По прибавено позитивно мислење од Ректорската управа, Предлогот на Наставно-научниот совет на Факултет за Општествени Науки се доставува до Сенатот на Универзитетот со цел негово усвојување. Сенатот на Универзитетот по предлогот за донесување на новата студиска програма расправа на јавна седница.

Доколку Сенатот го усвои истиот се проследува до Одборот за акредитација на Република Северна Македонија кое е колективно тело надлежно да донесе решение за акредитација на конкретната студиска програма.

По добиена акредитација, Директорот на Агенцијата за квалитет (за прв и втор циклус) или Владата (за трет циклус) донесува решение за почеток со работа.

Постапката за акредитација се спроведува редовно на пет години.

**Прилози**

Прилог. 2.1.А. Статут на Универзитетот, ревидирано издание септември 2021 година.

Прилог. 2.1.Б. Правилник за донесување на студиски програми;

Прилог. 2.1. В. Одлуките на Сенатот со кои се усвоени студиските програми на Факултет за општествени науки;

Прилог. 2.1. Г. Решенијата за акредитација на студиските програми на Факултет за општествени науки;

Прилог. 2.1. Д. Решенијата за почеток со работа на акредитираните студиски програми на Факултет за општествени науки;.

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Колку студенти последните 5 години завршиле на конкретната студиска програма, колку продолжиле да студираат во странство на повисок степен, колку во просек студенти се запишуваат на повисок степен, колку нови студиски програми на конкретната единица се отворени во последните 5 години, дали има затворени студиски програми во последните 5 години и др.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br>- дали некои наши завршени студенти имаат отворено приватни бизниси во конкретна област<br>- дали некои работат во познати фирми во државата или странство<br>- дали некои работат во државни институции, правосудни институции, банки, |

На Факултет за општествени науки во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ во моментов се акредитирани четри студиски програми и тоа: еден на прв циклус на студии, две на втор циклус на студии и еден на трет циклус студии.
Студиска програма акредитирани на прв циклус на студии е: Студиски програма на Психологија академски четиригодишни студии од прв циклус на студии ; Студиски програми акредитирани на втор циклус на студии се: Студиската програма Психологија едногодишни академски студии  и Психолошко духовно усмерување две годишна академски студии од втор циклус на студии  и Студиска програма акредитирани на трет циклус на студии е: Клиничка психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии
Содржините на студиските програми на Факултет за Општествени Науки се добро осмислени и опишани и се во согласност со нормативите, стандардите и методологијата прифатени во единствениот европски простор за високото образование. Структурите на студиските програми на Факултет за Општествени Науки се изработени во согласност со студиските програми на Универзитетот во Барселона, Универзитетот во Истанбул, Универзитетот во Виена, Универзитетот во Белград, универзитети кои доста добро се позиционирани на Шангајската листа. Студиските програми се во согласност со болоњскиот процес во Европската Унија и со европските искуства, со целосно прифаќање и имплементирање на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Структурно студиските програми се изработени на начин што во нив прецизно е утврден соодносот меѓу задолжителните и изборните (факултетски и универзитетски) предмети. Дека ова е така може да се виде во стр. 20-21 од Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 16 од Елаборатот на Студиска програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии на англиски јазик и стр. 23 од Елаборатот на Студиската програма Психологија и Психолошко духовно усмерување, едногодишни академски студии од втор циклус на студии и стр 22 од Елаборатот на Студиската програма Клиничка психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии.
Сите студиски програми на Факултет за Општествени Науки имаат за цел да создадат професионални кадри кои ќе знаат да ја поврзат кој знае да комбинира психолошка теорија и практика, да го разбере човековото однесување, менталните процеси, емоциите, мислите и нивните интеракции и да има знаења и вештини за работа во научни области. На овој начин целите на предметите се усогласени со исходот на образовниот процес – создавање на млади кадри со развиени вештини за самостојно критичко и аналитичко размислување во професионалниот живот.
Исходот на образовниот процес кој го испорачуваат студиските програми на Факултет за Општествени Науки е усогласен со дескрипторите на квалификациите содржани во Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации и Законот за националната рамка на квалификации.
Утврдени исходи на образовниот процес за сите студиски програми на Факултет за Општествени Науки се: способност на студентот самостојно да решава психолошките проблеми и случаи, етичко однесување на студентот, стекнување на професионални вештини и професионализам во работењето, колегијалност во работењето, стекнување на вештини во комуникацијата, способност за самостојно психолошко истражување, способност за применување на психологијата, способност за анализа и резонирање, способност за анализа и примена на релевантни психолшки принципи, и слично.
Студентите кои завршиле Психологија на Меѓународен Универзитет „Визион“ се стекнуваат со знаења и вештини кој влијаат врз нивниот личен и професионален живот. Податоци за конкретни примери, резултати и најдобри практики за студенти кои завршиле Психологија, а денес се  успешни психолози, води Центарот за кариера на Универзитетот.

**Прилози**

Прилог. 2.2.А. Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии;
Прилог. 2.2.Б. Елаборатот на Студиска програма Психологија, академски едногодишни студии од втор циклус на студии;
Прилог. 2.2.В. Елаборатот на Студиската програма Психолошко духовно усмерување, двегодишни академски студии од втор циклус на студии;
Прилог. 2.2.Г. Елаборатот на Студиската програма Клиничка психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии;
Прилог. 2.2.Д. Копија од неколку интервјуа со успешни алумни студенти на Факултет за Општествени науки, преземени од Билтените за Алумни клубот кои го уредува Раководителот на Центарот за кариера.

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>- Студиската програма одговара на развојните потреби на општеството и економијата – Зошто? – практично е применлива да се објасни |

| | |
|---|---|
| | Релевантни извештаи или препораки.<br>- Да се наведат некои извештаи или препораки на Владата за вработување на студенти кои завршиле одредени студиски програми<br>- Дали отвориме програми согласно потребите на пазарот на трудот |

Сите студиски програми на Факултет за Општествени Науки во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и економиијата на Република Северна Македонија (во прв ред Извештаите на државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, Извештаите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, конкурсите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и сл), современите текови во глобалната економија (во прв ред Извештаите на светскиот завод за статистика за најпопуларни и најплатени професии), политиката на државата за високото образование, како и промените кои настануваат во правото низ процесот на дигитализацијата.
Студиските програми на Факултет за Општествени Науки опфаќаат практичните аспекти со цел студентите кои завршуваат психолошки студии лесно и брзо да може да конкурираат на пазарот на трудот. Исто така психолошката професија како една од најпопуларните професии во светот нуди широки можности за вработување на завршените кадри како во државниот така и во психолошкиот сектор.
Врз основа на член 122 од Законот за високото образование во рамки на Факултет за Општествени Науки е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.
Во процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.
Одборот за соработка и доверба со јавноста во рамки на Факултет за Општествени Науки дава мислење за подобноста на студиските програми согласно со развојните потреби на општеството и економијата.

**Прилози**
Прилог. 2.3. А. Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Факултет за Општествени Науки;
Прилог 2.3.Б. Записници од одржани релевантни состаноци на Одборот за соработка и доверба со јавноста;
Прилог 2.3.В. Мислењата на Одборот за соработка и доверба со јавноста за подобноста на студиските програми на Факултет за Општествени Науки.

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>- Договор за соработка и вршење на практична настава со МВР<br>- Договор за соработка и вршење на практична настава со Основен суд Гостивар<br><br>Релевантни извештаи или препораки;<br>......................................................................<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;<br><br>- Дека нашите студиски програми не се застарени, односно дека се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и релевантните носители на интереси – деловна заедница, државни органи<br>Точни податоци за одржани средби со студентите со цел измена на студиските програми, доказ записниците со број и датум<br>...................................................................... |

Студиските програми на Факултет за Општествени Науки се изработуваат и ревидираат и во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации).
Согласно член 16 од Правилникот за менаџмент со квалитет студентите се дел од процесот на самоевалуација,

преку членство во универзитетската Комисија за самоевалуација и комиситте на единиците. Дел од постапката за самоевалуација е студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми. Студентите преку студентска анкета имаат можност да ги кажат своите идеи во однос на подобрување на студиските програми.
Студентите преку свој преставник, согласно член 2 став 1 точка 5 од  Правилникот за работа на Сенатот на Универзитетот учествуваат и во работата на Сенатот на Универзитетот што е особено значајно бидејќи Сенатот е орган кој ги усвојува студиските програми.
Исто така студентите преку изработка на дипломски и магистерските трудови, студиски престои во странство и учество на конференции во државата и странство дополнително помагаат за осовременување на студиските програми. Самото ова води кон создавање на ефикасна средина за учење и подршка на студентите.
Сите студиските програми на Факултет за Општествени Науки се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат и во соработка и со другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и слично) со цел да се избегне застарување на студиските програми и да се одговори на современите потреби на пазарот на трудот.
Еден од механизмите преку кој се прави ова е самиот факт што во Одборот за соработка и доверба со јавноста членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.

**Прилози**
Прилог. 2.4.А. Правилник за менаџмент со квалитет
Прилог. 2.4.Б. Извадок од Извештаите за самоевалуација за последните 5 години, каде е содржан податок за изјаснувањето на студентите за студиските програми;
Прилог. 2.4.В. Правилник за работа на Сенатот на Универзитетот, донесен на Седницата на Сенатот на 14.08.2015 година;
Прилог. 2.4.Г. Одлуките за избор на претставник на студентите на седниците на Сенатот (за последните 5 години);
Прилог. 2.4.Д. Наслови на одбранети магистерски трудови на Факултет за Општествени Науки во последните 5 години;
Прилог. 2.4. Ѓ. Упатници со кои Факултет за Општествени Науки испратил свои студенти на студиски престој во странство;
Прилог. 2.4. Е. Листа на имиња на студенти и теми со кои учествувале на конференции во странство;

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература)<br><br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br><br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства |

Креирањето на сите студиските програми на Факултет за Општествени Науки е во согласност со најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студските програми на Факултет за Општествени Науки се изработени во согласност со позитивните искуства на соодветните студиски програми на познати европски и светски универзитети. Овој процес е видлив и низ континуираното усовршување и реформирање на студиските програми. Трансферот на знаења и користењето на искуствата од одговарачките студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовната основа и на процесот на реакредитација на студиските програми.

Во последните 5 години во студиските програми на Факултет за Општествени Науки како надворешни/странски наставници или експерти, на покана на Универзитетот, беа вклучени повеќе предавачи-гости. Студиската програма по Психологија четригодишни академски студии од прв циклус на студии да одговори на нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование**,** основа за изработка на структурата на студиската програма по Психологија е студиската програма по Психологија на University of Barcelona, Faculty of Psycology, кој е на 201-301 место на Шангајската листа во областа на општествените науки- европска ориентација (https://www.ub.edu/portal/web/psychology/bachelor-s-degrees/-/ensenyament/ detallEnsenyament/4474998/7), на студиската програма по Психологија на University of Istanbul, Faculty of Psycology, кој е на 401-501 место на Шангајската листа во областа на општествените науки- европска ориентација (http://edebiyat.istanbul.edu.tr/psikoloji/?p=7779), **на** студиската програма по Психологија на University of Belgrade, Faculty of Phylosophy, кој е на 201-301 место на Шангајската листа во областа на општествените науки-европска ориентација **(**https://www.f.bg.ac.rs/en2/psychology/courses?IDO=14&nivo=1). Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 58-153 од Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни

студии од прв циклус на студии.
Студиската програма Психологија, едногодишни академски студии од втор циклус на студии, да одговори на нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование, основа за изработка на структурата на студиската програма по Психологија е студиската програма по Психологија на University of Bergen, Faculty of Social Sciences, 201 – 301 место на Шангајска листа (https://www.uib.no/studier/MAPS-PSYK/plan) на студиската програма по Психологија University of Belgrade, Faculty of Philosophy, 201-300 - место на Шангајска листа (http://www.f.bg.ac.rs/psihologija/program_studija.php?god=4&nivo=2# ) и на студиската програма по Психологија на University of Istanbul, Faculty of Literature, 401 - 500 - место на Шангајска листа (http://egitimbilimleri.istanbul.edu.tr/?page_id=6515). Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Психологија, едногодишни академски студии од втор циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 34-76 од Елаборатот на Студиската програма Психологија, едногодишни академски студии од втор циклус на студии.
Студиската програма по Психолошко – Духовно Усмерување, двегодишни академски студии од втор циклус на студии да одговори на нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование, основа за изработка на структурата на студиската програма по Психолошко Усмерување на Моралот е студиската програма по Психолошко – Духовно Усмерување на University of Latrobe, Faculty of Health Sciences, 301-400 – место на Шангајска листа ( https://www.latrobe.edu.au/courses/master-of-health-sciences), на студиската програма по Психолошко – Духовно Усмерување Universitat Autònoma de Barcelona, 201-300 – место на Шангајска листа (https://www.uab.cat/web/postgraduate/master-in-palliative-integrated-care-for-persons-with-advanced-disease/content-1345468488401.html/parm1-314_en/param2-2007/), на студиската програма по Психолошко – Духовно Усмерување на Universität Basel, Faculty of Social Sciences, 96 – место на Шангајска листа ( http://mas-spiritual-care.ch/deutsch-studiengang/ ). Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Психолошко – Духовно Усмерување едногодишни академски студии од втор циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 50-76 од Елаборатот на Студиската програма Психологија, двегодишни академски студии од втор циклус на студии.
Студиската програма по Клиничка Психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии да одговори на нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование, основа за изработка на структурата на студиската програма по Клиничка психологија е студиската програма по Клиничка психологија, University of Liverpool, Institute of Life and Human Scineces School of Psychology, кој е на 100-150 – место на Шангајската листа во областа на општествените науки- европска ориентација, https://www.liverpool.ac.uk/media/livacuk/doctorateinclinicalpsychologyprogramme/DClin,Psycho l,Handbook,201718.pdf, на студиската програма по Клиничка психологија на University of Harvard, Department of Psychology, кој е на 1 – место на Шангајска листа во областа на општествените науки, американска ориентација, https://psychology.fas.harvard.edu/files/psych/files/clinical_psychology_handbook_september_5_2 017_cr.doc, на студиската програма по Клиничка психологија на University of Edinburg, School of Healty in Social Science, кој е на 32 – место на Шангајска листа во областа на општествените науки, http://www.drps.ed.ac.uk/17-18/dpt/ptdcpclipc1f.htm, на студиската програма по Клиничка психологија на University of Glasgow, School of Psychology, кој е на 101 – 151 место на Шангајска листа во областа на општествените науки, https://www.gla.ac.uk/media/media_292315_en.pdf . Предметните програми (силабусите) на Студиската програма Клиничка Психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии се јавно достапни и се наоѓаат во Прилог 3, стр 34-74 од Елаборатот на Студиската програма Психологија, двегодишни академски студии од втор циклус на студии.

**Прилози**

Прилог. 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници и експерти кои се вклучени во студиските програми на Факултет за Општествени Науки во последните пет години;

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветновалоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br><br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми<br><br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на психолошките студии. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Системот на студирање на прениот и вториот циклус на студии на Факултет за Општествени Науки е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за прв и втор циклус на студии и овозможува студентот да остварува надворешни активности за време на студирањето. Оптовареноста на студентите од прв, втор и трет циклус на студии е јасно распоределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари,тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење, користење на современа литература, истражувања и извештаи од релевантни институции, практични примери, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми. Во врска со ова подетални информации се содржани на стр. 16 и стр. 239 на Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии, стр. 16 и стр.239 на Елаборатот Студиската програма Психологија, едногодишни академски студии од втор циклус на студии, стр. 16 и стр.122 на Елаборатот Студиската програма Психолошко – Духовно Усмерување, двегодишни академски студии од втор циклус на студии и стр. 17 и стр.218 на Елаборатот Студиската програма Клиничка Психологија, тригодишни академски студии од трет циклус на студии

Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, што е еднакво на 1800 часа годишно оптоварување.

Согласно член 2 од Правилникот за организирање на клиничка настава за студенти Наставно-научниот совет на Факултет за Општествени Науки одлучува за кои предмети може да се изведува клиничка настава. Членот 4 од истиот Правилник предвидува вклучување на стручнак од практиката во клиничката настава. За стручнак од практика се смета лице кои има завршено високо образование, има најмалку 10 години работно искуство во соодветната област и да е истакнат стручњак и да има постигнувања во практичната примена на научните знаења. На овој начин студентите се стекнуваат со продлабочени практични знаења. Факултет за Општествени Науки, како единица на Меѓународен универзитет „Визион“, има соработка со многу приватни компании, како и институции од јавниот сектор кои се јавуваат во улога на креатори на различни политики што им обезбедува на студентите соодветен практичен аспект при решавање на конкретни прашање и нивна анализа. Во текот на студиите, посебно се охрабрува соработката на студентите со конкретни институции при изработка на дипломските и магистерските студии.

**Прилози**

Прилог. 2.6.А Правилник за начинот за организирање на практична настава за студентите;

Прилог. 2.6.Б. Правилник за основите на ЕКТС;

Прилог. 2.6.В. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една во друга единица;

Прилог 2.6.Г. Правилник за клиничка настава за студентите;

Прилог 2.6. Д. Извештај за реализирана практична настава заедно со прилог дневници за реализирана практична настава на студентите како и податоци за надворешни активности обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии во последните 5 години за сите студиски програми на Факултет за општествени науки.

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | |

Информациите за студиските програми на прв и втор циклус на студии на Факултет за Општествени Науки во рамки на Меѓународен универзитет „Визион“ во целост се објавени и не постои диспропорционалност помеѓу информациите содржани во Елаборатот на студиските програми и информациите објавени на интернет страната на Факултет за Општествени Науки. За секоја студиска програма се објавени податоци за: задолжителните и изборните предмети, податок за соодветните ЕКТС кредити, содржината на секој предмет и предметните силабуси кои се неопходни за информирање на студентите.
Јазиците на кои се реализираат студиските програми на прв и втор циклус на студити се македонски, турски и англиски јазик, согласно Статутот на универзитетот. Поради ова информациите за сите студиските програми на Факултет за Општествени Науки се објавуваат на на веб страната на Факултет за Општествени Науки на трите јазици.

**Прилози**

Прилог. 2.7.А. Линк до интернет страната на Факултет за Општествени Науки каде се наоѓаат информации за студиските програми на прв и втор циклус на студии;
Прилог. 2.7.Б. Информации за прв циклус на студии на Факултет за Општествени Науки
Прилог. 2.7.В. Информации за втор циклус на студии на Факултет за Општествени Науки
Прилог. 2.7.Д. Информации за трет циклус на студии на Факултет за Општествени Науки

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>............................................................<br>Индикатори и заклучоци;<br>............................................................<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.<br>............................................................ |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии на Факултет за Општествени Науки се следат континуирано и периодично се ревидираат. Ова се прави во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација.
Програмата на Факултет за Општерствени Науки на прв, втор и трет циклус континуирано се подобрува на начин што се анализираат потребите на пазарот на трудот и модерните текови во психолошката наука и пракса.
Од спроведената компаративна анализа на студиската програма Психологија на Факултет за Општествени Науки акредитирана во 2017 година и реакредитираната студиска програма во 2022 година забележливо е дека новата студиска програма е модернизирана преку изучување на основните психолошки постулати давајќи им компаративна димензија.
Студиската програма Психологија на Факултет за Општествени Науки инсистира на инкорпорација на новитетите во психолошката наука особено со развојот на техологијата и нејзиниот ефект врз психологијата.Студиската програма по Психологија, прв циклус на студии, нуди можности за примена и доградба на стекнатите знаења преку практична работа на студентите на прв циклус на студии.Воедно, наставата по предметите се насочува и кон практична работа на студентите преку изработка на стручни трудови и презентации за кои е потребно и присуство на студентите во соодветни установи. Наставниците се обврзани во предавањата да користат примери од праксата и да обезбедат посета на установи и организации од јавниот и привантниот сектор. На тој начин, предметните програми се тесно врзани за практиката, што подразбира едукацијата и практиката да се интерактивно поврзани. Факултетот за општествени науки при Меѓународниот Универзитет ,,Визион” во Гостивар има пракса за ангажирање и на реномирани професионалци од јавниот и приватниот сектор за реализација на клиничката настава и запознавње на

студентите со современите трендови во областа на студирањето. На тој начин се создава поврзаност помеѓу теоријата и праксата и целосна комплементарност на теоретското знаење на студентот и практичните содржини.

Подетални информации во врска со ова се достапни на стр.16-17 на Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус на студии; стр. 22-23 на Елаборатот на Студиската програма Психологија, академски еднагодишни студии од втор циклус на студии; стр. 15-17 на Елаборатот на Студиската програма Психолошко – Духовно Усмерување, академски двегодишни студии од втор циклус на студии и стр.21-22 на Елаборатот на Студиската програма Клиничка Психологија, од трет циклус на студии.

Постапката за акредитација односно реакредитација се спроведува редовно на пет години, а започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма.
За сите промени на студиските програми учесниците и засегнатите страни навремено се известуваат на веб страната каде се наоѓаат информациите за студирање.
Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми, навремено се објавуваат на веб страната на Факултет за Општествени Науки и истите се јавно достапни. Материјалите по секој од предметите вклучени во наставната програма се избрани со цел да обезбедат знаења за суштинските теоретски концепти и практични решенија, а се практикува и редовно дополнување на литературата со тековни материјали и публикации, со цел студентите да се стекнат со критичко размислување и да дискутираат за актуелни теми во општеството.
Наставата на Факултет за Општествени Науки редовно се спроведува согласно Правилата за студирање на прв циклус на студии (додипломски студии), втор циклус студии (постдипломски студии) и трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот содржани во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии), втор циклус студии (постдипломски студии) и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање нарет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот.
Деканот на Факултет за Општествени Науки секоја година изготува Извештај за спроведената настава.
Наставата се спроведува врз основа на Одлука за распределба на предмети меѓу предметните професори која се изготвува пред почетокот на секој семестар односно два пати во текот на годината.
Наставата се изведува согласно Распоред на часови кој се објавува онлајн на веб страната на факултетот пред почетокот на секој семестар.

**Прилози**
Прилог 2.8. А. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии);
Прилог 2.8.Б Извештаи за работа на декан на Факултет за Општествени Науки
Прилог 2.8. В. Одлуки за распределба на предмети по семестар, за последните 5 години;
Прилог 2.8. Г. Распоред на часови, копии за последните 5 години.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | ............................................................ |

Анализата и систематското следење на статистичките податоци поврзани со бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година навремено се извршуваат од страна на студентската служба и истите се соджани во годишните извештаи на Ректорот. За дел од информациите Факултет за Општествени Науки законски е обврзан да доставува статистички податоци до Државниот завод за статистика.
Податоците за бројот на предмети од студиската програма се содржани во Елаборатите за односните студиските програми и истите се објавени на веб страницата на факултетот.
Просечни оценки на секој професор за својот предмет системски се следат и генерираат преку вибис системот кој Факултет за Општествени Науки го користи за електронско водење на студентските досиеа.
Од спроведената анализа на Годишните извештаи на ректорот за работата на Универзитетот во последните пет години можат да се генерираат следниве информации.

**Прилози**
Прилог. 2.9.А. Годишни извештаи на ректорот за работа на Универзитетот.
Прилог. 2.9. Б. Табели за бројот на студенти, бројот и причините за напуштање на студиите по академска година и бројот на предмети од студиската програма

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Структурирањето на начинот на реализација на наставните програми и оценувањето на студентите на Факултетот за општествени науки е утврдено со Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите и со Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите. Приказот на системот за изведување на настава на Факултетот за општествени науки е регулиран во чл.3 ст.1 од Правилникот според кој на почетокот на семестарот предметниот наставник е должен да ги запознае студентите со содржината на предметната програма, распоредот на предавањата и вежбите во текот на неделите наменети за наставни активности, предвидените форми на наставни активности, начините на вреднување на сите наставни активности, видот, начинот и содржината на испитот (колоквиумот), вкупниот број поени (минималниот праг и максималниот број) и нивна распределба и начинот на формирање на оценката. Студентите се мотивираат да имаат проактивно учество во процесот на учење преку воведување на незадолжителни и/или дополнителни предиспитни активности. Согласно чл. 3 ст. 3 од истиот Правилник предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на незадолжителните и/или дополнителните предиспитни активности за секој студент во студентскиот ИТ систем, меѓутоа оваа евиденција може да се води и во друга форма (електронска и/или писмена). Мотивирањето на студентот во процесот на учење е согледано со валоризирањето на неговата активност, која се вреднува при формирањето на оценката. Според чл. 4 од Правилникот предвидено е студентот преку реализацијата на задолжителните и/или дополнителните предиспитни активности во текот на неделите наменети за наставни активности и/или полагањето на испитот да може вкупно да освои најмногу 100 поени. 30 поени до вкупниот број на поени по определен предмет редовниот студентот, може да ги добие врз основа на други активности и резултати. Конкретни примери за тоа се: присуство и активност на предавањата; присуство и активност на вежби; изработка на семинарски труд; самостојна (домашна) работа; изработени или реализирани проекти/програми; освоени награди или пофалници; учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма. Особено мотивирањето на студентите се согледува преку обврската за внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето од чл. 7 од Правилникот за системот за менаџмент со квалитет која предвидува создавање и надградување на механизам за мотивација на студентите во процесот на учењето, примена на различни модели на настава со отворена можност кон флексибилни пристапи на учење, адаптација на начините на изведување на настава со посебен фокус кон интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, учење базирано на проекти, транспарентност на методите на вреднување и оценување на студентите, доследно и праведно оценување на студентите прилагодено кон целите на програмата. Мотивирањето на студентите за активно учество во наставата дополнително е поттикнато и со Правилникот за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти. Студентите кои според дефинирани критериуми во овој Правилник се категоризираат како надарени и талентирани студенти можат да ги користат бенефициите обезбедени од Универзитетот кои се регулирани со чл 11 од Правилникот. Конкретни примери за овие бенефиции се: предвремена реализација на академски обврски, акцелирање на семестрални и студиски обврски, обезбедување комуникација и контакти со соодветни институции, организации и истакнати стручни лица, доделување на награди и признанија, обезбедување финансиска подршка, обезбедување на предност при аплицирање за меѓународна студентска мобилност во рамките на Еразмус+ и во рамки на билатерални договори со странски универзитети/факултети, обезбедување соодветни препораки при вработување и слично. Од друга страна чл. 3 од Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите детално ги опишува критериумите за оценување на присуството и активност, семинарска работа/проект и другите активности.

**Прилози**

Прилог. 3.1.А. Правилникот за проверка и оценување на знаењето на студентите
Прилог. 3.1.Б. Правилникот за системот за менаџмент со квалитет
Прилог. 3.1.В. Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите
Прилог. 3.1.Г Елаборат на Студиската програма Психологија, академски четиригодишни студии од прв циклус студии;
Прилог. 3.1.Д Елаборат на Студиската програма Психолошко и духовно усмерување, двегодишни академски студии од втор циклус студии;

Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, како и детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користат за секоја студиска програма. Професорите и наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.
Важно да се напомене дека во оваа насока за секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати - на веб страната, во Елаборатите на студиските програми, како и во Информаторот за студирање. Студентите се оценуваат со континуирано полагање (колоквиуми) или завршен испит како и со остварување на други дополнителни активности. За да го положат испитот треба да освојат минимум 51 поени од вкупно 100 поени. Системот Вибис овозможува транспарентно следење на резултатите на студентите и од страна на студентите и од страна на професорите во електронска форма.
Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, чл. 55 од Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Меѓународниот универзитет „Визион“ во Гостивар, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување.
Согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на студентите, детално е разработена структурата на оценувањето. Упатството издава насоки за спроведување на испитите и оценувањето на писмените испити во зависност од тоа дали се работи за колоквиуми, финален испит или поправен испит. Во Упатството се даваат и насоки според кој треба да се валоризираат семинарските трудови и другите активности на студентите.

**Прилози**
Прилог. 3.4.А. Статут на Меѓународниот универзитет Визион
Прилог. 3.4.Б. Упатство за работа на универзитетскиот менаџмент систем - Вибис

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

На Факултетот за општествени науки критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се јасно утврдени во правните акти на Универзитетот и во Елаборатите на студиските програми. Критериумите и методите на вреднување и оценување им се однапред познати на студентите и истите се јавно достапни.
Методи на вреднување на студентите се: следењето, проверувањето и оценувањето.
Предметниот наставник го следи студентот континуирано во текот на совладувањето на содржината на предметната програма. Влезните параметри преку критериуми кој предметниот наставник го следи студентот при совладувањето на содржината на студиската програма се регулирани во член 4 и член 5 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот донесен на седницата на Сенатот одржана на ден 19.12.2023 година, а истите се составен дел и на Елаборатите на студиските програми. Предметниот наставник го следи студентот преку: задолжителните форми на наставни активности (предавања, теренска настава, вежби, семинарски работи, тимска работа), другите форми на активности (проектни задачи, самостојни задачи, домашно учење) и преку начинот на оценување на знаењето на студентот предвиден во елаборатите на акредитираните студиски програми, за секоја предметна програма посебно. Следењето на студентите е возможно и во електронска форма преку Вибис системот каде соодветно се внесуваат резултатите на студентите по сите горенаведени критериуми.
Проверувањето како метод на вреднување на студентите се врши врз база на сите методи за следење на студентот.
Оценувањето како метод на вреднување е остварениот успех од дадените импути (критериуми) помножен со процентуалното учество во оценката. Оценувањето на студентот е излезен параметар.
На Факултетот за општествени науки е воведен нумерички систем на оценување и нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите.
Нумеричкиот систем за оценување на редовните студенти е регулиран во член 56 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии). Истиот е во согласност и со член 18 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот и е имплементиран во Елаборатите на студиските програми. Конечната оценка на редовниот студент се формира преку континуирано оценување (колоквиуми) или завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка 8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.

Нумеричкиот систем за оценување на вонредните студенти е регулиран во член 48 на Правилникот за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион. Конечната оценка на вонредниот студент се формира преку завршното оценување (завршен испит) како и останатите активности предвидени во рамки на студиската програма на следниот начин: од 0-50 поени оценка 5, од 51-60 поени оценка 6, од 61-70 поени оценка 7, од 71-80 поени оценка 8, од 81-90 поени оценка 9 и од 91-100 поени оценка 10.
Нумеричкиот систем за вреднување на работата на студентите е воведен во членовите 25-28 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитет Визион согласно кој студиските програми се вреднуваат со ЕКТС кредити. Според овој Правилник студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма. Еден кредит (поен) одговара на 25 часа работа, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува 1500 часа (60 ЕКТС годишно x 25 часа).
Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се содржани во претходно споменатите правни акти на Универзитетот и истите се објавени на веб страната на Универзитетот во делот Важни документи од каде се и јавно достапни на студентите.

**Прилози**

Прилог 3.5.А Правилник за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга единица на Меѓународен универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето е мерка за постигнатите резултати од учењето на студентот. Оценувањето се спроведува согласно целта на предметот. Оценката одговара на вистинското знаење на студентот и таа е резултат на очекуваниот исход од учењето и одговара на соодветниот број на поени кои може да ги освои студентот. Согласно членовите 11-16 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето постои разлика во бројот на поените кои преку оценување може да ги освои редовен студент кој полага преку колоквиуми, редовен студент кој полага завршен испит и вонреден студент. Имено, преку оценување редовниот студент треба да освои над 35 поени односно може да освои максимум 70 поени преку полагање на колоквиумите, како и најмалку 15 поени со реализација на други активности (присуство и активност на предавањата, присуство и активност на вежби, изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа, изработени или реализирани проекти/програми, освоени награди или пофалници, учество и презентација на самостоен труд на симпозиум и други активности предвидени со предметната програма). Редовните студенти кои не го положиле, односно не го полагаат испитот преку колоквиуми, т.е. го полагаат испитот само преку завршен испит, се оценуваат со поени од 0 до 70. Услов за положен испит се освоени над 35 поени од испитот и освоени најмалку 15 поени од другите наставни активности активности наведени во член 4, што значи вкупно над 50 поени. Преку оценување вонредниот студент треба да освои над 50 поени односно може да освои максимум 70 поени преку реализација на испитот, како и најмалку 10 поени со реализација на некоја од следните активности: изработка на семинарски труд, самостојна (домашна) работа и изработени или реализирани проекти/програми.
Оценувањето е доследно и праведно за сите студенти во согласност со постојна транспарентна процедура на Универзитетот регулирана во членовите 41-57 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) пришто студентите се во можност да го демонстрираат степенот на постигнатите резултати од учењето и да добиваат повратни информации. Студентите однапред се информирани за: календарот и распоредот на испити, начинот на кој може да пријаваат испит, испитните рокови, изведувањето на испитот и начинот на изведување на испитот, јавноста на испитот, објавувањето на резултатите од испитот, правото на приговор на оценката и можноста за комисиско полагање. Оценките на студентите се објавуваат јавно на електронскиот систем на Универзитетот

(секој студент има увид само на својата оценка). Согласно член 47 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) за континуираното како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите јавно се објавуваат преку електронскиот систем на Универзитетот најдоцна во рок од 7 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот. Студентот согласно член 49 на истиот Правилник може да поднесе приговор до предметниот наставник најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на резултатите доколку не е задоволен од резултатот на испитот или дел од испитот или од оценката или доколку смета дека испитот не е спроведен во согласност со актите на Универзитетот. Постапувајќи по приговорот на студентот предметниот наставник може да ја потврди оценката која што претходно ја утврдил или да ја преиначи. По 3 (три) неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, согласно член 21 од Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до Деканот за комисиско полагање на испитот. Деканот постапувајќи по барањето на студентот може да донесе одлука за формирање на трichлена комисија од иста или сродна наставно-научна област пред која студентот во таа испитна сесија ќе го полага испитот. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.

На вториот циклус на студии испитувањето може да се спроведува од повеќе испитувачи. На овој циклус на студии наставата ја реализира предметна комисија составена од двајца наставници, којашто учествува и во спроведување на испитите и реализацијата на другите активности од предметната програма. Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна програма предметниот наставник детално ги запознава студентите со Годишната програма за работа за содветниот предмет каде што составен дел покрај задолжителна и дополнителна литература, начинот на изведување на наставата преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет.

Оценките на студентите за сите циклуси на студии се објавуваат во електронскиот систем на Универзитетот. Оценките се видливи за студентот и предметниот професор. На страната abc.vizyon.edu.mk преку внесување на својот пасворд и лозинка предметниот професор има увид до просечнните оцени постигнати од студентите на својот предмет. Увид до просечните оценки за сите предмети во годината преку електронскиот систем има и раководителот на службата за информатичка технологија на Универзитетот. На овој начин може да ги следи просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми во секоја академска година.

Совети за учењето студентите може да добијат во терминот за консултации со предметните наставници. Времето за консултации на секој предметен професор на Факултетот за општествени науки е објавено на веб-страната.

Формирањето на оценката е резултат на континуирано следење на студентот во текот на семестарот секоја негова наставна или вонначставна активност е соодветно валоризирана и рефлектирана во оценката. Како редовни наставни активности се вбројуваат подготовка на семинарски трудови, презентација на спроведени истражувања, вклучување во дебати, активност на предавања и вежби. Како вонначставни активности се вбројуваат учеството на посети (научни или културни) организирани од Универзитетот, учество во хуманитарни кампањи и демонстрирање на општествена одговорност, учество и следење на панели, конгреси и семпозиуми

**Прилози**

3.6. А Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми

3.6. Б Термини за консултации со предметните наставници на Факултетот за општествени науки

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Во Факултетот за општествени науки постои формална процедура на жалба и формална процедура на прием на пријави на корупција од студенти.

Согласно член 249 од Статутот на Универзитетот и согласно Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите усвоен на ден 14.8.2015 година правото на жалба на студентот му е загарантирано во дисциплинската постапка против одлуката на дисциплинската комисија. Против одлуката на дисциплинската комисија студентот има право да поднесе жалба до Наставно-научниот совет на Факултетот за општествени науки. Исто така Факултетот за општествени науки има отворена политика за прием на жалби кои може да се доставаат во соодветни сандачиња кои јавно се поставени на видливи места на факултетот. Во насока на заштита на правата на студентите согласно член 252 од Статутот се избира и Студентскиот правобранител.

Со цел поефикасно спречување и заштита од корупција на XL –та седница на Сенатот на Универзитетот одржана на ден 17.11.2022 година беше усвоен Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен Универзитет Визион и беше донесена одлука со која проф. д-р Зоран Филиповски (редовен професор на Правниот факултет) беше назначен за овластено лице

за преием на пријави на корупција во Универзитетот. Со самото ова во Универзитетот се создаде формална процедура за пријавување на корупција.
Со Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција се уредува поимот на корупција, лицата против кои може да се поднесе пријава на корупција, работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција, можните подносители на пријавите на корупција, начинот на поднесување и содржината на пријавата на корупција, постапката и одлучувањето по пријавата на корупција и евиденциите кои ги води овластеното лице.
Согласно член 12 од Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријава на корупција, пријава на корупција може да поднесе секое физичко и правно лице. Одовде не постои никаква правна пречка студент од прв, втор или трет циклус на студии да поднесе пријава на корупција. Дополнително ова право на студентот е загарантирано и затоа што согласно член 14 став 3 пријавата на корупција студентот може да ја поднесе и анонимно. Исто така на веб страната на Универзитетот е објавена и маил адресата „korupcija@vision.edu.mk“ на која студентите може да поднесат пријави и по електронски пат.
Овластеното лице за преим на пријави на корупција согласно член 32 од Правилникот најмалку двапати во годината изготвува Извештај за својата работа во која се содржи и податок за приемите пријави на корупција. Досега овластеното лице за прием на пријави на корупција има изготвено три извештаи. Од содржината на извештаите може да се заклучи дека досега ниту еден студент не поднел пријава на корупција. И покрај фактот што ниту еден студент не поднел пријава на корупција во Универзитетот системот за пријавување на корупција е функционален и ефикасен доколку во иднина биде поднесена ваква пријава.

**Прилози**

3.7. А Правилник за дисциплинска одговорност на студентите
3.7. Б Правилникот за уредување на работата и месечниот надоместок на овластеното лице за прием на пријави на корупција на Меѓународен универзитет „Визион“
3.7. В Одлука за избор на овластеното лице за прием на пријави на корупција

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето,т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br><br>Линк до веб страна на објавата. |

Запишувањето на студии на акредитираните циклуси се врши по пат на јавен конкурс, согласно Законот за високото образование **(Прилог.4.1.А.)** и Статутот на Меѓународниот Универзитет ,,Визион" **(Прилог.4.1.Б.)**
Факултетот за општествени науки при Меѓународниот Универзитет ,,Визион" при реализација на образовната дејност утврдува ослови, критериуми, правила и постапка за запишување и стдудирање на прв и втор циклус студии согласно Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на МУВ (**Прилог.4.1.В)**
Условите за запишување на новите студенти на прв циклус на студии, на студиската програма по Психологија, на втор циклус студии, на студиска програма Психологија едногодишни академски студии и на студиската програма по Психолошко – Духовно Усмерување втор циклус студии, се дефинирани во конкурсот за запишување, кој се распишува секоја академска година, каде се пропишани условите и критериумите за прием на нови студенти. Конкурсот покрај условите и критериумите за запишување содржи: број на студенти, постапка за спроведување, рокови за пријавување, полагање и запишување.
На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Условите за запишување на новите студенти на трет циклус на студии, на студиската програма по Клиничка психологија освен Законот за високото образование и статутот на МУВ по детално се уредува со Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус студии (докторски студии) на МУВ (**Прилог.4.1.Г**).
Со Правилниците за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии донесени од страна на Сенатот на МУВ (25.09.2018) освен условите за запишување на студии се регулираат и постапките за запишување (конкурс за запишување, пријава за конкурирање, селекција на кандидати и.др.) Во Правилниците подетално се дефинирани критериуми за изведување настава, заверка на семестар, академски календар и распоред на испитите, пријава на испит и испитни рокови, објавување на резултати, дипломска работа (магистерска теза и докторска дисертациј), услови за завршување на студии како и престанок и обнова на статусот студент.
По завршување на студиите од прв, втор и трет циклус студии, студентите на Факултетот за општествени науки добиваат документација (Уверение, диплома и додаток на диплома) која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии согласно Правилникот за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот. (**Прилог.4.1.Д**)
Со Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог.4.1.Ѓ)** се уредува организацијата на студиите за вонредни студенти, правото, начинот и условите за запишување и избор на вонредните студенти, како и облиците за изведување на настава на вонредните студенти на Меѓународен универзитет „Визион" Процесот за вонредно студирање го раководи, раководителот на Студентската служба на Универзитетот.

**Прилози**
**Прилог.4.1.А.** Закон за високо образование
**Прилог.4.1.Б.** Статут на Меѓународниот Универзитет ,,Визион"
**Прилог.4.1.В.** Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии )
**Прилог.4.1.Г.** Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус студии (докторски студии) на МУВ (Сенат на МУВ од 25.09.2018)
**Прилог.4.1.Д.** Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот
**Прилог.4.1.Ѓ.** Правилник за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион

| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
|---|---|

Примена на системот за континуирано следење и оценување на успехот на студентите е регулирано со членовите од 25 до 33 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот “Визион„(**Прилог.4.2.А)**
Факултетот за оштествени науки води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на дипломирање, магистрирање и докторирање.
Со Правилникот за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог.4.2.Б)** поблиску се уредуваат условите и начините за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет „Визион“ и единиците во негов состав, организацијата, процедурите, начините на утврдување на оценки, заштитата на правата на студентите, како и други прашања во врска со проверката на знаењето на студентите.
Предметниот наставник е должен да води евиденција за реализацијата на наставните активности за секој студент во студентскиот ИТ систем. Полагањето на предметите се реализира преку континуирано оценување (полагање колоквиуми) или завршно оценување (полагање испит).
Постигнувањето на студентот, изразено во освоени поени за реализацијата на предиспитните активности и полагањето на колоквиумите и/или испитите, како и процентуалната распределба на освоените поени во конечната оценка и конечната оценка за положените испити, се запишува во електронското досие на студентот во студентскиот ИТ систем.
Со Правилникот за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог.4.2. В)** се регулира електронскиот систем за оценување и следење на студентите претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти.
Наставниот кадар води писмена (лист за присуство) и електронска евиденција (**Прилог. 4.2.Г)** за присуствата на студентите на предавања и вежби согласно распоредот на часовите за наставниот кадар. На платформата Теамс, факултетот има поставено апликација - Извештај за присуство на студентите за сите студиски програми, по наставни предмети, кои се пополнуваат после секој одржан час на предметниот наставник. На тој начин имаме транспарентна следливост на присуствата на студентите во реално време. Наставниот кадар го следи напредокот на студентот, тековно и преку изработката на семинарски, проектни и други задачи, како и преку ангажираноста на студентите во термините за консултација кои се јавно објавени и транспарентни за студентите.
Факултетот за општествени науки го користи универзитетскиот електронски систем VIBIS (универзитетски менеџмент систем) кој овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање. Користење на системот Vibis (on-line), преку кој наставниот кадар има можност да го следи напредокот на студентиот со резултатите од првиот колоквиум, вториот колквиум, испитите, семинарските и другите активности (**Прилог. 4.2. Д)**. Системот е апликативени за статистички податоци, како среда оценка и слично.
Факултетот делува проактивно на тој начин што врши анкета **(Прилог 4.2.Ѓ)** на студентите после завршување на првиот колоквиум со цел да го евалуира квалитетот на реализација на наставната програма на наставниот кадар. Информациите од анкетата на студентите се користат во плановите за подобрување на наставниот процес за секој наставен предмет на Факултетот.

**Прилози**

**Прилог. 4.2.А**. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен универзитетот визион во Гостивар
**Прилог. 4.2.Б.** Правилник за проверка на знаењето на студентите на Меѓународен Универзитет “Визион„
**Прилог. 4.2.В.** Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион
**Прилог. 4.2. Г.** Месечен извештај за присуство на студентите на предавања и вежби
**Прилог. 4.2. Д. Прирачник за работа со Универзитетскиот Менаџмент Систем – ВИБИС**
**Прилог. 4.2. Ѓ.** Анкета за студентско искуство

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Со членовите 20 и 21 од Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии ) на Меѓународен Универзитетот "Визион" (**Прилог. 4.3.А)** опфатено услови за студент гостин и студент на мобилност. Додека премин од едни на други студии или премин од високообразовни студии е регулирано со членовите од 72 до 78 од истиот правилник. Согласно член 80 од горенаведениот правилник студентот може да студира на две студиски програми од прв циклус студии истовремено (паралелно студирање), на една или повеќе високообразовни установи, доколку е предвидено со студиската програма и доколку не влијае на исполнувањето на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.

Информациите за премин од едни на други студии и премин на друга единица пошироко е регулирано со членовите 16, 37, 38 и 39 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот "Визион" (**Прилог. 4.3.Б**).

Во Правилникот за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус студии (докторски студии) на МУВ (**Прилог. 4.3.В.**) член 30 и член 31 ја дефинира мобилност на студентите, паралелно студирање и признавање на испити на трет циклус (докторски студии). Критериумите и условите за пренесување кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар,

Информации за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие кое го води службата за студентски прашање. Досие посебно се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности.

Постапката за еквиваленција на предмети при трансфер на студенти од други институции при Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар се регулира со Правилник за еквиваленција на предмети на Меѓународен Универзитет Визион (**Прилог. 4.3.Г**). Во согласност на наведените прописи трансферот за мобилност е базиран на Болоњскиот процес и ЕКТС .Согласно член 3 од овој правилник, процесот за мобилност се координира од страна на шефот за студентски прашања во соработка со соодветниот деканат.

Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите кој се води во кординација со координаторот за ЕРАЗМУС. Општи услови за пријава на Еразмус програмата, потребни документи за пријава за Еразмус+ Мобилности и услови за аплицирање за мобилност за студирање, грантови и квоти е опфатено на Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање **(Прилог. 4.3.Д)**

Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог. 4.3.Ѓ)** опфаќа остварување соработка со: универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност, размена на научни и стручни публикации, научни информации, учество на научни средби, симпозиуми, конференции, организирање на заеднички и меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование, организирање зимски/летни универзитети, мобилност на студенти и на наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации и слично како и изведување на други високообразовни и научни активности.

Со Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион **(Прилог. 4.3.Е)** се утврдуваат рамките, принципите, условите, организацијата и методите на спроведување на активностите за неформално образование, како и опсегот на правата, обврските и одговорностите на учесниците, организаторите и институциите кои ги спроведуваат активностите, обезбедувајќи квалитет и транспарентност во процесот на едукација.

**Прилози**

**Прилог. 4.3.А.=4.1.В.** Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии).

**Прилог. 4.3.Б.=4.2.В.** Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Универзитетот „Визион".

**Прилог. 4.3.В.=4.1.Г.** Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус студии (докторски студии) на МУВ

**Прилог. 4.3.Г.** Правилник за еквиваленција на предмети на Меѓународен Универзитет „Визион„.

**Прилог. 4.3.Д.** Конкурс за кандидати за еразмус+ студентска мобилност за студии и стажирање

**Прилог. 4.3.Ѓ.** Правилникот за меѓународна соработка на Меѓународен Универзитет Визион
**Прилог. 4.3.Е.** Правилник за неформално образование на Меѓународен Универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Согласно член 155од Законот за високо образование (**Прилог.4.4.А)** е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома.
Со Статутот на Меѓународен Универзитет Визион, студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него Универзитетот му издава диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата (Diploma Supplement). Дипломата  и додатокот на диплома на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот односно директорот на единицата на Универзитетот и се оверува со сув печат на Универзитетот.
Со Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот (**Прилог.4.4.Б**) подетално е уредено неопходните информации за завршените студии.
Студентите на Меѓународниот Универзитет Визион - Гостивар по завршувањето на студиите добиваат документација (уверение, диплома,додаток на диплом) за прв, втор и трет циклус во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.
Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите (**Прилог.4.4.В, Прилог.4.4.Г, Прилог.4.4.Д, Прилог.4.4.)**

**Прилози**
**Прилог.4.4.А.=4.1.А.** Законот за високо образование
**Прилог.4.4.Б.=4.1.Д.** Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот.
**Прилог.4.4.В.** Елаборат за реакредитација на студиска програма Психологија Прв циклус на четригодишни студии.
**Прилог.4.4.Г.** Елаборат за  втор циклус студии, на студиска програма Психологија едногодишни академски студии
**Прилог.4.4.Д.** Елаборат за двогодишните академски студии од втор циклус, студиска програма по Психолошко – Духовно Усмерување
**Прилог.4.4.Ѓ.** Елаборат за  трет циклус, студиска програма по Клиничка Психологија

**Стандард 5**

## СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Факултетот за општествени науки води Листа на биографии во Europass формат на ангажираниот наставен кадар за сите студиски програми на сите циклуси на студирање. Биографиите содржат информации за последните пет години, профилот на наставникот, завршени циклуси на студии, стекнати звања, научно-истражувачка работа и резултати (Прилог 5.1.А.) Овие документи се достапни за проверка, подлежат на редовно шестмесечно и годишно ажурирање и даваат детален преглед на компетентноста и квалификациите на наставниот кадар. Во делот на резултатите особено се забележува прогрес во развојот на научно-истражувачката работа, за што сведочи трендот на зголемен број на научно-истражувачки трудови презентирани во Биографиите, учеството на конференции, симпозиуми, конгреси, како и разни видови на проекти (вклучително и Еразмус). Биографиите на наставниот кадар се објавени и јавно достапни на веб страната на факултетот.

Потврдувањето на квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на наставната програма, соодветноста на профилот и концептот на академските студии се потврдува со Одлуки во звања на наставниот кадар (Прилог 5.1.Б), кои се донесуваат во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.1.В.), што потврдува дека изборот е спроведен согласно законските и академските стандарди. Квалификациите на наставниот кадар се потврдуваат и со акредитациите на соодветните факултети, како и со распределбата на наставните предмети во склоп на студиската програма.

Прегледот на наставни предмети кои наставниот кадар ги предава во академските учебни години на сите циклуси на студии се презентирани во Годишните извештаи од Деканот на факултетот за изминатите пет години. Во Прилог 5.1. Г. е претставен збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии на факултетот. Овој преглед е подреден по азбучен ред на презимето на вработеното или ангажираното лице и вклучува податоци за предметите кои се предавале. На овој начин се обезбедува транспарентност и увид во работните задачи и обврски како и квалификациите и профилот на наставниот кадар.

Може да се направи еден пресек по однос на динамиката во делот на наставниот кадар, односно број на наставници, редовни вонредни и доценти на Факултетот за општествени науки (Прилог 5.1.Д.)

Со обезбедувањето на горенаведените документи, високобразовната установа демонстрира дека го исполнува критериумот за компетентност на наставниот кадар, што е критичен фактор и од суштинско значење за квалитетот на студиските програми.

**Прилози**

Прилог 5.1.А. Листа на биографии на наставен кадар на Факултет за општествени науки

Прилог 5.1.Б. Листа на Одлуки за избор во звања на Факултет за општествени науки

Прилог 5.1.В. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.1.Г. Збирен преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал во изминатите пет години и на сите циклуси на студии на Факултет за општествени науки

Прилог 5.1.Д. Пресек на број на наставен кадар за последните пет години

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Универзитетот односно факултетот го следи објавувањето на научно-истражувачките трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации групирани по категории предвидени во член 2, точка 24 (А-Ѓ) од Законот за високо образование (Прилог 1.2.В.). Во Прилог 5.2.А. е даден преглед на објавени трудови на наставниот кадар групирани како:

- Научни списанија со рецензирани трудови индексирани во бази како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или други утврдени од Националниот совет за високо образование.
- Научни списанија со рецензирани трудови и меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји.
- Научни списанија со рецензирани трудови објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Книги или делови од книги рецензирани и објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД.
- Зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири со програмски или научен комитет составен од членови од најмалку три земји.
- Преводи на капитални дела во области утврдени од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Овој документ ги групира трудовите и е подреден по азбучен ред на презимето на наставниот кадар. Објавените трудови на наставниот кадар прикажани во прилогот потврдуваат дека наставниот кадар генерира релевантни трудови кои придонесуваат за развојот на компетентноста на наставникот и придонесуваат за развој на науката со тоа што трудовите се рецензирани, се однесуваат на научно-истражувачката област на наставниот кадар и се публикувани во референтни научни публикации.

Секој труд е придружен со линк до оригиналната публикација, што овозможува лесна верификација и проверка на трудовите (Прилог 5.2.Б.) Од следење на линковите до научно-истражувачките трудови на наставниот кадар може да се стекнат корисни сознанија за тоа во кои научни списанија се публикуваат научно-истражувачките трудови, каде тие списанија се индексирани, кој е импакт факторот и други карактеристики. Низ времето бројот на публикации и во квалитативна и во квантитативна насока бележи позитивен тренд, со што се засилува научно истражувачкиот капацитет на целата институција.

Со обезбедувањето на овие прегледи, факултетот демонстрира дека објавените трудови на наставниот кадар се релевантни и значајно придонесуваат кон развојот на квалитетни студии и научната област. Ова ја потврдува високата академска и истражувачка компетентност на наставниот кадар и нивниот придонес во научната заедница.

**Прилози**

Прилог 1.2.В. Закон за високото образование 2018

Прилог 5.2.А. Преглед на објавени трудови на наставниот кадар на Факултет за општествени науки согласно законот, за последните пет години

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации на Факултет за општествени науки со линк до публикацијата

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Факултетот се грижи за балансирано оптоварување на наставниот кадар во делот на наставата. Наставниот кадар е ангажиран согласно законските одредби, а бројот на часови на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. Сето ова е во согласност со член 161 ст.9 и ст.10 од Законот за високото образование. Примена на балансирана оптовареност на наставниот кадар се однесува и во делот на менторствата, што е регулирано исто така во пропишаните насоки од ЗВО, чл. 135 за менторства на втор циклус на студии и чл.134 за менторства на трет циклус на студии (Прилог 1.2.В.).
Во Прилог 5.3.А. е даден збирен преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии по студиска програма. Од тука може да се стекнат сознанија за индивидуалните реализирани активности на факултетот. Вкупниот фонд часови по одделни предметни програми соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со завршување на одделната студиска програма. Исто така, предвидениот фонд часови за студентска практика целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил. Овој преглед е подреден по азбучен ред на презимето на вработеното или ангажираното лице и ги вклучува сите циклуси на студии.
Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии се донесуваат на Наставно-научниот совет на факултетот. Овие одлуки се документирани и архивирани, потврдувајќи дека распоредот на работи и работни задачи е спроведен согласно законските и академските стандарди (Прилог 5.3.Б -Прилог 5.3.И.), и истите се интегрален дел на Извештаите за работа на Деканот (Прилог 5.3.Ј. - Прилог 5.3.М.).
Во Прилог 5.3.Н. е даден Извештај за спроведена настава за сите циклуси на студии по студиски програми на Факултетот за општествени науки .
Согласно Законот за високото образование, факултетот има обезбедено најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време (Прилог 5.3.Њ.) Овој доказ го потврдува кадровскиот капацитет на факултетот.
Врз основа на член 94 став 1 алинеја 28 од Законот за високото образование, како и на член 97 став 1 алинеја 27 од Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар, Универзитетскиот сенат на XLVII-та седница одржана на ден 23.4.2024 година, го усвои Правилникот за утврдување на работните обврски на вработените и за утврдување на принципите за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.3.О.).

**Прилози**

Прилог 1.2.В. Закон за високото образование 2018
Прилог 5.3.А. Збирен преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии по студиска програма на Факултетот за општествени науки
Прилог 5.3.Б. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2023/2024 на Факултетот за општествени науки за зимски семестар
Прилог 5.3.В. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2023/2024 на Факултетот за општествени науки за летен семестар
Прилог 5.3.Г. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2022/2023 на Факултетот за општествени науки за зимски семестар
Прилог 5.3.Д. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2022/2023 на Факултетот за општествени науки за летен семстар
Прилог 5.3.Ѓ. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2021/2022 на Факултетот за општествени науки за зимски семестар
Прилог 5.3.Е. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2021/2022 на Факултетот за општествени науки за летен семестар
Прилог 5.3.Ж. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2020/2021 на Факултетот за општествени науки за зимски семестар
Прилог 5.3.З. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2020/2021 на Факултетот за општествени науки за летен семестар
Прилог 5.3.Ѕ. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2019/2020 на Факултетот за општествени науки за зимски семестар
Прилог 5.3.И. Одлука за распоред на работи и работни задачи за 2019/2020 на Факултетот за општествени науки за летен семестар
Прилог 5.3.Ј. Извештај за работа на декан на Факултетот за општествени науки за 2023/2024
Прилог 5.3.К. Извештај за работа на декан на Факултетот за општествени науки за 2022/2023
Прилог 5.3.Л. Извештај за работа на декан на Факултетот за општествени науки за 2021/2022
Прилог 5.3.Љ. Извештај за работа на декан на Факултетот за општествени науки за 2020/2021
Прилог 5.3.М. Извештај за работа на декан на Факултетот за општествени науки за 2019/2020
Прилог 5.3.Н. Извештај за спроведена настава за сите циклуси на студии по студиски програми на Факултетот за општествени науки.
Прилог 5.3.Њ. Доказ за 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на Факултетот

за општествени науки
Прилог 5.3.О. Правилник за утврдување на работните обврски на вработените и за утврдување на принципите за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност на Меѓународен универзитет Визион

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Високообразовната установа има воспоставено јасни и транспарентни процеси на вработување согласно законските процедури кои се базираат на академските квалификации и заслуги на кандидатите. Процесот нуди еднакви можности за сите кандидати, обезбедувајќи праведен и непристрасен избор.
На Универзитетот е донесен Правилникот за систематизација на работни места на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.4.А.) во кој се регулирани правата и обврските на вработените согласно систематизацијата на работните места во Универзитетот. Систематизацијата на работни места има за цел да обезбеди ефикасност, функционалност и транспарентност во работата на Универзитетот.
Универзитетот врз основа на новиот Закон за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр.82/18), применува Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.1.В.) за да обезбеди законска постапка и критериуми врз основа на кои се врши изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Овој правилник гарантира дека процесот е јасен и транспарентен. Во Прилог 5.4.Б. е даден преглед на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години. Овој преглед ја потврдува транспарентноста и праведноста на процесот на избор.
За да се обезбеди јавност и транспарентност на процесот на избор во звање и вработување, факултетот ги објавува Рецензиите за избор на наставниот кадар во Билтенот на Универзитетот. Во делот на прилози се испистани линковите до Билтените во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. Ова овозможува јавен увид во рецензиите и процесот на избор (Прилог 5.4.В.).

**Прилози**
Прилог 5.1.В. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 5.4.А. Правилник за систематизација на работни места на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 5.4.Б Преглед на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања за последните пет години на Факултетот за општествени науки
Прилог 5.4.В Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор во наставен кадар за последните пет години на Факултетот за општествени науки

9 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Високообразовната установа има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар, осигурувајќи дека кадарот располага со сите неопходни ресурси за ефективно изведување на наставната, научната и апликативната работа. Во таа насока Установата има донесено Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.5.А.) со кој се уредуваат просторните услови за работа и просторните услови за следење на настава на Меѓународен универзитет „Визион“. Универзитетот обезбедува простории кои со својот капацитет, големина и опрема (утврдена со студиските програми), одговараат на специфичностите на студиските програми што се спроведуваат во установата, како и на потребите на студентите. Тоа вклучува: афитеатри и предавални, лаборатории, библиотека и читална, кабинети за вработениот наставниот кадар, канцеларии и простории за ненаставен кадар; простории за работа на органите и телата на Универзитетот, простории за работа на студентско собрание, и други заеднички и повеќенаменски простории како што се: сали за состаноци, хигиенски и санитарни јазли, простории за прием на посетители, ходници, магацини, остава, архиви, лифтови, скали и друго.Овој акт ги опфаќа сите аспекти на работните услови, вклучувајќи ги потребите за информатичка опрема, просторни услови и пристап до релевантни ресурси. Универзитетот ги задоволува нормативите за потребен нето простор по редовен студент и тоа: 5,5 m2 за студиските програми од подрачјето на природно-математичките науки и хуманистичките науки.

Пописот на функционалната информатичка, лабараториска и друг вид на опрема на ниво на Универзитет и на ниво на единици го вршат надлежните служби на Универзитетот. За извршениот попис на функционалната информатичка, лабараториска и друг вид на опрема на Универзитетот службите на Универзитетот на годишно ниво изготвуваат одлука (Прилог 5.5.Б.). Овој попис ги опфаќа сите видови опрема кои се во употреба и се од суштинско значење за изведување на наставата и истражувањата.

Поради рапидниот и многу брз развој на информатичката технологија, и унапредените техничко-технолошки решенија, Универзитетот секоја година во континуитет вложува во нови унапредени технологии за наставата и за истражувањата. Во Прилог 5.5.В. е даден попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема која е обезбедена во последните пет години. Овој попис вклучува информации за вредноста на опремата и изворот на финансирање, демонстрирајќи дека установата континуирано вложува во подобрување и модернизација на опремата со која наставниот кадар работи во изведувањето на своите работи и работни задачи работните услови.

Наставниот кадар при спроведување на својата научно-истражувачка работа има пристап до глобалните бази на податоци, како што се Scopus, Web of Science, Research gate и други кои се од суштинско значење за развојот и напредокот на научно-истражувачката и наставната работа на наставниот кадар. Во Прилог 5.5.Г. е даден преглед на релевантни електронски бази од областа или студиската програма до кои установата има пристап.

Во библиотеката на Универзитетот се обезбедени доволно наслови согласно нормативите на министерството од предложената задолжителна (10%) и дополнителна (5%) литература. Универзитетот има донесено Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 5.5. Д). Со овој Правилник се утврдуваат основањето, раководењето, структурата, библиотечната дејност, библиотечниот фонд, просторот, опремата и финансирањето на работата на универзитетската библиотека на универзитетот. Универзитетската библиотека е составена од три оддели: оддел за прием и техничка обработка на книжен материјал; оддел за комплетирање на книжен фонд; оддел за позајмување на библиотечен материјал. Универзитетската библиотека е внатрешна организациона единица на Меѓународен универзитет „Визион“ која е основана со одлука на Ректорската управа. Универзитетската библиотека функционира интегрално на ниво на Универзитетот (интегриран библиотечно-информациски систем).Расположливата литература се евидентира електронски така што пребарувањето може лесно да се врши. На тој начин библиотечниот фонд е достапен на студентите. Предвидената задолжителна и дополнителна литература (дадена во предметните програми) е обезбедена од страна на предметните наставници, во електронска и хартиена форма, која се наоѓа во библиотеката на Меѓународниот Универзитет Визион. Библиотеката располага со 5.000 единици на библиотечен фонд (книги, часописи, научни списанија, стандарди, пристап до база со податоци на издавачки куки), а во електронска база со 25.000 бибилиотечен фонд.

Просторните услови за реализација на студиските/наставните програми се во согласност со акредитацијата на студиските програми, и ги опфаќаат предавалните, лабораториите, библиотеките и другите простории кои се

користат за наставата и истражувањата. Податоците за простории со површина во високообразовната установа што ќе се користат за реализација на Студиските програми на Факултет за општествени науки како и список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност опишано на Табела 6.1 од Елаборат за реакредитација на студиска програма Психологија Прв циклус на четригодишни студии (Прилог 5.5. Е)

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за неповредливост на универзитетскиот простор и обезбедување на просторни услови за работа и следење на настава на Меѓународен универзитет Визион

Прилог 5.5.Б. Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.5.В. Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема која е обезбедена во последните пет години на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.5.Г. Преглед на релевантни електронски бази до кои установата има пристап

Прилог 5.5.Д. Правилник за уредување на работата на универзитетската библиотека и за организирање на библиотечната дејност на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 5.5.Ѓ. Сликовити прикази на просторните услови на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.5.Е. Елаборат за реакредитација на студиска програма Психологија Прв циклус на четригодишни студии

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Високообразовната установа нуди значителни можности за професионален развој на наставниот кадар, мотивирајќи ги постојано и организирајќи обуки и тренинзи за развој на проактивни и иновативни методи за настава, како и за унапредување на педагошките и техничките вештини. Установата има акт кој го регулира професионалниот развој на наставниот кадар, вклучувајќи ги условите и процедурите за обуки и тренинзи, односно има донесено Правилник за стручно усовршување на вработените на МУВ (Прилог 5.6.А.). Во Прилог 5.6.Б. е дадена листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар во последните пет години кои биле финансирани од установата, за развој на проактивни и иновативни методи за настава. Ова вклучува листа на учесници и програма на обуките. Додека во Прилог 5.6.В. е дадена листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар во последните пет години, но финансирани од други установи, институции или организации. Исто така и оваа листа вклучува листа на учесници и програма на обуките. Обуките и тренинзите произлегуваат од политиките на Универзитетот, Стратегијата за развој на Универзитетот, и плановите за работа на факултетот. Исто така може да произлезат и од барањата на наставниот кадар, и се претходно одборени од деканот на факултетот, бидејќи тие треба да бидат во насока да допринесат за унапредување на професионалниот развој на наставниот кадар, односно да имаат додадена вредност. После секоја обука на наставниот кадар, на наставно-научен совет на факултетот се разгледуваат научените лекции и се евалуира квалитетот на обуката (Прилог 5.6.Г.).

Конкретни примери и резултати од најдобри практики за мотивирање на наставниот кадар во последните пет години се презентирани во Прилог 5.6.Д. Овие примери ги демонстрираат успешните стратегии за мотивација на кадарот во развојот на иновативни методи за настава, педагошки вештини и технички вештини.

Факултетот редовно ги следи и ги унапаредува техничките вештини на наставниот кадар, особено поради фактот што за студиските програми: психологија наставниоот кадар работи со наменска информатичка технологија (информатички пакети и програми за работа). Техничките вештини се специјализирано знаење и експертиза која се бара за да може да се изведуваат специфични задачи и да се користат специфични алатки и програми во реални ситуации.Техничките вештини кои треба да ги стекне наставниот кадар може да бидат: општи технички вештини (технички вештини за целокупниот наставен кадар); и посебни технички вештини (технички вештини специфични за одредени студиски програми. Во Прилог 5.6.Ѓ. се презентирани техничките вештини на наставниот кадар по студиски програми. Техничките вештини на наставниот кадар се регулирани со член 12 во Правилникот за стручно усовршување на вработените на МУВ (Прилог 5.6.А.).

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Правилник за стручно усовршување на вработените на МУВ

Прилог 5.6.Б. Листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар на Факултетот за општествени науки кои биле финансирани од установата

Прилог 5.6.В. Листа на обуки и тренинзи за наставниот кадар на Факултетот за општествени науки, финансирани од други установи

Прилог 5.6.Г. Записник од Наставно-научен совет на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.6.Д. Конкретни примери и резултати од најдобри практики за мотивирање на наставниот кадар во последните пет години на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.6.Ѓ. Техничките вештини на наставниот кадар по студиски програми на Факултетот за општествени науки

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Универзитетот има долгогодишна практика на ангажирање на афирмирани наставници, научници, уметници и стручњаци од практиката како дел од реализацијата на својата студиска програма. Во согласност со Правилникот за условите и начинот на ангажирање на визитинг професор на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар (Прилог 5.7.А.) и Правилникот за ангажирање на афирмирани научници и стручњаци од практиката во наставата на МУВ (Прилог 5.7.Б.) во последните пет години, оваа практика доби на интензитет и е подобрена со цел да се обезбеди релевантност и додадена вредност за студентите и наставниот процес.

Универзитетот има потпишано договори за соработка со други Универзитети, владини и невладини тела како и други организации, со кои на редовна основа соработува за ангажман на стручни и академски лица кои ќе дадат особен придонес во подигнување на квалитетот на студиската програма.

Визитинг наставниците и стручњаците се избираат според нивниот профил и релевантноста за студиските програми на факултетот. Ова обезбедува разнообразност во учењето и наставата, како и важни контакти и врски со релевантни стручњаци од националната и меѓународната научна заедница, уметноста и индустријата.

Предавањата на наставниците и стручњаците од практиката се евалуирани и одобрени од деканот на факултетот со што се потврдува дека се релевантни за студиската програма и може да се изведуваат на трите јазика на предавање на универзитетот-македонски, турски и англиски.

Во Прилог 5.7.В. е дадена листа на визитинг афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на студиските програми на Факултетот за општествени науки. Биографиите на сите ангажирани визитинг наставници и стручњаци изработени во Europass формат со вклучени податоци за образованието, работното искуство, специјализациите и важните постигнувања на секој од ангажираните лица се дадени во Прилог 5.7.Г.

Од присуството на визитинг посетите се води Листа на евиденција на присутност на наставниците и студентите. На крајот од образовниот процес, во процесот на самоевалуација, студентите со анкета го евалуираат факултетот дали доволно се грижи за ангажирање на визитинг професори и стручњаци од практиката за предавање на факултетот (Прилог 1.2.3.).

Оваа практика не само што ги обогатува студиските програми, туку ја зголемува конкурентноста и меѓународната видливост на факултетот, додека истовремено ги подобрува и развива квалитетните студентски и наставнички капацитети.

**Прилози**

Прилог 5.7.А. Правилник за условите и начинот на ангажирање на визитинг професор на Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар

Прилог 5.7.Б. Правилникот за ангажирање на афирмирани научници и стручњаци од практиката во наставата на МУВ

Прилог 5.7.В. Листа на визитинг афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство, во рамките на студиската програма за последните пет години на Факултетот за општествени науки

Прилог 5.7.Г. Биографии на сите ангажирани визитинг наставници и стручњаци на Факултетот за општествени науки

Прилог 1.2.3. Анкета за студентско искуство – со завршување на образовниот процес

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Универзитетот односно факултетот поттикнува научна работа со цел да ја зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот функционира добро и е ефикасен. Проектите и активностите како што се научни проекти, конференции и програми за стипендии се добри практики што го засилуваат врската меѓу наставата и науката. Со ова, универзитетот не само што ги поттикнува студентите да се вклучат во научни истражувања, туку и создава платформа за размена на знаење и идеи помеѓу студентите и наставниците. Ова допринесува за зголемување на квалитетот на наставата и развојот на научниот капацитет на универзитетот.

Во насока на унапредување на истражувачките капацитети на наставно-научниот кадар во овој извештајниот период покрај редовното објавување на научно истражувачки трудови од страна на наставниот кадар често се прават соработки со студентите посебно на прв и втор циклус студии. Установата се стреми да им овозможи на своите вработени и студенти активно да се вклучат во меѓународни активности преку обезбедувањето на мобилност за наставен кадар и студенти преку Erasmus + договорите.

**1. Конкретни примери и резултати:**

Информациите кои се прибираат од високообразовната установа се релевантни за профилот на установата и студиските програми. Тие вклучуваат клучни показатели на успехот, профил на студентската популација, напредок на студентите, успех и стапка на отпишување на студентите, степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, ресурсите за учење и поддршката достапни на студентите, податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери.
Електронскиот систем за оценување и следење на студентите е регулиран со Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион (Прилог 7.1.Г.), и претставува интегрирана платформа која овозможува дигитализација на академските и административните процеси во Универзитетот. Електронскиот систем за оценување и следење на студентите опфаќа: регистрирање на студенти, управување со испити и оценување, следење на академскиот напредок, комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите и генерирање на извештаи за студенти, наставен и ненаставен кадар.
Во Прилог 7.2.А. е даден приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци, во Прилог 7.2.Б. се наведени некои конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот, додека во Прилог 7.2.В. се дадени конкретните примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците.

**Прилози**

Прилог 7.1.Г. Правилник за електронскиот систем за оценување и следење на студенти на Меѓународен Универзитет Визион
Прилог 7.2.А. Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа на прибраните податоци
Прилог 7.2.Б. Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот на прибирање и анализа на прибраните податоци
Прилог 7.2.В. Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот на анализа на податоците

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Високообразовната установа води регистар на значајни настани, активности и процеси, кои се релевантни за стратешкото менаџирање (Прилог 7.3.А.). Овој регистар е составен од податоци кои се систематски прибираат, анализираат и се користат за подобрување на управувањето и донесувањето одлуки на менаџментот во установата. Факултетот за општествени науки во рамките на Извештајот за работа на деканот на факултетот ги презентира сите реализирани настани, активности и процеси кои се потребни за стратешкото носење на одлуки на менаџментот. Преку ваквиот систематичен и систематски пристап, универзитетот обезбедува ефективно и ефикасно управување со своите ресурси, активности и процеси, со цел да постигне повисок степен на квалитет и функционалност во своето целокупно работење.

**Прилози**

Прилог 7.3.А. Регистар на значајни настани, активности, и процеси на факултетот

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. |

Високообразовната установа има воспоставен систем за заштита на информациите, кој обезбедува сигурност и приватност на податоците во печатена и електронска форма. Овој систем вклучува мерки за заштита на податоците на студентите, резултатите од испитите и дискусиите на дигиталните платформи. Универзитетот презема соодветни мерки за заштита на личните податоци на сите засегнати страни, со цел да се осигури нивната безбедност и интегритет.
При тоа, Универзитетот меѓудругото се раководи од: Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Прилог 7.4.А.), Закон за заштита на личните податоци (Прилог 7.4.Б.), Закон за архивски материјал (Прилог 7.4.В.), Уредбата за канцелариското и архивско работење (Прилог 7.4.Г.) и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариското и архивското работење (Прилог 7.4.Д.). Универзитетот има усвоен акт кој ја регулира заштитата на личните податоци и информациите, односно Правилник за безбедност на податоците и информациите кои се водат во писмена и електронска форма и за постапки за известување при нарушување на безбедноста на Меѓународен универзитет Визион (Прилог 7.4.Ѓ.). За заштита на податоците и информациите се користат: физички мерки, организациски мерки и технички мерки. Физичките мерки

за заштита на податоците и информациите опфаќаат контролиран пристап до просториите, заклучени архиви, видео надзор и други мерки. Технички мерки за заштита се: енкрипција, заштитен ѕид (firewall), антивирусни програми, контролирани лозинки и други технологии. Сите електронски податоци и информации кои содржат лични информации се енкриптирани со современи алгоритми, за да се осигура нивната безбедност при чување и пренос. Организациските мерки за заштита на податоците и информациите ги опфаќаат обврските на вработените за зачувување на тајноста на податоците, спроведување на обуки и едукација за безбедност на податоците. Со цел следење на најдобрите практики за заштита на податоците и информациите, Универзитетот ќе врши ревизија на технолошките мерки на секои 12 (дванаесет) месеци, при што ќе ги интегрира новите технологии и методи кои овозможуваат поголема безбедност. Во правилникот се регулирани и постапките за известување при нарушување на безбедноста на податоците и информациите. Универзитетот исто така има донесено и Правилник за обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на останати овластени лица на Меѓународен универзитет „Визион“ (Прилог 7.4.Е.) во кој се уредуваат обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема на универзитетот.

Опис на практиката за заштита на личните податоци и информациите на универзитетот е презентирана во Прилог 7.4.Ж. Во делот на други релевантни документи се доставува листа на прилози од Прилог 7.4.З. до Прилог 7.4.Н.

Други релевантни политики на установата се меѓудругото:

- Политика за приватност: Универзитетот има јасно дефинирана политика за приватност која ги опишува начините на собирање, користење и заштита на личните податоци. Студентите потпишуваат Изјава за согласност за личните податоци (Прилог 7.4.Њ.)
- Извештаи за безбедност: Редовни извештаи за состојбата на безбедноста на информациите и за преземените мерки за заштита на податоците согласно презентираните правилници.
- Процедури за известување: Установата има воспоставени процедури за известување за евентуални нарушувања на безбедноста на податоците и за преземање на соодветни мерки за нивно решавање согласно презентираните правилници.

**Прилози**

Прилог 7.4.А. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
Прилог 7.4.Б. Закон за заштита на личните податоци
Прилог 7.4.В. Закон за архивски материјал
Прилог 7.4.Г. Уредба за канцелариско и архивско работење
Прилог 7.4.Д. Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцеларискoто и архивското работење
Прилог 7.4.Ѓ. Правилник за безбедност на податоците и информациите кои се водат во писмена и електронска форма и за постапки за известување при нарушување на безбедноста на Меѓународен универзитет Визион
Прилог 7.4.Е. Правилник за обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на останати овластени лица на Меѓународен универзитет Визион
Прилог 7.4.Ж. Практика за заштита на личните податоци и информациите на универзитетот
Прилог 7.4.З. Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер
Прилог 7.4.Ѕ. Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци
Прилог 7.4.И. Изјава за тајност и заштита на обработката на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор
Прилог 7.4.Ј. Правилник за начинот на вршење на видео надзор во просториите ан Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 7.4.К. План на поставеност на видео надзорот
Прилог 7.4.Л. План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци
Прилог 7.4.Љ. Правилник за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
Прилог 7.4.М. Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот
Прилог 7.4.Н. Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти на Универзитетот
Прилог 7.4.Њ. Изјава за согласност за личните податоци

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Универзитетот односно Факултетот има веб страница каде се објавуваат сите информации поврзани со активностите на факултетот а што се од интерес на студентите, наставниот кадар, факултетот, универзитетот, одборот за доверба на факултетот, универзитетите со кои имаме склучено договори за соработка, владини и невладини тела, партнери за соработка, алумни заедницата, потенцијални идни студенти и партнери за соработка, како и целокупната општествена јавност. Веб страницата на Факултетот е достапна на турски, македонски и англиски, јазик и тековно се ажурира од страна на информатичко – техничката служба.

Основни целини на веб страната се: дел наменет за студентите, Vibis системот, Информации за универзитетиот, Информации за факултетите, Научно-истражувачката дејност, Центри и департмани и комуникација со јавноста. Во делот на научно-истражувачката дејност се презентирани двете универзитетски списанија VISION - International Refereed Scientific Journal и The international scientific journal "Sui Generis, и конференциите. На веб страната се објавува репозитиориум на научно-истражувачката дејност на наставниот кадар, што вклучува научно-истражувачки трудови, конференции, конгреси и друго.

Пред почетокот на академската година на веб страната се објавува Академскиот Календар кој ги содржи колоквиумските недели и испитните сесии, Акредитираните студиски програма за сите акредитирани циклуси на студирање со преглед на наставните предмети, и Распоредот на наставни предмети и часови за зимскиот семестар во академската година. Во текот на семестарот се објавуваат Распоредот на колоквиуми за првата колоквиумска недела и распоредот на колоквиуми за втората колоквиумска недела. Распоредот на испити во сите испитни сесии се објавува согласно член 41 и член 44 од правилникот за услови и критериуми, правилата и постапката за запишување и студирање на прв чиклус на студии (прв додипломски и втор циклус на студии и трет циклус на студии.

Пред почетокот на летниот семестар се објавува Распоредот на наставни предмети и часови за летниот семестар.

Пред почетокот на секоја академска година се одржува Прв академски час за новозапишаните студенти на сите студиски програми на прв циклус на студии. Во академската 2021/2022 година, поради ковид пандемијата настанот се одржа електронски на платформата teams и на youtube, со учество и обраќање до новозапишаните студенти на Ректорот на Универзитетот. (https://vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-yeni-akademik-yili-ve-yeni-rektor )

На веб страницата има податоци за еразмус. Факултетот за општествени науки е целосно посветен на обезбедување еднакви можности за сите студенти, академскиот кадар и административниот персонал. За студентите, јасно се објаснети висококвалитетните краткорочни и долгорочни процедури за мобилност за студии и пракса. Ние конкретно ја охрабруваме мобилноста на персоналот за да ги прошириме нашите партнерства, да споделуваме добри практики, да развиваме современи знаења, вештини и компетенции и да создаваме нови практики. Во согласност со тековните глобални потреби, онлајн соработката ќе биде истражена и развиена за да се решат прашањата за интернационализација. Севкупно, учеството во Програмата Еразмус ја подржува мисијата и визијата на нашата институција за ефективно справување со предизвиците, со што ќе се развијат трансверзални и специјализирани компетенции кои ќе ја зајакнат организациската конкурентност на Универзитетот и ќе го подобрат регионалниот просперитет.

Проширувањето на учеството во програмата Еразмус е во согласност со нашите главни цели дефинирани во Стратегијата за развој на Меѓународен универзитет „ВИЗИОН", факултетот за општествени науки, вклучувајќи, особено промоција на европската димензија на образованието, понатамошниот развој на мултилатералната соработка помеѓу нашите институции и универзитети, компаниите и локалната самоуправа, заедно со зголемување на бројот на сите мобилности (студентски, наставен и административен кадар), како и промовирање на целосно, меѓусебно признавање на квалификациите стекнати од страна на учесниците. Факултетот континуирано работи на воспоставување и унапредување на соработката со универзитетите од регионот на Југоисточна Европа, Европската Унија и светот. Линк https://vision.edu.mk/yonetim/erasmus

Информациите објавени на веб стараната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на факултетот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Тоа значи дека текстовите, сликите, визуелните и аудио снимки кои се објавуваат на веб страната се објавуваат со претходна дозвола од

Ректорот/Деканите/раководителите на службите и центрите и другите одговорни лица кои се одговорни за нивната релевантност.
Факултетот редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми во средните училишта во државата (Прилог 8.1.А.). Извештаите за преземените активности во оваа насока се составен дел од годишните извештаи за работата на деканот на Факултетот за општествени науки. Во Прилог 8.1.Б е даден Извештај за спроведени активности и прес за присуство во медиумите во последните пет години.
Распоредите за одржување на настава, колоквиуми и испити за прв циклус студии како и распоредите за одржување на настава и испити за втор циклус студии беа достапни на веб сајтот, на огласните табли и на факултетската Фејсбукгрупа.
Пред одбрана на магистерски труд и на докторска дисертација, во потребниот рок се објавува соопштение на огласна табла, односно во печатени медиуми, како што е предвидено со ЗВО и Правилниците.
Дипломираните студенти и магистри на науки за свеченоста по повод доделување на нивните дипломи, се информираат покрај наведените начини на информирање и со писмени покани на нивните домашни адреси.
Промовирањето на докторите на наука го прави Ректорот на Универзитетот и информирањето за промоцијата е во рамките на Универзитетот.
Факултетот редовно информира за своите активности на својот профил на Фејсбук, и Инстаграм. Во однос на печатени медиуми, факултетот ја користи факултетската огласна табла, за да најнепосредно во просториите на факултетот ги информира студентите за сите прашања од нивен интерес.
Исто така, факултетот изработува брошура за информирање на студентите (информатор) / промотивна книга која ги содржи релевантните податоци за студиските програми, како што се наставните програми со број на ЕКТС кредити за секој предмет и друго ( Прилог 8.1.В. – печатена форма).

**Прилози**
Прилог 8.1.А. Листа на одржани саеми за последните пет години на Факултет за општествени науки
Прилог 8.1.Б. Извештај за спроведени активности и прес за присуство во медиумите
Прилог 8.1.В Брошура за информирање на студентите
Прилог 8.1.В Брошура за информирање на студентите

https://www.youtube.com/watch?v=Pp2tODL20Z8&t=330s
https://www.youtube.com/watch?v=WcFGTiu3di4&list=PLfpxf1lKrob8tnpKXezs7UYeZULoSlw9H
https://www.youtube.com/watch?v=rd-MvXEOlyE
https://www.youtube.com/watch?v=P882oFeYGn4&t=176s
https://www.youtube.com/watch?v=WcFGTiu3di4
https://www.youtube.com/watch?v=8EreCPDx6gc
https://www.youtube.com/watch?v=4aeB2QaDxvw

Веб страна на факултетот (линк. https://vision.edu.mk/fakulteler/psikoloji.)
Академски Календар (линк.. https://vision.edu.mk/21749312/controller/linksayfalaripdf/Akademik%20takvim%2023-24%20v12.pdf)
Акредитирани студиски програма за сите акредитирани циклуси на студирање со преглед на наставните предмети
Решение за акредитација на студиската програма „Психологија“ прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) :
https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/Psikoloji-Lisans23.pdf)
Решение за акредитација на студиската програма „Психологија“ втор циклус на академски студии-додипломски студии (240 ЕКТС):
https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/Psikoloji-Y.Lisans23.pdf
Решение за акредитација на студиската програма „Психолошко советување и усмерување“ прв циклус на четиригодишни студии :
https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/PS%C4%B0KOLOJ%C4%B0%20L%C4%B0SANS.pdf
https://vizyon.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/akreditasyon-belgeleri-bolumler/PS%C4%B0KOLOJ%C4%B0%20Y%C3%9CKSEK%20L%C4%B0SANS.pdf
Докторска школа
https://vision.edu.mk/fakulteler/klinik-psikoloji

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, |

| | |
|---|---|
| учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Факултетот за општествени науки има објавено податоци за своите активности, вклучително критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето и условите за учење кои им се на располагање на студентите, податоците за потенцијално вработување на дипломираните студенти и тие се: Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии), Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус на студии (докторски студии), Правилникот за вонредно студирање на Меѓународен Универзитет Визион, Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата,

Податоци за студиските програми кои ги реализира факултетот може да се најдат на веб страната на факултетот, во секцијата за образование, во делот втор циклус студии, каде се поставени податоци за стари и нови студиски програми од прв циклус, како и во делот втор циклус студии каде се поставени информации за студиските програми од втор циклус Студиските програми се донесени во согласност со Правилникот за донесување на студиските програми и може да се најдат на следните линкови: Факултет за општествени науки, прв циклус на студии, (https://vision.edu.mk/fakulteler/psikoloji), втор циклус https://vision.edu.mk/yukseklisansdersprogrami/psikoloji и трет циклус студии https://vision.edu.mk/fakulteler/klinik-psikoloji .
Критериуми за упис на прв циклус на студии се во веб страната на факултетот, во секцијата за образование, во делот за прв-циклус-нови студиски програми, и тоа во делот соопштениија во рамки на кои има секција за активни уписи каде се наведени сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критетириумите. Ова треба да се внесе на страната дополнително во делот на Соопштенија за студентите, задолжително за последната година.

**Прилози**

Прилог 8.2.А. Решенија за акредитација на студиска програма од прв циклус студии
Прилог 8.2.Б. Решенија за акредитација на студиска програма од вторв циклус студии
Прилог 8.2.В. Решенија за акредитација на студиска програма од трет циклус студии
Прилог 8.2.Г. Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 8.2.Д. Правилник за плати и надомсетоци од плати
Прилог 8.2.Ѓ. Финансиски план од претходните пет години
Прилог 8.2.Е. Финансиски извештаи од претходните пет години
Прилог 8.2.Ж. Наслови на одбранети магистерски трудови на Факултет за Општествени Науки во последните 5 години;
Прилог 8.2.З. Наслови на одбранети докторски трудови на Факултет за Општествени Науки во последните 5 години;
Прилог 8.2.Ѕ. Етички кодекс на Меѓународен универзитет „Визион“
Прилог 8.2.И. Етички кодекс за студентите на Меѓународен универзитет „Визион“

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Клучен исход од учењето е стекнување на кадар кој без какви и да било формално-правни пречки може да работи во реалниот сектор. По завршување на првиот циклус на психологија студии студентот се стекнува со диплома дипломиран психолог, по завршување на вториот циклус на студии студентот се стекнува со диплома магистер по психологија, по завршување на третиот циклус на студии се стекнува со диплома доктор од областа на. клинички психолошки науки во оваа насока за секоја единици.

**Прилози**

**Прилог.8.3.А.** Правилник за содржината и формата на дипломата и додатокот на дипломата и други исправи издадени од универзитетот.

**Прилог.8.3.Б** https://vision.edu.mk/fakulteler/klinik-psikoloj

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Во академската 2019/2020 година, одобрени се Еразмус проекти наменети за мобилност К101 и К107 и К131 согласно договорот 2018-2020 под број: 2020-1-MK01-KA103-077683, 2022-1-MK01-KA131-H ED-000060798 и 2023-1-MK01-KA131-HED-000126748.

Студентите на факултетот активно ги користат можностите за мобилност преку европската програма за мобилност Еразмус и Еразмус+ која функционира во рамките на меѓународната мрежа на општествени науки, студиска програма психологија. Податоците за учество на студенти - корисници на мобилност на факултетот преку програмата детално се презентирани во извештајот за Еразмус+ реализирани мобилности во последните пет академски години (2019/2020 до 2023-2024), дадено во Прилог 9.1.А.

На универзитетот е донесен Правилник за мобилност на универзитетот во странство и земјата (Прилог 9.1.Б). По одреден конкурс за реализираната мобилност од страна на студентите се доставува извештај до Еразмус координаторот на програмата. За мобилност и активностите реализирани со мобипноста се признаваат, најпрво со писмена согласност од страна на комисија за признавање на предмети која е оформена од страна на деканот со донесување со одлука на Наставно – научен совет на факултетот. Предметните наставници членови во комисијата за предметите кои студентот ги положил во текот на мобилноста, а потоа и со решение за еквиваленција на кредитите реализирани во мобилноста што го издава координаторот на соодветната програма за мобилност (Прилог 9.1.В.). Мобилноста на студентите е соодветно вреднувана. Тоа значи дека активности од мобилноста се наведуваат и во додатокот на дипломата на студентот (Прилог 9.1.Г.)

Факултетот соработува со повеќе Факултети од странство, а првенствено во рамките на Еразмус+ програмата од студиска програма психологија и тоа со: Универзитет Сакарија, Турција, Сакарија Универзитет за Применети Науки, Турција, Универзитет Тракија, Турција, Универзитет Усдкудар, Турција, Гелишим Универзитет Сакарија, Анкара

Сосјал Билимлер Универзитет, Турција, Фатих Султан Мехмет Вакиф Универзитет;Турција, Самсун Ондокуз Мајис Универзитет,Турција, Маниса Џелал Бајар Универзитет, Република Турција, Интернационалниот Универзитет во Нови Пазар ,Србија, Едуконс Универзитет, Србија.
Во летниот семестар на академска година 2023/2024 реализиран е проект за интензивна комбинирана мобилност на образовната програма (Blended Intensive Program) Erasmus+ K131 на тема „Влијанието на дигиталната трансформација со посебен акцент на платформите на социјалните медиуми во овозможување на ширење на говорот на омраза која траеше од 13 мај 2024 до 17 мај 2024 година каде што Меѓународен универзитет „Визион„ го водеше проектот како носител-координатор во соработка со Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност на Република Северна Македонија. Координаторите и студентите од Турција, односно од Универзитетот за применети науки Сакарја и од Универзитетот Ерзинџан Бинали Јилдирим, како и од Србија, односно од Интернационалниот Универзитет во Нови Пазар, се сретнаа со гостите од други европски земји. Наставниците и студентите од Факултетот имаат реализирано значителен број престои на наведените, но и на други странски Универзитети. Реализираните активности од страна на студентите на странски универзитети, Комисијата за признавање на испити им ги призна и постапува согласно Правилникот за мобилност на Универзитетите во земјата и странство (Прилог 9.1.Б.).
Имајќи го предвид начинот на прибирање на податоци кој произлегува од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар, студентите од трет циклус на студии остваруваат задолжителна меѓународна мобилност види Прилог 9.1.Г. - Правилник за меѓународна соработка на Универзитетот, под која се подразбира најмалку еднонеделен престој на студентот на универзитет или научна установа во странство во текот на докторските студии, што се потврдува со писмо, потврда, сертификат или друг вид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна на домаќинот. За реализираната меѓународна мобилност се изготвува Извештај, подготвен од студентот и одобрен од менторот, кој се усвојува од Советот за докторските студии и е дел од досието на студентот. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, за студентите од трет циклус на студии, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Меѓународен Универзитет „Визион". (Прилог 9.1. Ѓ.).

**Прилози**
Прилог 9.1.А. Податоците за учество на број на студенти корисници на мобилност на Факултетот за општествени науки
Прилог 9.1.Б. Правилник за мобилност на Универзитетите во земјата и во странство
Прилог 9.1.В. Потврда за положени испити еквиваленција при Еразмус Мобилност
Прилог 9.1.Г. Додаток на Диплома – Diploma Supplement
Прилог.9.1.Ѓ. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии Меѓународен универзитет „Визион"
Прилог 9.1.Д. Правилник за меѓународна соработка на Универзитетот
(Линк: https://vision.edu.mk/DUYURU)

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали- зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Развојот на меѓународната соработка и интернационализацијата на Факултетот се базира на Стратегијата за развој на Меѓународен универзитет „Визион" за периодот 2023-2026 година (Прилог 1.1.Б.). Факултетот има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализациија со бројни институции во согласност со Правилникот за меѓународна соработка на Универзитетот (Прилог 9.1.Г.) и Стратегијата за интернационализација на Универзитетот (Прилог 9.2.А.) Факултетот има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Индиктори за меѓународна соработка и интернационализација се: индикатори за меѓународна соработка во полето на науката (склучени договори за соработка со водечките научни институции; остварена соработка со научници од други држави кои

постигнале врвни резултати во својата област; проекти во кои се вклучени лица од водечките институции од државите-членки на Европската Унија и од Република Турција; број на наставниот кадар вклучен во меѓународни проекти; број на наставен кадар кој ги презентирал своите достигнувања пред меѓународната јавност), индикатори за меѓународни проекти (меѓународни конференции и меѓународни публикации), индикатори за меѓународна соработка во областа на наставата (мобилност на студенти кои доаѓаат, мобилност на студенти кои заминуваат во странство, мобилност на наставен кадар кој доаѓа, мобилност на наставен кадар кој заминува во странство, мобилност на ненаставен кадар кој доаѓа, мобилност на ненаставен кадар кој заминува во странство, заеднички студиски програми и студиски програми на англиски јазик) и индикатори за препознатливост на Универзитетот, информации на веб страната поврзани со мобилност, информации на веб страната поврзани со студиски програми на англиски јазик и информации на веб страната поврзани со меѓународни активности. Факултетот доследно ја следи политиката за меѓународна соработка и интернационализација, што се потврдува и со редовен Извештајот за следење на индикаторите за меѓународна соработка и интернационализација презентирани во годишни извештаи за работа на факултетот.

Како Универзитет членуваме во Здружение на Балкански Универзитети (Balkan Universities Association) и Алијанса на универзитети од Централна Источна Европа (Alliance of Central Eastern European Universities).

Согласно Статутот на универзитетот (Прилог 1.2.Г.) е формирана Комисија за наука и меѓународна соработка како постојана комисија (Прилог 9.2.Б.). Исто така, на ниво Универзитет е донесен Правилник за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови МУВ (Прилог 9.2.В).

Активностите кои факултетот ги реализира во домен на меѓународната соработка и интернационализација, се остваруваат во рамки на Програмата за работа на Деканот на факултетот (Прилог 9.2.Г.). Факултетот има цел да вложи напор околу, зголемување на бројот на интернационални партнери, зголемување на надворешната и внатрешната мобилност на наставно-научниот кадар на факултетот, поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар на факултетот и неговите студенти со меѓународните можности.

Во рамките на ниво на Универзитетот работи Канцеларија за меѓународна соработка. Организацијата и работата на Канцеларијата за меѓународна соработка се уредени со Правилникот за организација и работење на канцеларијата за меѓународна соработка на Универзитетот (Прилог 9.2.Д.).

Во Прилог 9.2.Ѓ. се дадени Листа на Билатерални договори со странски универзитети.

**Прилози**

Прилог 1.1.Б. Стратегија за развој на Меѓународен универзитет „Визион“ за периодот 2023-2026 година (

Прилог 1.2.Г. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“

Прилог 9.1.В. Правилник за меѓународна соработка на Универзитетот

Прилог 9.2.А. Стратегијата за интернационализација на Универзитетот

Прилог 9.2.Б. Комисија за наука и меѓународна соработка

Прилог 9.2.В. Правилник за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на МУВ

Прилог 9.2.Г. Програма за работа на декан

Прилог 9.2.Д. Правилникот за организација и работење на Канцеларијата за меѓународна соработка на Универзитетот (линк)

Прилог 9.2.Ѓ. Листа на билатерални договори со странски универзитети

Balkan Universities Association – BUA (http://www.baunas.org/)

Central-Eastern European Universities - ACEU (https://aceu-edu.org/)

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Факултетот за општествени науки располага со потребните финансиски средства за спроведување на меѓународната соработка. За таа цел, факултетот користи сопствени приходи и средства на ниво на универзитет. Во Прилог 9.3.А. е претставен Преглед на планирани и искористени финансиски средстав за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн). Главното финансирање за меѓународната соработка и интернационализација на Факултетот доаѓа од сопствените приходи. Во 2020 година, факултетот доби средства од Министерството за образование и наука преку објавен Конкурс за доделување на еднократна финансиска средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународна научно списание кое што е наменет за соработка и интернационализација на Факултетот за научно-истражувачка активност (Прилог 9.3.Б.).

**Прилози**

Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка за последните пет години

Прилог 9.3.Б.Барање за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во 2020

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Факултетот за општествени науки соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Исто така, реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Институтот реализира заеднички програми со странски универзитети. Мобилности на академскиот и административниот кадар и студентите на Факултетот за општествени науки, се остварува во рамки на потпишаните Еразмус+ договори меѓу МУВ и ЕУ универзитетите (Прилог 9.4.А.). На веб страница редовно се објавува ажурираната листа на важечки билатерални договори.

Дополнително, за да овозможи мобилност на своите вработени и студенти факултетот постојано ја проширува својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови ERASMUS+ договори, како и на други договори за меѓународна соработка.

Во Прилог 9.4.Б. се дадени индивидуални мобилности по конкурсот во рамки на програмата Еразмус+ Акција 1 и други форми на меѓународна соработка.

Исто така, во анализираниот период академскиот кадар на Факултетот за општествените науки учествуваше и во други форми на меѓународна соработка како конференции, мобилност и други видови соработки (Прилог 9.4.В.). Покрај тоа, факултетот вложи напор и врши иницијативи за соработка со други факултети во земјава и во странство, со цел на своите вработени и студенти да им отвори можности за вклучување во меѓународни активности и вмрежување.

На универзитетот се уште нема реализирано заедничка програма со странски универзитети.

**Прилози**

Прилог. 9.4.А. Листа на Еразмус+ договори

https://vision.edu.mk/21749312/controller/pdf_gallery/erasmus-doc/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%BE%D0%B3%209.4.%D0%90.%20%D0%9B%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%95%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BC%D1%83%D1%81+%20%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8.pdf

Прилог 9.4.Б. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународната соработка и Еразмус

Прилог 9.4.В. Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки

**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/litvanya-vilnius-universitesinde-vizyonun-katilimiyla-ozel-toplanti-gerceklesti

**Линк:https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-4-ulke-ogrencilerin-katilimiyla-5-uluslararasi-erasmus-**

toplantisi-duzenlendi
**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-insana-karsi-insanlik-disi-davranislar-saldirganlik-konulu-konferans
**Линк:** **https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyonda-uluslararasi-insan-haklari-paneli-duzenlendi**
**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-dan-3-istanbul-egitim-zirvesine-katilim
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ve-izmir-9-eylul-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-universitesi-izmir-de-uluslararasi-sempozyuma-katildi**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-ile-gazi-universitesi-arasinada-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi**
**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-balikesir-universitesi-ev-sahipliginde
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/kuzey-makedonya-uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kazakistan-in-miras-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi**
**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/kuzey-makedonya-uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kazakistan-in-miras-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzaland
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-erzincan-binali-yildirim-universitesi-arasinda-akademik-isbirligi-protokolu-imzalandi**
**Линк:**https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-5-doktora-savunmasi-gerceklestirildi
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-universitesi-kapadokya-universitesi-ile-akademik-isbirligi-protokolu-imzaladi**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/uluslararasi-vizyon-universitesi-ile-kayseri-universitesi-akademik-isbirligi-protokolu-imzaladi**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/vizyon-da-3-doktora-savunmasi**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/bursa-uludadag-universitesi-heyetinden-vizyon-a-ziyaret**
**Линк:****https://www.vision.edu.mk/haberler/19-uluslararasi-turk-dunyasi-kongresinde-vizyon-heyeti-k-makedonyayi-temsil-etti**

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.
Привлекувањето на наставници и студенти од странство се одвива на различни начини и програми. Поконкретно може да се истакне „Ерасмус+“ програмата за мобилност и Ерасмус канцеларијата, Активности на Канцеларијата за меѓународна соработка, Програмата за размена „Мевлана“, „Програма за мобилност на Турската дијаспора“, Програми на стипендии од различен тип, Правилникот на талентирани студенти, Можноста за пракса/стаж, Обуки (научни/практични), Меѓународни конференции/симпозиуми/ конгреси, Размена на наставен кадар со меѓусебни билатерални протоколи за соработка, се заедно овозможува систематски пристап на привлекување на наставници и студенти од странство.
Во Прилог 9.5.А. е дадена Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата на факултетот
Во Прилог 9.5.Б. е дадена листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови
Податоци за бројот на запишани странски студенти по студиска програма на студии од прв, втор и трет циклус на факултетот за општествени науки, област психологија во изминатите пет академски години (2019/2020-2023/2024) детално е дадена на Прилог. 9.5.В.

**Прилози**
Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата на факултетот
Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови
Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години (2019-2024)

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ**

проф. д-р Булент Дервиш,

(претседател, претставник на наставници)

доц. д-р Хава Шабан
(претставник на наставниците)

виш лектор, м-р Сунчица Трифуновска Јаниќ,
(претставник на наставниците)

м-р Јасемин Шабан
(претставник на студентите)

Елма Алијоска
(претставник на студентите)